СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 септември 1992 година

Скопје, септември 1992 година

**ДИСКУТАНТИНА I-ТО ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 49-ТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 3.IX.1992 година**


1. АБДИ ФАИК - 6
2. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 60, 66
3. АНДОНОВСКИ ГОЦЕ - 32, 36
4. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 2
5. АРСОВ ДРАГИ – 94, 97, 155
6. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 77, 85, 103, 131, 157
7. ДИМОВСКА ДОСТА - 43, 83, 84
8. ДИМИТРОВА РАТКА - 120, 123
9. ЃОРЃЕСКИ БОРКО - 86, 129
10. ЗМЕЈКОВСКИ БОРИС - 127
11. ИВАНОВ ИВАН - 97
12. ЈОВЧЕВСКИ ЦВЕТАН - 41
13. КОВАЧЕВСКИ СТОЈАН -1, 16, 22
14. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 16, 86
15. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 137
16. ЛАЗАРЕВСКА БИЉАНА - 103
17. МАНЕВ ЕФТИМ - 162
18. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 11
19. МЛАДЕНОВ ВАНЧО - 38
20. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 108
21. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 106
22. НИКОЛОВСКИ ЈОВАН - 82, 84
23. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 159, 160
24. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 121
25. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 55, 160
26. ПЕТРОВ ТОДОР - 36, 93, 152
27. ПРЕВАЛА ШАБАН - 57
28. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 163
29. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 76, 81
30. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 138, 144
31. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ - 35, 149, 153, 155
32. САДИКУ ФЕРИД - 37
33. СУЛЕЈМАНИ ОЛОМАН - 39
34. СПИРОВСКИ АЛЕКСАНДАР - 67, 85
35. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ - 79, 93, 156
36. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 148, 154
37. ТРПЧЕВСКИ ДУШАН - 26


ПРОДОЛЖУВА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Првото продолжение на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 3 септември 1992година

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1 со почеток во 10,40 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

Да продолжиме со работа.

За збор се јави пратеникот Стојан Ковачевски.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, по вчерашната расправа во Собраниево гласно размислував, зошто ние вчера расправавме. За зборот на новата Влада, за старата влада, овде која со мали исклучоци овде ја немаме, за претседателот на Републиката, за нашиот парламент овдешен, за земјоделските задруги по војната, за поодделни министерства итн. Јас мислам дека работите се јасни. Дали ние згрешивме или не. Ние сите без исклучок, с«те партии, сите пратеници се определивме на старата влада да и изгласаме недоверба. Следеше уставната шанса партијата ВМРО-ДПМНЕ со најголем број пратеници да го добие мандатот за состав на нова влада. Тој мандат е вратен. Вчера се кажа доста тука, се расправаше зошто и како. Потоа, мандатот е даден на партијата, Социјалдемократскиот сојуз и која обезбеди коалиција, обезбеди мнозинство во Парламентот за збор на нова Влада. Јасно беше дека на ВМРО-ДПМНЕ и е предложено и прв првиот мандат на Гошев и пред добивање на мандатот на Црвенковски да влезе во заедничка концентрациона влада со најголем број министерски места, процентуално на пратениците. И тоа е одбиено. Се предлага вчера имаме пред нас пратеници, всушност членови, предлог за членови на новата

I/2/пј/см

влада. Имаше пратеници кои што одбиваа да се стави на дневен ред Влада во која што не учествуваат пратеници, всушност, претставници на ВМРО-ДПМНЕ. Сметам дека овде пред нас два предлози. Еден е предлогот на Претседателството на Собранието да расправаме w да одлучуваме за новата влада според предлогот на мандаторот w предлог на некои пратеници односно целата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ како што тука вчера беше изјаснато и неколкумина други претставници од парламентот ко» што предлагаат точката да се одложи. Сметам дека треба и го молам претседателот на Собранието овие два предлога да ги даде на изјаснување пред Собран^ето, за да и н«е не се чудиме w народот да не се чуди за што впрочем ние расправаме.

Го молам претседателот на Собранието, ставајќи го на дневен ред да не поштеди од еден говорнички терор од оваа пратеничка говорница за што ние не само на оваа седница вчера, туку w пред тоа најмногу го губиме угледот како парламент пред народот, покажувајќи немоќ да составиме, да прифатиме дневен ред и да се фат«ме за клучните проблеми за работа, а денес дајте да расправаме за новата влада која што еве тука е во полн состав и спремна да се зафати кои што ни претстојат на сите и на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави господинот Абдурахман Алити:

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Почитувани пратеници, ние вчера на неколку наврати имав чувство и впечаток дека забораваме за што дискутираме тука. Ние дискутиравме по предложениот дневен ред од страна на претседателот на Собранието дали на денешната седница да се избере влада на Република Македонија. Требаше, главно да се задржиме врз тие прашања. Бидејќи тука имаше разни предлози кои може да се поделат според мое мислење во четири

групи ќе се обидам да кажам неколку зборови во врска со дадените тука предлози.

Првата забелешка беше ставена дали е во согласност со Уставот на Република Македонија што претседателот на Републиката на иста партија два пати го доверил мандатот. Јас сум должен да ви кажам одговор на тоа прашање може да се најде во членот 16 на Законот за влада, каде што вели: "ако во рокот утврден со став 1 од овој член кандидатот за претседател не успее да предложи влада или ако го врати мандатот постапката за предлагање да се повторува. Таа работа е направена и е повторена. Во врска со^-тоа мислам дека нема никаков друг аргумент кој што може поинаку да се протолкува.

Втората работа беше дал« изборот на Владата е во согласност со членот 10 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија. Јас дозволувам можност секој на свој начин да го чита уставот. Меѓутоа, не е упатно, не е добро инаку да се излезе на говорница да се чита така како што некој сака. Уставот, односно член 10 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија е сосема јасен. Тој зборува за: "Собранието на Република Македонија во постојниот пратенички состав, претседателот на Република Македонија Владата на Република Македонија продолжуваат да ги вршат функциите со права и должности утврдени со Уставот до одржување на новите избори". Тука ситуацијата е многу чиста. Што господо пратеници ако Владата се користеше со можноста дадена во Уставот да поднесе оставка. Дали ние ќе речевме не. Не  вие не можете да поднесете оставка. Затоа што по чл. 10 стои до нови избори. Изразот "До нови избори" не е кумулативен за сите овие, затоа што тие не се избираат на исто рамниште. Пратениците односно Собранието се конституира со непосредни избори. И тоа е една ситуација. Владата се избира во Парламентот и таа се избира и тоа е втора

ситуација. Претседателот на Републиката согласно Уставот на Република Македонија се избира со непосредни и тајни избори односно со тајно гласање. Бидејќи членот 10 од Уставниот закон има функција на премостување на дадената ситуација, на таа што постои и таа што се востановува со новиот устав, таа кажува дека овие органи додека на начин определен со Уставот повторно не се избираат, продолжуваат да ги вршат работите со права и должност утврдени со овој устав, со тоа што тоа во ниту еден момент не ја исклучува можноста тие кога ќе «м дојде времето да се изврши избор за нив. ко ова собрание одлучи да се распушти, ќе се распишат нови избори, а ако претседателот на Републиката, не дај боже се разболи, па станува неспособен да ја врши функцијата, мора да се изврши избор на нов претседател и ако Владата прогласи оставка, тогаш мора да се избере нова влада. Според тоа, овој аргумент отпаѓа со тоа што не е коректно од моја страна да велам дека тие што поинаку го читаат намерно тоа го прават макар што имаше примеси, јас не верувам дека одделни колеги тука не сфаќаат како треба да го читаат уставот, меѓутоа тоа намерно од политички и други причини го чинат и јас тоа го респектирам.

Третата забелешка беше дали Владата согласно уставот има потпретседатели. Мислам дека е тоа една од сериозните забелешки. Во уставот навистина нема потпретседатели на Влада, меѓутоа во уставот е речено дека организацијата и функционирањето на владата се уредува со закон. Во Законот за владата во член 4 многу јасно е кажано дека Владата има претседател и потпретседател. Според тоа и таа ситуација е сосема чиста.

I/5

Четвртата забелешка беше дал« на Македонија во овој момент w е потребно Влада составена од Болшевичко - албанска - Шиптарска коалиција. Ова, господо пратеници, не е правно прашање. Ова е политичка оценка. Ги респектирам сите тие мислења кои што тврдат дека на Македонија во овој момент и е потребно таква влада. Меѓутоа, многумина мислат спротивно, мислат дека токму во овој момент на Македонија и заради Македонија, пред се w на се е потребна таква влада, која што w пред својата јавност и пред граѓаните на Македонија се докаже дека оваа Македонија е одлучна во настојувањето да гради држава што ќе биде рамноправна заедница на сите граѓани што живеат во Македонија без оглед на националната припадност и со ист легитимитет да се појави пред Европа дека станува збор за една сериозна политичка партија односно на сериозни политички сили кои се одлучни во настојувањето да градат држава која што ќе биде татковина на сите. Тука, веројатно поради политички и други убедувања има и поинакви мислења. Тие мислења, исто така, треба да се респекти- раат. Меѓутоа, сите тие што мислат така треба аргументирано да кажат што и пречи на Македонија ако Владата е составена така како што се предлага. Мислам со некој сериозен политички аргумент да се излезе не со рекла - казала разговори. Тоа, главно, се забелешките кои вчера тука ги чувме и тоа е главно одговорот што на сите забелешки треба да се даде. Претходниот дискутант многу убаво рече ние тука денес можеме да разговараме на овие теми колку сакаме. Меѓутоа, дали политички е целисходно, дали е политички сериозно да разговараме,за теми кои што спаѓаат во доменот на политичкиот маркетинг во време кога мора да се конституира влада на Република Македонија врз која, навистина стојат сериозни задачи и на внатрешен, па и на меѓународен план. Во тоа име јас

ве молам да бидеме сите единствени во тоа дека треба да избереме влада. Тие што мислат дека оваа влада не чини, односно нема да чини, затоа што таа не може да не чини без да биде избрана и без да се докажува дека не чини, нека настојуваат со сите демократски средства, со ферплеј борба политичка да ја соборат w можеби од редовите на сојузниците ќе најдат дополнителни сојузници и за соборување на Владата. Меѓутоа, тоа мора да биде во рамките на и врз основа на со устав определена постапка..

**ФАИК АБДИ:**

Дами и господа пратеници, немав никаква намера да зборувам по ова прашаше, но слушајќи ги вчера дискусиите, критиките итн., доречените w недоречените работи овде од оваа говорница пред цела Македонија, па и малку пошироко, се одлучив денес да земам збор, Јас ќе земам збор, исто така кога ќе ја избереме Владата.

Прво, да кажам дека се сложувам да имаме таква точка на дневен ред. Мислам дека оваа говорница не треба да ја употребиме за да се пофалиме односно да си ги пофалиме партиите, дури да употребиме може познати познати или непознати зборови, јас верувам дека сит< што зборуваа овде, ќе бидат добри политичари. Ултралева страна,. ултра десна страна итн., не е добро тоа да се спомнува овде. Широките народни слоеви не слуша, народот не слуша  дури тие не ги разбираат тие изрази. Но, кога ќе ги видиме нашите политички претставници таму ќе ги употребиме тие работи. а дали комунистите имаат некои крила само свои ултралеви, ултрадесни нека се расправаат т«е меѓу себе, а не овде н«е тоа да го правиме. Мислам дека тоа не е добро.

Второ, за кое што сакам да кажам нешто е многу сериозно и многу важно, вие што сте македонци по род,на вас ви се обраќам, дали сте свесни и дали знаете дека пред некој ден се одржа конгрес на македонците овде во Скопје. Јас бев поканет да присуствувам на Конгресот. Господинот претседател на Конгресот Џон Битов ме поканат да зборувам. Овде има присутни луѓе кои што тогаш ме слушаа. Тие македонци што се од дијаспората спремни се да помогнат на својата матична држава Македонија, но од Македонија бараат многу сериозно однесување, многу сериозен пристап кон сите прашања како тоа што се прави на Запад. Па дури кажаа дека воопшто не е потребна којзнае каква филозофија во живеењето и во работењето, заради тоа што изнесување многу филозофии, тоа е од минато време. Еве, ќе одиме во една развиена земја во Запад, ќе видиме како оди работата, што прават w ние така ќе направиме и тоа е тоа, нема друго. За жал, изгледа не сме ги слушнале добро. Тие прашуваат ако инвестираме дал« нашите пари ќе бидат безбедни и ако инвестираат дали стопанството ќе се развие овде и ќе се продолжи по оној систем стар на неработење. М«слам дека ние сите прат^ме француски w радио » телевизија w вчера ако слушавте вести видовте дека има големи штрајкови во Република Македонија. Дали сакаме што поголемо незадоволство да сееме меѓу народот да дојде до некоја граѓанска војна, дали сакаме што повеќе гладни да има, тоа ли сакаме. Ова што го правиме овде, тоа што расправаме по четири или пет дена, за некоја работа која што може за еден или два саат да ја расчистиме, тоа 4 грев за оваа држава. Н«е утрово имавме претставници од најдалечниот континент Австралија, сакаа средби со одредени претставници на политички партии и кажавме што мислиме за Македонија. Ние бараме признавање. Никој нема право овде во

Парламентот да окриви некого, да го окриви претседателот, па дури и можеби и јас како да чув болшевикот Киро Глигоров. Така чув а можеби не е точно. Па цел свет го почитува, го респектира, како можеме ние да не се респектираме меѓу себеси. Ќе ви кажам една паралела. Јас овде зборувам за една парламентарна култура. Оној ден кога зборувавме дека треба да си оди Владата јас зборував дека ние не сме добри пратениците. Немаме парламентарна култура. Јас лично на никого не сум се обратил. Вие сте должен како претседател да воведете ред во оваа сала овде. Сакам да кажам дека вината е кај нас овде. Ние не знаеме да се однесуваме затоа треба да дојдат нови луѓе овде. Да дојдат нови луѓе овде, треба пренесување на влада на која ќе и ја довериме државата во тој период од 60 или 90 дена. Не сум правник, а ги респектирам сите правници, само знам дека правниците најповеќе "муќкаат", она што е најправо, можат криво да го направат. И тоа знам, нека ми простат правниците. Значи, треба да ги почитуваме нашите македонци од дијаспората и треба да оддадеме едно големо признание на нашиот претседател Киро Глигоров на нашата држава. Не е фер да се критикува таков човек, кого секој било каде што оди го респектира и го почитуваат. Впрочем, н«е на општа согласност не w дадовме доверба на Владата. Каков е тој двоен морал што овде излегуваме сега и кажуваме дека не треба да биде така. Дали ние сме такви јунаци. Таква ли е оваа Македонија. Дали така ќе останеме секој на своето. Не, така не можеме да останеме.. Ни се смејат комшиите. Поради тоа, ако рековме дека не и даваме доверба на Владата од икс причини, некои не критикуваа дека ја жртвувавме Владата за да не се жртвуваме себеси. Зашто овде има големи плати, а пензиите се мали и ќе живееме добро. Односно за да поживееме добро уште две години. Можеби луѓето имаат право.

Предлагам да прекинеме со дискусии, иако претседателот пред малку кажа дека секој има право да каже нешто. Меѓутоа, да престанеме со навреди, да престанеме со озборувања. Ако има нешто да кажеме за новата влада што ќе дојде што ја чека. Наместо да им дадеме голем респект на оваа господа овде што во овој момент се зафаќаат со вакви прашања, во ситуација во која нема пари кога ни опаѓа продуктивниот труд, кога ни опаѓа производството, кога немаме пласман, кога немаме нафта, немаме ништо, немаме лекарства, огромни штрајкови во цела Македонија и уште ќе има штрајкови, во таа ситуација се нафаќаат да бидат министри, влада да изнајде начин како да излеземе од оваа криза, ние уште и ги критикуваме. Јас и порано не зборував ништо лошо за Владата и сега и за оваа влада нема ништо лошо да зборувам, само ќе кажам што нас сите не чека како Парламент, како Влада, како држава. Молам, ако може овде некој да стои по половина час и да кажува незнам какви приказни дозволете јас да завршам со нешто. Можеби и ова е приказна. Вие слушавте некни на една конференција за штампа луѓето мене ме критикуваа. Правам една мала споредба, ромите, циганите националното прашање го решија, па викаат Фаик не чини. Како Киро не чини, кога тој ја претставува цела држава и тоа сите капа му симнуваат па пак не чини Киро. Во политиката знаете како се вика ако некој постојано овде зборува за комунисти за болшевици, тоа значи страв од тој комунизам, страв од тие болшевици. Нема ни комунисти ни болшевици. Затоа, треба да бидеме малку поширокоградни да расправаме за новата влада, да ја избереме владата, онолку гласови колку што ќе има гласови, а ако нема потребни гласови, нема што, се знае што станува, па на крајот на краиштата сите ќе си одиме од тука. Нови избори и готово. Само, дали нема да им биде срам во оваа ситуација да бараме

I/10

избори, се сеќавате нека ми прости господинот д-р од Штип со колку гласови во Штип е избран пратеник мислам 1600 или 1800 од 10.000 или 12.000 бирачи. Тоа значи дека луѓето нема да излезат на гласање. Не излегуваат затоа што луѓето живеат во беда и мизерија и немаат доверба во нас.

II/1.-лк/мл

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, јас ќе изнесам неколку забелешки со кои сакам да кажам постапувањето за изборот е неуставно од следните причини. Затоа, ве молам да ме сослушате внимателно во врска со истото.

Сите знаеме дека после довербата на ВМРО и после доверба- та на партијата на СДС повторно мандаторот направи една грешка со која ќе можеше најубаво да работи Владата и да нема сопки новата Влада, а тоа е, наместо што додели на ПДП-НДП шест министерства, да му доделеше уште три и непречено да можат да си работат со овој Парламент, да донесуваат полноважни одлуки и сите работи, а вака ќе му се ставаат повремено сопки, не ќе можат секогаш да надгласуваат и со тоа најправилно ќе беше мандаторот да размислеше за правилно работеше на оваа Влада дека е потребно уште три министерства за да може ПДП-НДП да работи нормално и без никакви сопки од овој Парламент и од Владата тоа го тврдам со следното. Јас не ги обвинувам никогаш ПДП-НДП, тој што го има ова и бара да го има она, зошто не може да го добие? Видновен е тој што ќе дозволи да ги има другите работи. Ве молам, сега кое име ќе го носи оваа македонска Влада? Шест министерства! Мудрото раководство измислува многу паметна работа и паметниот мандатор! Еве, од каде го тврдам ова истото.

Уште кога дозна народот во Битола дека на ПДП-НДП им се дадени толку министерства веднаш почнаа да креваат глас и да велат дека не треба да се врати крстот на часовникот затоа што ќе се нарушела историската и културната вредност. А зошто истите тие не бараат, кога се собори истиот крст 1945 година од УДБА и болшевизмот. Ете го каде е болшевизмот, но тогаш сечеше глави УДБА и никој не смееше да гркне,

седеа мирчи, го извадија краток, никој не рече зошто го извадија крстот. Сега ние не ставаме нов крст, го враќаме стариот на истото место и било грешка, се нарушувал историскиот и културниот развиток. Еве ги другите работи. Исламот веднаш се крена и Селам Селими, зошто тој Селам Селими не се крена кога комунистите го рушеа покрај крстот и конзулскиот споменик на Битола? Ќе ви покажам фотографија на Битола, Старата чаршија дека сето околу часовникот беше чаршија, дуќани и дека на тој часовник стоеше крст и порано, а не сега. Еве ја таа слика, молам камерата да го изостри објективот и да го фати убаво крстот во Старата чар- шија. (Ја покажува сликата). За ова е барано да се објави на телевизија и во "Нова Македонија" но тие не го сторија тоа само напишаа дека неправилно се вади петократа од часовникот.

Исто така, во вчерашна "Нова Македонија" пишува дека се отпочнува со продавање на имотите и куќите во Тетово и тетовско. Дали не е истото сценарио и дали не продолжува истата политика од 1945 ч 1947 година. Во таа година беа направени сите чистења на македонските патриоти и отстранување од сите државни раководни функции испратени во недоглед и коч не се вратени и досега. Дали не се стори истото сценарио сега кога после дискусијата на Блаже Ристевски веднаш се прекиина Парламентот со мала пауза и Реформските сили веднаш дојдоа со нивен список за недоверба на Владата, неможејќи да ги издвојат личностите што требаше да бидат отстранети сами, мудрото раководство измисли цела Влада па потоа им кажа на тие што треба да останат и на гласањето за довербата на Владата шест лица беа загајлени, ако сакате ќе прочитам кои се тие, а сите останати се смееја и беа со ведри лица бидејќи знаеја не берете гајле, вие ќе си останете во Владата. Ќе ги прочитам ако треба, ги знам. Тоа се: Кљусев, Блаже, Лепавцов, Нумов, Грозданов, Треневски и Ченто. Сите

патриоти кои беа за македонски народ се отстранети и се носат луѓе на старата комунистичка партија да продолжат со истиот метод на работа.

Уште еден пример од истото. Со единствениот легален из- бор на Васил Тупурковски за член на Федерацијата и до нејзиното постоење, со распаѓањето на Федерацијата се врати во овој Парламент, беше избран за специјален пратеник, испратен во Америка, како што правеше Сталин - прати некого некаде, разреши го од функција. Го испратија Васил Тупурковски за да се отстрани од политичката сцена и без да му се даде можност да се искаже во овој Парламент зошто беше испратен и зошто беше разрешен. Еве го истото сценарио о 1945 година кое продолжува и натаму.

Јас сметам, а и порано ви велев дека силата не лежи во топузот. Еден ден кога да е, иако бавно, тивка река брег рони, секој што трча додека не потрча силно не може да се сопне да падне, дури оди по кроце не паѓа ама кога ќе се затрча ќе падне. Така и овие, насилно, ќе дојде падот силен и не ќе знаат потоа каде ќе се најдат во ова општество.

Уште еден пример за манипулација на ваквото сценарио. Дали после прекинатата седница господинот Ханџиски стана на оваа говорница и рече - добро ако се согласувате да го ставите на грбот лавот како симбол на партијата, ние како земја да го прифати- ме, ама вие зошто го носите тој; лав. Дали беше јавно речено дека ние ќе го отстапиме ако се изгласа. Затоа се прекина седницата, се закажа седница на Уставната комисија, најдоа консензус, се согласија да се донесе, господинот Тито Петковски не сакаше веднаш да се почне, ајде за вторник, ајде за среда, ајде за ова, тоа значи дури се изманипулира, додека да дојде ова да се избере Влада и да речат - веднаш зедоа сила, нема признавање на грбот. Во старата  Влада велеа, ќе

го признаеме, како ќе биде. Значи, еве уште една вистина дека сакате да се манипулира со овој македонски народ она- ка како што е старото сценарио и не сакате да се иставите од овие места за да не се откријат многу, многу тајни до сега.

Вчера во дискусијата се нагласи дека се се ограбува стопанството, не можеме да чекаме. Зошто вие барате трага, кога волкот е тука. Ние одиме - ееее, држте го волкот, а тука е волкот. Кој е тој што го ограбува стопанството? Ако сум јас, речете ми мене дека го ограбувам стопанството. И со колку го ограбив јас тоа сто- панство? Дали не е ограбуваше со фиктивни и лажни акции и затоа системските закони се пролонгираат не се донесуваат се додека се ограби ова стопанство, да станат тие сопственици и затоа колку пати овде веќе се барало да се донесат системските закони за приватизацијата, за денационализацијата кои само се одлагаат. А само за ова нам ни се брза да се формира!" Каде оди ова стопанство. Дали ние побаравме во железницата одговор? Дали тоа не е ограбување и зошто не е одвоена железницата? Намерно одат средствата во Србија, еве од кои причини. Транспортен вагон Суботица – Скопје - Битола чини 4 илјади динари. Со промената на нашата валута со односот со нивната беше 3:1 и 4:1. Тоа значи кога треба да се плати ако чини 4 српски, ние требаше илјада динари да платиме, а истиот тој господин го пресметува денар за денар со српскиот и три незаконито одат. Ќе ви докажам јас после кога ќе се прави ребалансот колку стопанството е оштетено. Можеби само "Јавор" Битола е оштетен со 60 милијарди денари со такви пресметувања на вредноста на денарот, Каде е ОХИС, Железара ч другите и уште се продолжува со тоа, кога скратија една нула ч почна да; станува рамномерен динарот, измислија друг метод на европските мерки и кај нас го пресметуваа со курсот на марката, кај нас беше 360, кај нив беше три пати поскапо и пак на нашиот

II/5.-

курс преведуваме пари, наместо 4, сега шест пати повеќе пари пуштаме за истиот вагон што чини. И бараме пари, пари немаме за општествените дејности! Еве каде се парите, а никогаш не ги промучкуваат главите оние што се одговорни, туку - само Владата, Владата, дај да бидам јас министер и да видиме кој ќе дојде друг министер во Владата.

Побарано беше за штедачите. Дали тоа не е грабење. Мили- јарда динари се ограбени само од Битола. Ние побаравме овде во Парламентот да се достави списокот на лицата кои подигале девизи во периодот на забраната. Зошто тоа се одби? Велите дека тоа е тајна. Ние не бараме да видиме колку штедачите имаат туку кој го прекршил Законот, а тоа не го сторивте. А и за тоа имам документи да ви докажам, вие сите тоа го знаете. Подигнати се 5.600 франци и 28 илјади марки. А зошто сега на овие немаме да им дадеме по 200 марки за лекови и тоа на оние кои живеат од тоа.-Кои се тие, ако сакате ќе ви кажам. Еве, вие господине сте (му са,обраќа на господинот Љубосав Иванов и покажува некое списание). Еве го, што се криеме, трагата ја бараме од некои крави,а кравите се овде.

Потоа во составот на Владата многу паметно постапи мандаторот, многу политички, многу итро и пак заборави дека Битола постои во оваа Македонија. Како не најде ниеден да земе од Битола како град со сите економски, образовни и стопански дејствија. Барем еден беше предвиден, некој си Јосиф како министер за правосудство и него го избришавте. Јас не барам од мојата партија, но дали немаше комунисти во Битола, дали немаше реформисти во Битола? Дали само нункото твој за министер тука да биде. Според тоа, предлагам Парламентот да не се заблудува со овие приказни што ги кажа докторот за молитви. Молитви само за во црква, а оваа говорница е за искажување на факти овде, а не за молење. Молење во црква!

Според тоа, барам да биде времено одложено изгласувањето на оваа Влада и по можност барам да биде застапена и Битола во составот на Владата. Зошто се исклучува тоа.

**СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ:** (РЕПЛИКА)

Молитвите и господ овде најповеќе се споменувани од партијата ВМРО-ДПМНЕ. Од нивна уста е слушнато овде дека и господ го донесе претседателот Киро Глигоров, своевремено. Меѓутоа, тогаш не кој им веруваше дека тие постојано докажуваат дека се поблиску до господа. Меѓутоа, што станува сега, какви се напади трпи претседателот на Републиката? По се изгледа, ако вака се продолжи, еден ден и господ ќе биде нападнат ако лидерот Љупчо Горѓиевски смета дека и господ му смета.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани дами и господа, иако е втор ден, меѓутоа ќе си го искористам своето право да кажам нешто околу составувањето на дневниот ред и на самиот почеток да истакнам дека не се согласувам со таков дневен ред и ми е жал навистина...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, господине Мицевски, седнете вие, за да зборува господин Котевски. Вие имавте прилика сега да зборувате, дајте им и на другите.

Господине Котевски, извинете ве молам, продолжете.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Мислам дека не ќе имаше толку потреба неколку дена да се дискутира ако беа работите канализирани, ако во оваа Република Македонија барем со овие политички партии се направеше некаков меѓусебен компромис, но тоа што е евидентно, евидентно е тука и не

можеме да бегаме од реалноста. Јас и порано имам дискутирано овде дека ние навистина му се смачивме на народот, и денес да си одиме нема за ниеден да жали. Но, што правиме, судбината таква е, јас навистина ги жалам и овие нови министри што треба да се изберат што еве два дена изгореа во вратоврски и костуми подготвени за да кажат некоја своја беседа овде, но ќе мора да истрпат уште денес и евентуално утре, ако има доволен број дискутанти.

Пред сите нас е уште еден голем предизвик, уште една психолошка траума и едно горчливо вкусување во стилот и духот на македонското традиционапно јадеше македонска попара заблажена атеистички со мудрата политика на оспорениот легитимитет на претседателот на Републиката.

III/1 ДВ/НД

**ГОРГИ КОТЕВСКИ**: (Продолжение) '

Ќе ми допуштите, се разбира уште на самиот почеток да кажам дека ова не е моја констатација, туку позајмена и во моментот само искористена како аргументација пред јавноста. Всушност за што станува збор.

Едноставно оваа недвосмислена вистина беше истакната во овој Парламент пред сите нас и пред јавноста и тоа од страна на СДС т.е. во предлог - иницијативата во образложението, одржување на предвремени избори во Република Македонија за овој месец септември. Токму за овој месец септември беа предвидени. Каква коинциденција. Од друга страна тоа значеше дека неуставно избраниот претседател на Република Македонија на непосредни општи избори со тајно гласаше во никој случај не може да одговори на новите уставни задолженија. Од трета страна со неговата лично персонална претседателска влада која ја нарекол компетентна или експертска не успеал одговорноста да ја префрли непосредно дури и директно на една партија победничка или коалиција, туку таквата влада била сечија и ничија, како општествената сопственост во социјализмот, на секој и на никој.

Сосема логично оттука, произлегло дека целата одговорност паднала врз претседателот на Републиката кој бил диктаторска палка број 1, а воедно тука бил и каменот на сопнување, во македонскиот парламент неефикасност, неодговорност и нереагирање на потребите на времето и приликите. Со еден збор претседателот на Републиката направил таков претседан според кој во никој случај не можел да ја одбегне грижата на совеста и во тој контекст и севкупната лична одговорност за состојбата во Македонија на политички, социјален економски, меѓунационален план итн. Меѓутоа, за да биде уште поголем по неуспехот на оваа иницијатива за

Предвремени избори на СДС и неуспешното гласање овде од наша страна,за брзо време, малку потоа истиот тој СДС на чело со својот лидер и сегашен мандатор изјавува дека претседателот на Републиката е најголемата инвестиција на СДС. Чинам дека за сето ова што го изнесов погоре како туѓа изјава и туѓа констатација во основа зборува за непобитен факт и вистина од која не може да се бега, а тоа е доказ повеќе за моралната ерозија, за не постоење на елементарна основно - политичка култура и декадентно однесуваше.

Кога на дело очигледно против претседателот на Република Македонија се изнесуваше неговата партија за која впрочем самиот тој ја злоупотреби институцијата претседател за изборот на пратеник на СДС во Штип во македонскиот парламент јас како претставник на ВМРО-ДПМНЕ немам никаква дилема. Бидејќи спаѓам во непослушните не сум предвиден за некое конзуларно претставништво или бирократско место, сакам да укажам јасно и гласно дека се согласувам со тврдењето на СДС, но не и со нивната игра, спуштање по нивното гнило јаже. Моите согледувања се следните.

1. Жртвувањето на Владата во ваков момент клучен и одговорен во моментот кога заживеа антиинфлационата програма и се стабилизираа барем на некој начин за почеток економските и монетарните текови, произлезе поради непослушноста кон семоќниот и профункционира кој знае по кој пат мистериозниот македонски бермутски триаголник. Казната веднаш ги стигна непослушните и нелојалните т.е. македонски ориентираните први личности на Владата, Никола Кљусев македонскиот колк, така го нарече претседателот на Републиката, во свое време се сеќаваат баравме колку време за претседател на Влада а претседателот кажа дека ние имаме. Ристо Јованов се обрати, треба ли колку треба ли

некој во таа димензија, во таа вистина. Претседателот беше јасен, имаме таков човек и токму таков беше избран Никола Кљусев, кој рака на срце, Никола Кљусев кажа голем збор во Парламентот. Убијците седат во Парламентот, но него го уби сопствениот збор зошто зборот е куршум во целта.

2. Потпретседателот Блаже Ристовски настапи красноречиво донекаде романтичарски, заносно и патетично, но заради невнимателно Јудиниот бакнеж упатен кон претседателот, заврши немудро без да стане светец на оваа света македонска библиска земја, што се може. Претседателот направи лет во место, тука му бил крајот ва: да се врати одново на почетокот.

За да се оправдаат донекаде гевовите направени врз македонската млада демократија од страна на потпретседателот со недовербата кон Владата се отвори нов пат за корекции во согласност со изборните резултати. Тоа е свесно и тактички и да се избегне одговорноста и да се насочи јавното мислеше кон формирањето на новата влада, да се заборави се што се кажа на четиридневната седница во овој Парламент одржана по повод оставката на министерот за односи со странство и непризнавањето на Македонија од страна на ЕЗ. И се ќе беше во ред ако преку ред и преку кршењето и пречекорувањето на уставните одредби не се дадеше мандатот на двете фракции, на двата лидери моментно кои постојат во СДС. Првиот македонски ориентираниот ќе беше премиер, но мораше да биде соочен со стапицата која му беше поставена за тотално политичко и кадровско уништување, еднократна употреба. Свесен за тоа по втор пат ставен во големо политичко и човечко искушение ја избегна спремената казна заради македонската ориентација.

III/4

3. Сепак играта не завршува тука. На сцената е повторно кршење на одредбите од Уставот. Неуставниот претседател доделува по трет пат мандат, по втор пат на својата мила и неодолива партија. И овој пат одговара на уставните задолженија, но пак преседан за да го додели мандатот на вториот лидер, на втората фракција во СДС. Какво чудо и како стои. Од една страна сме зелени, така не се прави држава, овде истакна претседателот на Републиката во една своја беседа од друга страна се доделува мандат што наликува на јагурина. Контрадикторност и демагогија до бесвест а за паметните аналитичари и способни пратеници кои низ слика, тон, задкулоарски преговори, разговори го следат овој Парламент уште од првиот ден и овој ден и оваа моја беседа не е ништо чудно и нелогично, власт по секоја цена. Тој е нарцисоидност и диктаторско его.

4. Недвосмислено е дека Македонија има своја влада, макар и со изгласана^доверба. Уверен сум дека избирањето на нова Влада денес е апсурд неможно и противуставно. Претседателот на Република Македонија е одговорен за кршењето на Уставот и законите во вршењето на своите права и обврски според член 87 од Уставот на Република Македонија. Во колку се случи ова што не треба да се случи денес лично со мојата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ ќе бараме донесување на одлука за предвремени избори.

5. Сепак според се, според сите овие невидени игри, недоследности и несериозен пристап кон државните интереси, имам впечаток дека претседателот на Републиката, претседателот на Собранието, министерот за односи со странство, министерот за внатрешни работи, двата Црвенковсци и се разбира ништо без Тито можат без Влада,без Парламент и други институции на власта да ја вознесат Македонија до најголеми

висини зошто од подземјето нивно ехото се слуша дури до височините. Всушност господа тоа е мистичната Македонија. Меѓутоа, за добро на сите и да бидеме сите, ве уверувам сите лично и себеси дека треба и мора да се изврши демистификација на македонската држава и на македонската постоечка власт. Нови избори.

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, би кажал неколку збора зошто не сум согласен за овој дневен ред што е предложен за денеска.

Претседателот на Република Македонија ја злоупотребува својата функција и го крши членот 90 од Уставот на Република Македонија со тоа што му го доверува мандатот за состав на новата влада по втор пат на човек кој припаѓа на таа партија, која мандатот еднаш го врати. Што тоа значи? Значи по секоја цена власта во Република Македонија треба да остане во рацете на бившите комунисти т.е. партиите од левиот блок.

Владата што ја нуди мандаторот е истовремено и стара и нова, бидејќи седум министри од старата експертска и партиски неопределена влада.

Иницијаторите за уривање на оваа влада дадоа образложение за гласаше на недоверба на Владата нејзината непартиска припадност односно непостоење нејзина политичка одговорност. Сега како наследници на експертите се вброени во новата влада досегашни министри.

Ако е вистинска определбата за партиска влада а би требало да е лошо е да се заобиколува вистината. Јас го кажувам заобиколувањето на вистината затоа што ми е незгодно да кажам министри лажат. Лажење од

некоја користољубивост.

Дека одделни непартиски министри партиски сега се определија за да останат на власт. Тогаш е илузорно тие луѓе да имаат доверба кај народот бидејќи брзо се менуваат. Можеби тие повторно ќе ја сменат партиската боја ако затреба при евентуален нов избор на Влада.

Да ве потсетам на еден од бившите министри а сега кандидат во новата влада, министерот за надворешни работи. Своевремено, овој министер даде оставка која требаше на првата наредна седница откако поднесе оставка да се разреши. Оваа оставка ниту се разгледа, ниту министерот се разреши, а сега повторно неговото име се најде на листата на новата влада, предложен од коалицијата, а знаеме која е коалицијата.

На седницата кога се изгласа недоверба на Владата, потпретседателот Блаже Ристовски добро ни- објасни што дотогашниот министер мислел за самостојноста на Македонија, па не е на одмет пак да ви го цитирам. Самиот министер Малевски велеше дека е сентиментално врзан со југословенството во кое растел и заедништвото во кое се развивал. Тој е за сојуз на суверени држави, а самостојност само без него. Повеќе пати повторувал дека по признавањето ќе се повлече, па затоа не случајно има депонирано оставка кај премиерот.

Што се однесува за името на Македонија на седницата на Владата тој ги убедувал дека името Македонија треба да иде на компромис, дека треба да се прифати некоја друга формулација, па макар и бивша Југословенска Република Македонија. На сето ова кажано досега не е дадено објаснување и демант од господинот министер кој присуствуваше на таа седница. Еве драги пратеници каков министер пак ќе избереме што се моли за

самостојност на Македонија а моли бога да не дојде до нејзиното признавање.

Сега би се осврнал на старо новиот министер за образование физичка култура Димитар Бајалџиев. Некако несериозно од негова страна ни вчера ни денес не е тука присутен а за него ќе се зборува. Тој многу лесно ја прифати министерската фотелја во бившата Влада иако имаше пред неговото доаѓање две оставки на таа функција. Два доктори на наука Саво Климовски и Димитар Димитров во моментот кога ескалираше албанскиот национализам и сепаратизам поддржуван од мудрото републичко раководство. Тие два министри тогаш дадоа оставка. Затоа пак министерот Бајалџиев лесно ја прифати функцијата и се стави во служба на политичките партии на ПДП-НДП. Тој не ги почитува меѓународните конвенции со кои се регулира наставата на јазикот на малцинствата во една земја. Би ја споменал декларацијата за правата на човекот на ОН и Конвенцијата за борба против дискриминацијата во областа на образованието. Според нив Македонија не е обврзана да создава паралелно образование и да прави било какви отстапки во оваа насока. Така ако се спореди ова што е пропишано со меѓународните конвенции за човековите права во светот и она што припадниците на албанската националност ја уживаат во Република Македонија, произлегува дека тука им се овозможени далеку поголеми права. Токму затоа нивните апетити стануваат се поголеми а министерот несебично им помага.

Во многу училишта со албански паралелки педагошката евиденција се води само на албански јазик. Остана вчудовиден Зеф Морис, експертот по прашања од областа на образование на Велика Британија кој ја посети нашата Република во јули оваа година. При разгледувањето на дневниците утврди дека евиденцијата во албанските паралелки се води исклучиво на албански јазик. Се изненади кога виде како се овозможува настава на

албански јазик кај ученици што не го познаваат тој јазик, случајот со село Дачишта - Кичевско. во неколку прилепски села каде се овозможува да се води настава на турски јазик. Што значи тоа. Тоа значи асимилирање"на македонскиот народ со благослов на министерот за образование и тоа од страна на малцинства што е единствен случај во светот. Исто така, ги легализира диво отворените средношколски паралелки на албански јазик кој подолго работат во Кичево, Куманово, Струшко и Скопје. Во јуни оваа година беа задоволени барањата на родителите на учениците - албанци и во свидетелствата покрај името Скопје да стои и Скупи со кое започна да ги менува и топонимите. Отвора исто така нови паралелки на албански јазик во средните училишта. Сведоци сме во последно време рапидно се зголемува бројот и во средно медицинското училиште во Скопје и во Трговското училиште и во Економското училиште, исто така во Училишниот центар во Тетово Моша Пијаде итн.

Ќе посочам само дел од многубројните писма, петиции и барања од страна на наставниците од дебарските училишта упатени до министерот. Досега зборував за Тетово а сега ќе кажам за Дебар. За тоа тој не преземал никакви мерки. Во нив тие пишуваат дека учителите македонци и македонскиот народ се чувствуваат како да се наоѓаа под окупација и дека за нивната судбина решаваат челниците на ПДП и НДП кои се наоѓаат на сите одговорни функции во училиштето.

Над македонскиот народ се врши геноцид. Го земам за пример Училишниот центар "Здравко Чочковски" од Дебар кој се состои од 26 паралелки од кои 14 се на македонски наставен јазик и 12 на албански.

IV/1 /РД/ОМ

**КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ:** (Продолжение)

Вкупен број на наставници е 51 од кои само наставници се македонци. Бројот на албанските наставници што предаваат во албанските паралелки од година во година расте. Што значи се врши асимилација на македонскиот народ во неговата татковина.

На крај само да споменам како се прославувал 24 мај денот на светите браќа Кирил и Методија, школскиот празник во Дебар оваа година. Тоа е се за времето на нашиот министер Димитар Бајалџиев. Во рефератот ниту со еден збор не биле спомнати оние свети браќа просветители. Рециталот што го извеле учениците на македонски јазик траел 7 минути и бил за цело време исвиркуван. Рециталот затоа пак на албански јазик траел 40 минути и во него доминирал повикот за борба , да се гради она што започнале на Косово, величење на албанските поети , споменување на Дебар и Пешкопеја во Народна Република Албаника како една целина и слично.

Сега би кажал уште нешто, јас се надевам овој дневен ред коалицијата ќе успее да го усвои, ќе биде изгласана исто и новата Влада,па затоа многу честитки на таа нова Влада, многу честитки ќе дадам и до гласачите од Парламентот, што ќе овозможат да се избере ваква Влада, а исто многу честитки и на избирачите што овозможија такви пратеници да дојдат во овој Парламент кои ставиле по едно каменче во големиот мозаик на македонското самоуништување.

**ДУШАН ТРПЧЕВСКИ:**

Почитувано Претседателство, почитувани дами и господа. Има многу работи со кои не можам да се согласам како пратеник на овој Парламент, во однос на составот на новата Влада од страна на мандаторот на СДСМ господинот Бранко Црвенковски. Оваа Влада фактички преставува

коалиција на сите парламентарни партии, но не и од партијата ВМРО-ДПМНЕ, а воедно ги нема застапено и нејзините независни пратеници.

Со ваков состав сакаат новата Влада да ги припреми и организира новите избори по своја мерка и заедно со ПДП НДП подготвува национално предавство на македонскиот народ.

Имињата на предлогот за состав на новата Влада на Република Македонија од страна на мандаторот господинот Бранко Црвенковски ни се доставени и познати како на нас, така и на македонската јавност. Бројчаниот состав на партиите би ги изнел и тоа од страна на СДС 11 члена од страна на партиите ПДП и НДП 5 члена , од страна на Рефорските сили либерална партија 4 члена, од страна на Социјалистичката партија на Македонија 1 член и наводно како еден кандидат предложен од сите партии кои учествуваат во формирањето на новата Влада. Значи, што е многу, многу е од страна на СДСМ, присутни се 11 члена, а згора на тоа и премиерското место, а најмалку 3 клучни места во новата Влада и тоа Министерството за внатрешни работи, Министерството за правосудство и управа и Министерството за одбрана што значи, партија застапена во Парламентот со 31 пратеник да има 50% членови во новата Влада и тоа покрај премиерското место, како што спомнав понапред и 3 клучни места.

Кај другите партии застапени во новата Влада отпаѓаат останатите 5о% од членовите и тоа не толку важни места. За ПДП НДП 5, за Реформските сили либерална партија 4 и едно место за Социјалистичката партија и по еден кандидат предложен од сите партии.

Овде беа изнесени неколку дискусии вчера и денеска од мојот почитуван колега д-р Стојан Ковачевски . Дека на мојата партија ВМРО ДПМНЕ дека не и е предложено и учество во однос на таа концентрациона Влада што ќе биде составена во иднина.

IV/3

Меѓутоа, јас си поставувам прашање, а веројатно и вие како може една партија која што има најголем број пратеници во овој парламент во еден ваков концентрационен состав да има помалку или еднаков број на места застапени во новата Влада. Во тој случај, како што е и овде, партија со 31 член на Парламентот да има 50%, а кога ќе дојде и нашата партија, тогаш колкав број да речеме, на министер- ски места во идната Влада би ни дале. Мислам дека ако СДСМ мисли во однос на составувањето или на коалициона Влада со нашата партија или пак оваа концентрациона Влада, тогаш би требало да се договориме односно да си поделиме места на една фер основна база. Меѓутоа, ни во првиот состав, односно во првиот мандаторски период кога бил од наша страна за ВМРО-ДПМНЕ не е ништо направено, ниту пак дури и сега не е кажано колку места, кој министерски места итн.

За споредба би сакал да го изнесам и ова: Кога мандаторот од страна на ВМРО-ДПМНЕ предложил коалиција со СДСМ тие најпрво се согласиле со поделбата на министерските места, по многу поправилна распределба, со подеднаква бројчана застапеност на министерските места По неполни два часа, меѓутоа,СДСМ ја откажува коалицијата со ВМРО- ДПНЕ, дека не се согласува со таква распределба.

Понатаму, давањето на повторно мандаторство на иста партија на СДСМ од страна на господинот Петар Гошев како мандатор и тоа после поминување на рокот на 25 дена претставува голема грешка од страна на претседателот на Република Македонија Киро Глигоров, што овој парламент не смее да ја одобри, бидејќи ќе дојде во судир со парламентарната демократија. Претседателот на Републиката Киро Глигоров ред е барем сега да каже што не чинеше на оваа Влада на која и е изгласана недоверба, која се наоѓа во оставка, бидејќи таа беше негов продукт, како експертска Влада што многумина и вчера и денеска изнесоа.

Значи таа Влада составена од поголем број министри вона партиска, таа да си оди од сцената без да се каже еден добар или еден лош збор за неа, не е убава постапка. А кога се однесуваше за интерпелацијата на министерот за односи со странство д-р Денко Малески, барем најголемиот дел од излагањето на претседателот на Републиката се однесуваше во одбрана на неговата лична оставка. И како што ќе речеме сега, како што и други рекле, на листата на кандидатите на новата Влада на местото на министер за односи со странство се наоѓа министерот, со своја лична оставка, д-р Денко Малески кој поради протест на Лисабонската Декларација од 27 јуни 1992 година, за непризнавањето од страна на ЕЕЗ, на Македонија, сега повторно да биде предложен за член на Влада на исто место како порано, просто несфатливо, иако во образложението од страна на мандаторот Бранко Црвенковски претставува предложен и подржан на листата на кандидатите од сите партии кои учествуваа во составувањето на новата Влада.

Понатаму би сакал една друга забелешка да му ставам на претседателот на Републиката. Дали и е понудено и наѕ партијата на ВМРО-ДПМНЕ, повторно од страна на претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров да образува коалициона Влада, како што тоа беше во овој случај направено со партијата СДСМ. Тоа не е направено и тоа укажува дека ВМРО-ДПМНЕ и овој пат е изигран, како што беше изигран и на почетокот при формирањето на повеќе партискиот парламент, кога беше избран претседателот на Собранието, во договор со сите три партии ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ, односно поранешните комунисти и Либералната партија. Поготово дојде до израз уште поголемо расцепување кога беше предложен и избран претседателот на Републиката, и тогаш не изиграа, а поготово кога требаше да се формира Влада од страна на партијата ВМРО-ДПМНЕ кога нашите предложени четири кандидати за премиерско место, просто несфатливо беа изигрувани и кажувано е дека тие не се соодветни,

IV/5

а наводно тогаш предложениот Никола Кљусев е соодветна личност за состав на нова Влада. Според тоа, и тогаш и сега ВМРО-ДПМНЕ е ставено на маргините на политичката сцена во Македонија и тогаш и сега постои приграбување на власта од бившите комунисти кои се јавуваат на двапати во нови имиња, односно сега во СДСМ. Според тоа, слободно може да се каже дека СДСМ никогаш немало добри намери со ВМРО-ДПМНЕ во однос на поделба на власта, и ако тие две партии се со најголем број на пратеници во овој парламент, 37 однос- но 31. Кога ВМРО-ДПМНЕ се обиде да образува коалициона Влада со СДСМ на чело со господинот Љупчо Георгиевски и средствата за информирање и дел од јавноста беа изненадени како може толку млада личност да биде избрана за премиер. А што преставува сегашниот мандатор господинот Бранко Црвенковски кој е само за неколку години постар од него. Зарем тие средства за информирање и дел од јавноста не треба да бидат изненадени за оваа појава на младоста на новиот мандатор за Влада.

При обидот за составување на новата Влада од страна на мандаторот господинот Љупчо Георгиевски во коалиција со СДСМ, иако не беа вклучени партиите од народностите од страна на ВМРО-ДПМНЕ било предложено во таа коалициона Влада да има и по еден албанец, пое ден турчин, еде нвлав па и други, што претставува грижа за учество и на националностите да бидат застапени во новата Влада.

кога на Владата и беше изгласана недоверба од страна на најголемиот дел од пратениците на овој Парламент, освен потпретседателот на Владата д-р Блаже Ристовски и премиерот д-р Никола Кљусев со своите излагања изнесоа несогласување во однос на критиките и анатеми- те упатени на адреса на Владата од страна на пратениците на СДСМ и Реформисктие сили либерална партија. Тогаш очекував и другите министри да изнесат свои мислења и погледи околу обвинувањата упатени на адреса на Владата. Меѓутоа, такво нешто изостана. И сега,иако со

задоцнување Илија Андонов Ченто, министер без ресор во Владата во оставка изнесе во средствата за информирање на 31 август и 1 септември 1992 година, причините за неговата оставка на Владата, која што ја образложи на 28 август 1992 година, не согласувајќи се како што вели во дел од изјавата. (цитирам) Се повлекувам поради игрите што ме потсетуваат на оние од 1945, 1946 година кога Комунистичката партија го спречи обединувањето и просперитетот на македонскиот народ, а со цел да ги оствари партиските интереси. Понатаму, покажува оваа Влада дека претставува реконструкција на старата Влада, се разбира без премиерот, бидејќи и седум нејзини поранешни министри, а не избор на нова Влада, а згора на тоа сите национално обоени министри од македонците како неподобни си одат. Затоа пред- лагам и одлагање за избирање на новата Влада и од друг аспект, се додека не завршиме со дневниот ред, на неколку пати закажувана и одлагана 41 седница на овој парламент , но кога ќе се донесат системските закони како и Законот за грбот на Република Македонија. Затоа нема да ја одржам новата Влада, ќе гласам против нејзиното конституирање. Воедно ги повикувам и пратениците на СДСМ, Реформските сили либерална партија, Социјалистичката партија на Македонија, партиите ПДП и НДП , за сето ова да размислат, пред да го дадат својот глас за избор на новата Влада.

**ЏЕЛАИЛ ТАИРИ:**

Дами и господа, ценето претседателство. Господине потпретседателе, прашувам дали сме под точка разно или сме по дневен ред избор на Влада на Република Македонија. Ако сме под точка разно дозволуваме и дури дена и четири дена. Ако сме по дневниот ред, јас немам против дискусиите, но да се придржуваат на дневниот ред. Ние каква Влада сме имале јас лично жалам што ги направи 17, 18 месеци. Сите

знаеме дека Владата во оставка не ја доби довербата во овој Парламент. Второ, политички маркетинг не е потребен. Трето, ние сме се навикнале по конкретно албанците дека овде и воздухот и водата и земјата е се македонско. Меѓутоа јас не сум крив ако некој не разбира дека не вреди ниту Лондон нити Женева нити Брисел, без еден фактор, а тоа е албанскиот фактор .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Сеуште расправаме за утврдување на дневниот ред. Тоа мислам го знаеме сите.

Сакам да ве известам дека денешнава наша седница ја следат и господинот Пол Филинг и Џон Братфорт пратеници од Австралискиот парламент и го поздравувам нивното присуство.(аплауз)

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Почитувани господа пратеници, проблематиката што е на дневен ред на денешната седница е од исклучителна важност за денешнината иднината, на нашата македонска држава. Таа со своето значење не остава никој да биде рамнодушен. Уште помалку нас пратениците, кој со оглед на нашата општествена позиција, статус и одговорност за вкупната општествена позиција не прави исклучителни носители на одговорноста за нашата Република. Затоа јас како независен пратеник на ова Собрание, не можам а да не го изнесам својот став, својот поглед и да покренам неколку прашања за дискусија за кој сметам дека се исклучително битни. Од друга страна тие не требаат одложување, бидејќи се што ќе се пропушти денес веќе не може да се поправ , секое утре ќе биде предоцна.

Прво, сметам дека партиските интереси во оваа фаза се до тој степен поставени над општите и националните интереси што не оставаа простор

за соработка и меѓусебна толеранција, посебно меѓу двете водечки партии во овој парламент, ВМРО-ДПМНЕ и Социјалдемократскиот сојуз, така што антогонизмот и јазот меѓу нив станува толку длабок што навистина тешко може да се изгради заеднички став и решение кое би било од општ национален интерес за државата. Така посебниот, односно тесно партискиот, а понекогаш и личниот интерес, како да е над националниот интерес, што за мене навистина како пратеници претставува апсурд.

Предлагањето на господинот Љупчо Георгиевски од страна на ВМРО-ДПМНЕ за можен мандатор на Владата како и сега присутниот предлог на господинот Бранко Црвенковски и покрај мојата почит кон нив како личности за нивните способности, нивната младост квалитет и несомнениот придонес за нивните партии, сметам дека не е најрационално решение. Имено, отсуството на животното, а уште помалку државничкото искуство, може да биде контрапродуктивно, не само за нивните партии што е за мене уште повеќе во: нашата земја во целина.

Второ со паѓањето на старата експертска Влада не сме измениле многу во неговиот состав. Иако таа Влада ја оценивме како неподобна за сегашниот развој во сегашната фаза, а кога веќе мандаторот ставил на листата 7 министри и тоа во носечките ресори на оваа Влада, како што се ресорите за внатрешни работи, надворешни работи, потпретседателите, за финансии итн. излегува дека практично е направено само реконструкција на Владата што мислам дека како решение беше најповолно за Република Македонија од првиот момент. Но со ваквата реконструкција која сега ни се предлага наместо национална или еднонационална, ни се нуди една друга варијанта, а тоа добива други димензии на ултранционалност. Несомнено дека недовербата на гласачкото тело кое ги избрало националните партии и сомневањата во одлуките што треба да ги носи оваа Влада, со тоа ќе се зголеми.

V/1/СЈ/ЛБ

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ**: (продолжение)

Трето, свесен сум дека без отстапки тешко ќе можат да се донесат тие системски закони. Од друга страна ми е неодоливо присутен впечатокот ч чувството дека со желбата за власт се заборава и не се води доволно сметка ч кои отстапки и компромиси треба да се прават на сметка на националните партии на националното малцинство ПДП и НДП. Морам да повторам дека овие две албански партии го бојкотираат донесувањето на Уставот на Републиката. Го бојкотираа пописот на население. Го организираа бојкотирањето на референдумот и со своето чудно однесување го оспоруваат меѓународното признавање на Републичка Македонија.

Од друга страна, сега кога им е понудено учество во извршната власт тие широкоградо и душегрижнички се борат за бројните министерски места во Владата. Кое е сега интересот на ваквиот настап? Која е цената, кој се условете што сега се битно изменети за ваквиот став? За да бчдам до крај јасен, морам да истакнам дека сум за апсолутно сожителство со Албанците и сите други национални малцинства во Република Македонија, впрочем потекнувам и од општина во која со нив живеам и сакам и во иднина да живеам. Нашата иднина е само оваа држава за мене до крај да се разјаснат некои отстапки, а можеби ч да се обелоденат ветувањата на мандаторот за оваа нова коалиција. Која е цената на оваа коалиција?

И на крајот морам да бидам субјективен и да истакнам дека за мене сепак најдобар извод во ваква една констатација на силите да се формира експертска Влада па во духот на нашите државни интереси ќе се потпира на темелите на програмите на политичките партии што ги избрал овој народ. За да градиш нова држава и нова државност наместо од почеток да се руши кревката демократија и новите процеси на современата Македонска држава. Ако навистина сакаме да не настане хаос како што впрочем беше

истакнато и вчера во сите сфери од животот да го задоволиме чувството на сигурност на сите граѓани за да навистина тие чувствуваат сигурност да почнат да функционираат сите сегменти на правната држава, тогаш мора да се постапи со максимално внимание на донесување на сите системски закони, за да се втемели самостојноста, независноста и суверенитетот и целовитоста на Република Македонија. Јас ова Собрание го гледам само како уставотворно се до распишување на нови избори, а со донесувањето на системските закони ќе бидат создадени такви предуслови за новата демократија, ќе биде потребно да се распишат нови избори какви што новите политички сили ќе го продолжат патот и континуитетот на создавање на ново демократско општество со нова политичка, економска и социјална демократија. (господин Џемаили бара збор)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не бевте спомнати лично господине Џемаили, ве молам. Ако сакате збор ќе добиете подоцна.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувано претседателство почитувани пратеници, јас сакам да го искористам деловничкото право со обѕир на фактот дека еве веќе втор ден како слушаме за утврдување на дневниот ред. Имаше два предлози и одредени дискусии одеа на таа релација на двата предлози да се изнесуваат аргументи во прилог за, или обратно против. Но, добар дел во текот на работата на ова Собрание сега поприми поинаков тек. Веќе се расправа за самата тема што ја најави ова претседателство за одржување на оваа четириесет и деветта седница, а тоа е за избор на Влада, со самиот факт што добар дел од пратениците овде почнаа да дискутираат поединечно за новите членови на Владата за нивните квалитети, стручни, вакви такви. Во таа смисла го користам деловничкото право претседателството да го постави прашањето на изјаснување по овие два

V/3

предлози затоа што очигледно е дека се исцрпени аргументите што се сакаше да бидат изнесени во смисла на тоа дали да се постави или да не се постави точката на дневен ред. Мислам дека имам право кога инсистирам да се даде приоритет на ваквиот предлог. Доколку мојот предлог не биде прифатен од ова Собрание и понатаму да продолжи оваа расправа која е означена како расправа за утврдување на дневниот ред, а доколку биде прифатен тогаш да го утврдиме или не го утврдиме дневниот ред, ако го утврдиме да продолжи- ме со расправа по дневниот ред што ќе го утврдиме.

Истовремено да не би излегувал јас се извинувам овде пред вас во врска со дискусијата на господинот Гоце Андоновски и неговата најава за тоа дека дискутира од позиција на независен пратеник мора да кажеме дека Гоце Андоновски доколку си го става тој епитет на независен пратеник ќе мора да го провери, би било морално тоа да го провери во бирачкото тело. Со оглед на тоа дека Гоце Андоновски е биран на листа на СДСМ би биле добро да го провери тоа во бирачкото тело и доколку добие овде така и да се легитимира.

**ГОЦЕ АНДОНОВСКИ:**

Ова уште повеќе зборува дека јас на вистина сум имал право да излезам од оваа партија (аплауз од пратениците на ВМРО) зашто навистина ако вака се вршат усилби и морам да бидам во нивниот рамковен оквир мислам дека не можам да бидам во таква партија. (аплауз од пратениците на ВМРО).

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас сакам да го кажам следното процедурално прашаше. Во член 118 претресот по одделон прашање трае и се води се додека по него има пријавено пратеници за збор, а претседателот ќе го заклучи откако ќе утврди дека нема повеќе пријавено пратеници за збор. Прашањето по кое

се води претрес е дали да се стави точката на дневен ред или не. Со оглед на тоа и врз основа на член 118 претседателот нема право да ја прекине расправата, а бидејќи сум независен пратеник и сметам дека по основ на тој мандат дека имам право да ги штитам сите оние кои ќе станат независни би сакал да кажам дека токму пратеничката група на СДС требаше прва да го провери својот мандат го промени името од СКМ-ПДП во СДС. (аплауз од пратениците на ВМРО).

**ФЕРИД САДИКУ;**

Почитувани пратеници, Парламентот веќе втор ден ако успееме денеска да завршиме ќе биде трети, се наоѓа пред задача да испрати една а да избере нова Влада. Ова поради тоа што така одлучивме ние, а многу добро се сеќаваме кога беше тоа пред два месеца кога изразивме недоверба на Владата која треба да оди. Сметам дека не е време за надмудрување, туку за барање на излез од состојбите во кој западнавме, а тие мошне илустративно беа изнесени и нема потреба да се задржуваме околу тие проблеми и да бидат повторувани. Според тоа, за мене нема дилема околу изборот на новата Влада, па и за дневниот ред кого го потврдуваме веќе два дена.

Во изборот на новата Влада јас лично гледам шанса за решаваше на натрупаните проблеми предвидени и во програмата која ни ја нуди новиот мандатар на новата Влада. Ми се чини дека нема место и потреба од натамошното останување на старата Влада. Со оглед на тоа дека тешко добиваме, а воедно изразувам и свој револт, добиваме збор кога сме кога сме спомнати особено партија партијата на ПДП и НДП. Воедно ќе направам една дигресија и ќе изразам свој личен револт и жалење што сите дискутанти овде од партијата на ВМРО-ДПМНЕ, мои колеги и по професија и овде изразија незадоволство и увреди особено колегата последен, јас жалам но сите тие тројца , што е жалосно, повторно го повторувам истото, тоа да се слуша од лекари кои се носители на тој хуманизам да изразат

таква албанофобија особено на колегата последен, односно колегата независен кандидат.

Некои од пратениците овде лееа крокодилски солзи зашто не се присутни во предлогот на новата Владата. Ноторна е чињеница а сите знаеме дека на таа партија на ВМРО-ДПМНЕ најпрво и беше понуден мандат за состав на новата Влада, според тоа, овде е крајно време да се престане со правење политички маркетинг и уште еднаш ќе се придружам на претходниците да се стави предлогот и на неколкумина кои овде го изнесоа пред мене, да се стави предлогот и да се престане овде со натамошни дискусии.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, јас овде имам подготвено еден мал концепт за дискусија по точката од дневен ред, меѓутоа од причина што точката сеуште не е усвоена како редовна за дневен ред, а почитувајќи ги сите дискусии кои беа досега изнесени по моја лична оценка мислам дека тоа беше материјална расправа токму по дневниот ред и по таа точка, мислам дека е добро да се сложиме деловнички иако одредени примедби и забелешки по ова имаше досега искажано јас би се заложил и барам од претседателството навистина бидејќи аргументите дали таа точка да биде на дневен ред или да не биде мислам дека се исцрпени и доста се едноставни. Да го примениме најдобриот принцип на демократијата со право на изјаснување, на гласање да се изнесеме дали таа точка да биде на дневен ред ќе прифатиме или не и доколку ја усвоиме како точка на дневниот ред тогаш да продолжиме со материјалната расправа која досега ја водевме. Од таа причина би молел навистина да бидеме конструктивни, да бидеме рационални, да бидеме она за што граѓаните не пратија во оваа просторија овде, да ги застапуваме нивните интереси, да го цениме нивното време и да бидеме конструктивни да го ставиме на гласање предлогот кој досега беше изнесен од повеќе пратеници, односно тие се  два предлози

точката да биде на дневен ред, односно да не биде на дневен ред, кој предлог ќе биде усвоен тој да го прифатиме. Практично си го задржувам правото доколку биде навистина прифатена точката на дневен ред да се јавам за дискусија, да ги изнесам своите забелешки по предлогот на дневниот ред.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ;**

Почитувани претседателство, почитувани пратеници, веројатно што да се каже на оваа говорница сигурно ќе се повторуваме, меѓутоа јас можам само да им честитам на мандаторот со неговите избраници што навистина прифатија една таква задача која е огромна во овие околности за Република Македонија, Нив нормално ги очекува голема работа, уште полошо ги очекува овој Парламент кој од денот кога почна со работа оваа говорница е злоупотребена за маркетиншки потези за да се добие во јавноста која партија е во право. Јас можеби ќе се осудам и да речам спротивното. Не сум и јас најдобар од сите вас бидејќи сум од вашата средина, од оваа парламентарна сала. Меѓутоа испадна спротивното, Сите ние градиме или се трудиме да градиме среќа во несреќа на нашите граѓани, а тоа можам да речам нека му служи на чест.

Доста говорници се прават големи македонци, господа дозволете да покажеме со дело. Не да ги лажеме луѓето и да им кажеме дека ние сме тие македонци што не ги сакаме албанците или да е обратно. Меѓутоа албанците досега не им се даде шанса барем за овие 45 години да се покажат колку умеат, колку знаат и да помогнат во оваа држава. Јас иако можам да ве убедам, господо пратеници од крајната десница што госпоѓа Ратка Димитрова во својата дискусија вчера рече крајна десница и крајна левица, меѓутоа тој строги центар остана вакум, а јас со потполна

одговорност го велам ова дека тој строги центар и припаѓа на албанците односно на немакедонците, па вие таква политика водете тоа најверојатно го знаат граѓаните на Македонија, верувам дека таква оценка тие имаат, па заради тоа мора да водиме сметка оти престојат пред нас ситни месеци може да се рече или денови па од оваа сала веројатно не ќе можеме да излеземе бидејќи она што го ветивме на народот во смисла на зборот демос не им го обезбедивме. Па заради тоа некој пратеник стално овде нанервиран излегол и рекол дека со ситни души не градиме држава. Јас тогаш излегов на говорница и потполно се согласив со таа реченица. Меѓутоа, реков и тоа дека со такви души тешко се постигнува и сожителство, а тоа се покажа денеска кога го обвинуваме мандаторот односно онцентрационата Влада дека имаме министри голем број од страна на албанците не господо, тоа не е точно, дури и албанците не се задоволни со овие места кои ни ги обезбеди така речено неизгласаната Влада, односно мандаторот Бранко Црвенковски. Дајте да научиме да живееме рамноправно дајте да научиме оти да партиципираат и другите - немакедонци во сите структури на државата, а на албанците најмногу тоа им припаѓа оти како што можев да преречувам во оваа Влада дури не сме ни со 20% претставени.

VI/I.-СС/МЛ

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Меѓутоа, треба да навикнеме дека Албанците, во сите институции на државата треба да се претставуваат со најмалку 40%. Јас се надевам дека набрзо ќе научиме да живееме заедно, да ја градиме Македонија заедно, но не со тесни души туку малку да ги рашириме срцата w да им дозволиме на тие наши сограѓани да се покажат дека знаат нешто, да покажат и пред Македонија како држава и пред Меѓународната заедница во широчина.

**ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ:**

Господа пратеници, уште на самиот почеток на моето излагање да кажам дека сум против усвојувањето на дневниот ред од причини што се крши Уставот и законите, со самото тоа не делуваме како правна држава. Поличката партија на која и припаѓам се стреми и се бори од оваа држава да направи правна држава.

Како може да се прифати овој дневен ред каде се крши Уставот w Законот w повторно после 20 денови се дава повторно мандат на иста политичка партија што м^слам е нонсенс во демократи- јата во Европа и во целиот свет.

Дозволете накусо да г« изнесам своите размислувања и покрај тоа што пред извесно време, околу 1,5 месеци бев жестоко критикуван во весниците каде што нашиот човек од највисокиот врв го прогласи како еден од најдобрите весници. а, во него и околу него постојано стојат будни од старата позната служба "никој не смее да не изненади".

Почитувани пратеници, тука е и главниот проблем поради кој наместо да одиме напред некој свесно не враќа назад, недозв лувајќи ниту да се промени системот н«ту да се повлечеме односно да ја повлечеме во независност македонската дражва. Со изготвување на законот за

политичките партии се создава Влада со комунистичко правосудство, комунистичка полиција, комунистичка војска и да не набројувам.

Господа пратеници, изјавата на господинот Црвенковски во средствата за јавно информирање гласеше дека ВМРО-ДПМНЕ поради преамбициозниот план не успеа да состави Влада, бидејќи бараше еднонационален спас, а напротив обратното, истиот тој господин од левиот блок ја одбие понудата затоа што не можеше да се прави Влада без во голема мерка да се застапат малцинските партии. Нека ништо не ве чуди, се гледа кој ги има амбициите и не би требало никој да ги спречува на господинот, бидејќи е амбициозен уште од предучилишното образование, претседател на одделението и до денес е на функција и гоелма неправда ќе биде сега, господа пратеници, да му се прек- рати амбицијата да не биде премиер. Затоа ве повикувам до крај да го дадете својот глас да не б" ви пропаднала w оваа прилика.

А, тоа што хе биде страм за македонскиот народ w за македонската држава, тоа е споредна работа. Иако не 6w биле споредни работите кога истиот тој господин од оваа говорница за 300 илјади гласачи ги направи граѓани од трет ред и да каже - пак изигрувате, дури мангупчиња. Но, за сето тоа се «ма длабока позадина и поткрепена од највисокиот врв на Републикава.

Всушност, за новата Влада во стар состав барам одговор од ресорниот министер со неотповиклива оставка од Владата во оставка, за неговиот настап на прес конференцијата во Лондон каде што рече - слободно можеме да зборуваме за нашиот неуспех на таа конференција, што за жал така излезе, а во весникот "Вечер" стои, цитирам "но исто така што ние му рековме не на национализмот така и Европската заедница треба да рече не на националзмот во своите редови".

VI/3.-

Господа пратеници, тие прашувам со кој национализам се пресметал уважениот министер Малевски, дали со македонскиот кој, патем речено не - постои, дали со српскиот кој во Македонија не постои или со албанскиот? Дали некој кај нас ги побркал поимите национализмот со патриотизмот, тоа е негова работа. Ако Малевски тврди оти го ликвидирале патриотизмот во Македонија за македонската кауза со разбивање на националната свест на народот и со разбивање на националното ткиво и разбивање на националните партии, тогаш признаваме дека е во право. Аферим господине министре, можеби токму затоа беше долетал во тимот на преговори господинот Фрчковски за да биде претставен пред Лондонската конференција како човек во Македонија што го разбил национализмот или пак да му се докаже во Лондон како се џвакаат мастики, односно да г« рекламира мастиките пред уважената господа на Конференцијата во Лондон.

Дали господинот Малевски размислувал дека во цивилизираниот свет ништењето на националната свест се смета за голем грев, а доказ е таквото залагање на малцинствата. Пак, на тој начин, ние Македонците сме хендикепирани затоа што нас не застапуваат личности со космополитска свест. Навистина е многу чудно како може да биде величена, да бидат величени оние субјекти што немаат ама баш ниту малку национално чувство во средствата за информирање, а оние од другата страна со нагласена национална свест се игнонираат. Зар не кажува тоа нешто многу.

Каде се чуло и видело господа пратеници, да се става министер за финанс«и од малцинска партија кој е познат во јавноста како голем сепаратист и иредентист w каде ја навратува водата, познато им е и на врапчињата.

VI/4.-

Затоа предлагам пред да гласате, господа од левиот блок за новата Влада да дадат заклетва дека не ја поддржуваат политиката на Халили дека нема да работат во интерес на отцепување и формирање на Република Ирилида, дека ќе бидат лојални граѓани и министри на Македонија, како целосна, суверена, неделива и дека целосно ќе се спротивставуваат на таквата ирационално - шовинистичка идеја, постојана на лидерите од малцинствата.

Господа пратеници, лесно им е на некои пратеници да даваат толкувања за сечии излагања бидејќи имаат неприкосновено право да фрлаат отровни стрели врз партиите со национална определба. Бидејќи им дојде да ги заземат фотелјите и работните простории на нивните, сега пензиониран** родители и политичари. Но, што е тоа е w времето ќе го покаже своето.

Одредени излагања од левиот блок како да сакаат да му по- кажат на народот, народе или прифатете ја оваа Влада или нема спас за вас и вашите поколенија. Токму така, старите режисери се тука, најавуваат покачување на лебот за 600 грама од 1000 денари. Потоа, немање на нафта и кога ќе дојде оној момент сето тоа да се стави како да се решаваат тие проблеми? А, тоа што сега сфатиле господата од левиот блок за хаосот, беззаконието, дилерството, сивата економија, ашкол сун господа од левиот блок. Пред еден ипол месец ви беше предочено дека во вашите редови има такви, најгласно говорници и ја поддржуваат официјалната пол«тика, а истите се замрсени со нечесни работи. Јас ве исвиркувам од ваша страна и сега по толку кратко време се согласувате со констатацијата дека ги прифаќате како реални дека постојат сивата економија, безредието, беззаконието и др.

VI/5.-

Мудроста тоа е мудрата политика, нема што.

И на крајот, да констатираме што ни цвета во оазата на мирот? Сива економија, безредие, дилерство итн.

**ДОСТА ДИМОВСКА;**

Почитувани пратеници, предложената точка на дневниот ред не ја поддржувам а за тоа ќе дадам додатно образложение.

Демократизацијата на Македонија, на целосно разочарување на граѓаните на Република Македонија многу споро и отежнато се одвива. Тоа се рефлектира пред се во првите повеќепартиски избори со отсуство на волја кај левите партии, наспроти изборните резултати да ја делат власта. Така што на ВМРО-ДПМНЕ, како најбројна партија во Парламентот и беше оневозможено неколку пат^ да учествува во власта, со што би се респектирала волјата на околу 300 илјади гласачи во Република Македонија.

Наспроти ч.оа. f веднаш по изборите не се почитуваше договорот за поделбата на власта повторно од страна на левите партии со што ВМРО-ДПМНЕ беше изиграна.

Пред очите на целата јавност претседателот на Републиката, наспорти Уставот не го прифати понудениот кандидат за мандатар од ВМРО-ДПМНЕ, прогласувајќи го за некомпетентен и побара да се пред-ложат нови кандидати. Подоцна тоа го стори исто така и со другите тројца кандидати. Изгласувањето на недоверба на Владата на Никола Кљусев се случуваат идентични нешта.

Откако ВМРО-ДПМНЕ го доби мандатот од страна на претседателот на Републиката, втората по бројност партија во Парламентот СДСМ уште при првите разговори со преговарачите на ВМРО-ДПМНЕ, без да даде контра предлог, телефонски, од страна на претседателот на партијата, сегашен мандатар, Бранко Црвенковски, предлогот на ВМРО-ДПМНЕ го

нарече преамбициозен, без да даде еден контра предлог.

Поради неможноста да се обезбеди потребното мнозинство, ВМРО-ДПМНЕ со желба што поскоро да се формира нова Влада во Република Македонија го врати мандатот. СДСМ, по добивањето на мандатот до максимум го исползува законски предвидениот рок во кој не успеа да состави Влада, поради што Петар Гошев како мандатар на СДСМ го врати мандатот.

Додека сите исчекувавме, согласно уставните овластувања, што ќе превземе претседателот Киро Глигоров, 9 дена се молчеше а десеттиот ден преку средствата за јавно информирање дознавме дека мандатот е доделен повторно на СДСМ која за мандатар го одбрала Бранко Црвенковски.

Претседателот на Републиката кој е претседател на сите граѓани на Република Македонија, спротивно на парламентарната практика во светот, независно што СДСМ не успеала во предвидениот рок да состав" Влада, повторно на своите, од својата партија им го доделил мандатот. Дур", како што знаеме, во неговиот кабинет се правени консултации и контакти со партиите за состав на новата Влада. Всушност и самиот Бранко Црвенковски, пред дефинитивно да го објави составот на новата Влада, на прес конференција изјави дека за неколку ресори ќе го консултира претседателот на Република Македонија.

Колку ваквите дејствија се спротивни или споиви со парламентарната демократија и повеќепартискиот систем ми се чини дека нема потреба да објаснувам.

Ваквото искуство е својствено за системи на владеење во кои постои апсолутна контрола од еден центар во кои се се диктира од еден човек. Доколку предлогот за состав за новата Влада го прифатиме денес тоа

значи доброволно прифаќање на диктат и легализација на правниот хаос, пригушување на парламентарната демократија.

Што се однесува до понудениот состав на таканаречената нова Влада, говори дека не се работи за нова Влада туку за реконструкција на старата Влада. Повеќето министри u двајцата потпретседатели на таканаречената експертска Влада се на списокот на мандатарот кој неколку пати говореше дека СДС не сто" зад експертската Влада, дека нема учество во неа. Всушност, се работело за половина министри кои сега јавно се декларираат како членови на СДСМ и со тоа оваа партија не може да избега од одговорноста за сето она што досега се случуваше во Република Македонија.

Несфатливо е како повторно на листата на предложени министри се наоѓаат господинот Денко Малевски, министер за односи со странство кој даде неотповиклива оставка во знак на протест за непризнавањето од страна на Европската заедница и условот за признавање што се постави во Лисабонската декларација. Од ваквиот пресврт е збунета домашната јавност, но многу повеќе ќе биде европската јавност која е навикната на логично мислење. Во случајов, повторно при повторната кандидатура на Денко Малевски, таа ќе ја разбере како покајување, прифаќање на услов^те на Европската заедница и подготвеност за отстапки.

Натаму, повторното предлагање на Љубомир Фрчковски за министер за внатрешни работи нема да придонесе за воспоставување правен ред и правна држава во Република Македонија. Тоа не може да го носи еден министер за време на чие владеење не се разјаснети до крај смртта на неговиот претходник иако беше формирана комисија за таа цел. Министер, за чие владеење се случија многу неразјаснети убиства и самоубиства, министер за ч«е владеење се случија Куклеш, Радовиш, Радолиште, аферата Дувло, судењето во Велес и слично, за кои никој не одговараше а

кои што влегуваат во сценариото за создавање хаос во Република Македонија, таканаречената "Опера":.

Ми се чини дека овој министер не ќе може, не ќе биде во состојба да изврши деполитизација на полицијата w таа да ја врши законската, уставна улога во Република Македонија, бидејќи за вре- ме на неговото владееше голем број одборници од Реформските сили и одборници од СДСМ беа назначени на водечки раководни места во Службата за државна безбедност и Службата за јавна безбедност. Наспроти тоа, голем број вработени во МВР кои што се декларирале за самостојна и суверена Македонија беа отстранети од работните места. Каква деполитизација ќе изврши, како ќе ја укине озлогласената политичка полиција, мене не м« е јасно.

Исто така, неприфатлива е листата на министри на која се наоѓаат личности кои учествувале во формирањето на таканаречената "Илирида" личности кои не се за соживот и не го почитуваат Уставот, во своите научни трудови говорат за малцинствата како народ со сите права што им припаѓаат. Во која тоа држава клучен ресор, како што се финансиите се доделува на претставник на национално малцинство особено кога знаеме дека тој ресор ги покрива имотно - правните односи во услови на голем број бегалци од Косово, Санџак и Босна.

Неприфатлив е предлогот за министри каде се предложени министри без образование исоодветно искуство во областа што ја покриваат. На пример, предложениот министер за урбанизам, градежништво и сообраќај кој е електроинженер, можеби е одличен стручњак во својата област, но нема искуство во областа на градежништвото и урбанизмот. Ми се чини дека поради тоа, на некој начин е жртва на мандатарот. Инаку, овој министер е познат во играта џек-пот во Скопје. Сметам дека овој предлог е крајно несериозен.

VI/9.-

Предложените потпретседатели не можат да помогнат многу на Република Македонија, особено ако знаеме дека господинот Беќир Жута ова му е трет мандат во треба Влада по ред. Си премина од по- ранешниот Извршен совет, во новата таканаречена експертска Влада, но сега го гледаме одеднаш како кандидат на ПДП.

Тука е предложен w господинот Јован Андонов како потпретседател за тековната економска политика, најодговорен според функцијата што ја врши, за нафтената катастрофа што ја зафати Македонија.

Предлозите на мандатарот ги сметам како несериозни и во овој миг крајно штетни по националните интереси на Македонија. Со ваквата Влада дефинитивно ќе се разграби општествениот имот преку нелегална приватизација, со вештачко доведување, како што досега се правеше, на фабриките под стечај, масовно отпуштање на работници со што фабриките стануваат лесен плен на директорите назначени од поранешниот ЦК СКМ.

На крајот, ќе го повторам она што деновиве јавно го кажа ВМРО-ДПМНЕ, да се има предвид стерилноста и безидејноста на големи- те грабачки амбиции на сите досегашни комунистички влади, во иднина Македонија може да очекува економска состојба полоша дури и од ед- на Романија и Албанија.

Оттука, предупредуваме дека составување на Владата што е пред нас на Македонецот му гарантира само едно, економска пустош, масовно селеше на Македонците од Македонија, потполна парализа на целокупниот економски живот, економски хаос во кој повторно на Македонецот се можат да му се нудат варијанти за скратени југословенски федерации.

Бидејќи предлогот за дневниот ред го сметам за кршење на Уставот и Уставниот закон нема да гласам за дневниот ред ниту пак да присуствувам понатаму на оваа седница ако се изгласа дневниот ред

VII/1 нн/нд

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во врска со оваа би ја нарекол, ујдурма би сакал да дадам едно малку подолго видување.

После првите повеќепартиски избори и конституирањето на македонскиот Парламент во месец март 1991 година изгласана е првата македонска таканаречена експертска влада. Експертска влада зашто само двајца министри беа партиски декларирани. На кој начин е направено тоа многу добро и е познато на јавноста, што не е случај со таканаречената концентрациона влада на господинот Бранко Црвенковски. Не дај боже да го оправдаат името па сите нас од ВМРО да не отераат во конц. логори, што беше својствено на нивните претходните. Впрочем такви сигнали има, а според кажувањата на некои министри, не присуствуваат сите, имало доволно празни ќелии во Идризово за Вмвроовците. Но, да се навратам на дневниот ред околу новата Влада.

Симптоматично е што до вчерашните експерти, господата Беќир Жута, Љубомир Фрчковски, Димитар Бајалџиев, Илјаз Сабриу, Јане Миљовски не беа партиски определени а сега се појавуваат како кандидати на СДС и коалицијата ПДП-НДП. Значи цело време се манипулираше со Парламентот и целокупната македонска јавност и на виделина излезе јавна тајна чија беше експертската влада и во чиј интереси работеше. А менторот на бившата и сегашната влада, г-динот Киро Глигоров цело време свесно ја премолчуваше партиската припадност на бившите министри кои се и во состав на новата влада. Затоа с> надевам дека и утре и оваа Влада доколку биде избрана а нема при- чини за тоа никој нема да ја прикажува како експертска. Опозицијата ВМРО-ДПМНЕ јасно се дистанцира со неучество на свои кандидати во србокомунистичко албанската влада која би

требало да и донесе просперитет на македонската држава. Ситуација иста, а можеби по- трагична од онаа 1945-1946 година кога со пуч и комунистички режим беа отстранети здравите македонски сили на чело со Ченто и плеада македонски патриоти и на нивно место беа поставени србокомунистите на Лазар Колишевиќ и слични на него од познатите србокомунистички школи. Во успехот на оваа Влада лично се сомневам имајќи ги во предвид мелагоманските апетити на албанското малцинство и сонот за Голема Албанија. А нивното учество со 5 министри во оваа Влада судбината на Македонија ја чини неизвесна. Пред с§, со системските закони (законот за државјанство, Законот за грб, Законот за лична карта, Законот за локална самоуправа) каде што се крои судбината на Македонија. Нивните барања ќе бидат максимални сигурно не во интерес на македонскиот народ. Значи, при првата поозбилна препрека се очекува распад на полицијата на неокомунистите и албанците. Можеби грешам ,имајќи ја во предви болеста за власт на комунистите што значи задоволување на сите барања на Албанците. Поради сето горе изложено интересно е за јавноста да се проанализираат некои елементи кои со малку подлабоко завлегување во владиниот список на министрите укажуваат на некои индикации врз кои ќе се темели и ќе функционира новата Влада, се разбира доколку биде избрана.

Еве неколку мои видувања околу составот и профилот на некои министри во новата Влада.

Пред се, за мандатарот Бранко Црвенковски дека снаодливоста не му е непозната покажа со станот доделен од Собранието на РМ од 80-тина км$^2$ во Порта Влае, добиен барем за мене, а верувам и за пошироката јавност на криминален начин. Се надевам дека нема да добие уште еден стан

доделен овој пат од Владата на спротивниот крај на Град Скопје поради конспиративност.

Потпретседателот на Влада Стево Црвенковски, истиот тој господин на панел емисиите од предизборието цинично се смееше на идејата за македонска држава, македонска војска, македонска валута, македонски спорт итн. Господа, тешко на Македонија со такви македонци.

Експертот по Уставно право, а сега прв полицаец на Републиката, г-динот Љубомир Фрчковски од СДСМ имаше и се уште има задача по налог на највисоката инстанца Киро Глигоров да го дискредитира и уништи ВМРО, но очигледно падна во сопствената стапица и по се изгледа брзо ќе ја напушти министерската фотелја со оглед на фактот шот е директен наредбодател за прислушувањето на партиските простории на ВМРО-ДПМНЕ. Исто, под негова директива беа преземени чекори за формирање на ТМРО - македонска национална гарда која никаде не фигурира во Уставот. Значи, се работи за формирање на паравоена единица што е против уставна и се коси со законите за РМ.

Потпретседателот на Владата за тековна економска поли- тика, г-динот Јован Андонов е најодговорен за нафтениот колапс. Најодговорен зашто со негово знаење, а сигурно со знаеше и дозвола на г-динот Киро Глигоров нафтата испаруваше во Србија со што ја прекршивме резолуцијата 757 на ООН, а утре можните санкции на РМ од страна на ООН за непочитување на ембаргото ќе ги почувствуваме освен главните виновници.

Министерот за односи со странство, г-динот Денко Малески "независен", докажан југословен кој е сентиментално врзан со

југословенството со кое растел и заедништвото во кое се развивал, затоа неколку пати јавно декларирал дека за сојуз на суверени држави, но самостојна за жал само без него и дека мора .да се прифати некоја друга формулација т.е. дека Македонија мора да го промени името. Господо, за него е лесно да го промени името, пишувајќи се Југословен, но што со оние кои се чувствуваат само македонци и ништо друго? Дали тие треба да го променат името и да се викаат марсовци. Неговата депонирана оставка кај бившиот премиер Кљусев е невалидна се со цел возобновување на вториот дел од референдумското прашање синоним за југословеноманско.

Министерот за образование, г-динот Бајалџиев кој покрај одлуката за престанок на името и ликот на Јосип Броз Тито испрати допис до сите подрачни единици за не менување на иконографијата. Што значи работа спротивна на одлуките на Собранието, а неговата лога во образованието е крајно негативна и деструктивна.

Јане Миљовски - кандидат од СДС кои има задача да ја трансформира општествената сопственост во приватна но очигледно јавниот грабеж е приоритетен. А зошто се доцни со овој закон треба лично да ни објасни.

Кандидат за министер за урбанизам г-динот Антони Пешев, личен и школски другар на г-динот Бранко Црвенковски. Кумската врска одлично функционира. Колку ќе биде компетентен допрва ќе се види.

Г-ѓата Софија Тодорова, ако добро паметам, сесрдно го бранеше самоуправувањето и општествената сопственост....

(Реагирање на пратениците од место)

Ве молам да ме сослушате, јас. Ве слушав цело време. А сега треба да го гради развојот на стопанството во кое општествената сопственост учествува делумно, што е спротивно....

(Реагирање на пратениците од место)

Можеш да ми реплицираш, или надвор да разговараме ако сакаш. Молимте прекини. Ќе ти кажам после ако ти треба нешто.

Што е спротивно на нејзините довчерашни заложби. Еволуцијата е очигледна.

Не ми беше намерата да ги презектирам министрите во новата Влада на РМ, но иритиран од некои состојби бев приморан поради својата совест, а имам совест за разлика од некои тука што немаат тука воопшто тоа да го направат.

Интересно е исто така да се слушне кој е основниот услов на демократијата. Непотизмот повторно јава на македонските простори. Фамилијарното педигре на некои министри влечат корени од едноумието т.е од нивните родители кои биле на раководни функции и кои ја упропастија Македонија и кои ја кроеа судбината на македонската држава тогашна. Тоа се случува сега и со нивните наследници. Следствено, во новата Влада 10 министри се одредовите на СДС, а скоро целосно оваа Влада е составена од довчерашниот СКМ, значи континуитет на некомунизнот и болшевизмот. Со оваа Влада дефинитивно ќе се ограби општествениот имот а со тоа уште сега ќе се дефинираат идните властодршци и капиталисти, во државата, во лицето на црвените комунистички директори доставени од Централниот комитет на СКМ кои се уште управуваат со македонските фирми. Со помош на оваа структура. не македонска, туку анти македонска ќе се легализира општиот грабеж на анархијата, црната берза, мафијаштвото и се што е деструктивно и Македонецот, ќе биде приморан

на егзодус немајќи перспектива во ниеден сегмент од животот. Следствено Македонија влегува во фазата на федерализација. Во овој контекст би предложил ново име за Македонија - Албана, а со тоа име ќе ги решиме и сите проблеми околу името, нормално во содејство со неокомунистите и фактот што во таа Влада седат 1/4 албански комунисти. Во функција на елиминирање на ВМРО, националните и антикомунистички партии следните избори ќе ги режира истата партија во својот познат стил на манир и лажирање. Какви ќе бидат последиците од овој катастрофален чин барем зад зад кој стои најголемата инвестиција на комунистите г-динот Глигоров допрва ќе видиме и ќе осетиме. Но за жал господа ќе може да се констатира дека е предоцна за поправен испит.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Имав намера кратко да реплицирам на некои веќе досадни, стереотипни дискусии односно да направам мала процедурална забелешка- Тоа ми се овозможува со 1 час доцнење, но тоа го освежи на некој начин претходниот дискутант. Денешната седница уште еднаш потврдува како се прави класична блокада во работата на Парламентот и која е крајната цел. Таа се прави едноставно со тоа што излегуваме од дневниот ред правиме долги дискусии, без аргументи, провоцираме, предизвикуваме, омаловажуваме итн. Но, јас се обраќам и до Парламентот и до јавноста, до цела Република. Нека гледа кого гласала и нека мисли кого ќе гласа на идните избори. Но, за интерес на вистината сакам да одговорам на некои навреди, лаги, кои се повторуваат особено од некои, така да речам, како се нарекуваат тие самите поголеми македонски патриоти омаловажувајќи во

прв ред не само партиите од левиот блок но и Албанците кои на некој начин сега прават коалиција и прават заедничка Влада и дури викаат Албанско - болшевичка Влада.

По однос на Владата јас лично, иако се придржувам на ставот на партијата, не сум многу воодушевен, но и ова е уште една жртва што ја прават Албанците, само да се надмине кризата во која се наоѓа оваа Република и да докажеме на целата македонска јавност дека ние не сме за продлабочување на кризата која не е само политичка, туку е и економска и социјална итн. Да се чека во овој момент во образованието, која е една од најгорките теми во Републиката и која поради 10 или 15 паралелки на албански јазик, кои недостасуваат, можат утре да доведат до немири, и најверојатно ќе доведат ако и понатаму тоа прашање не се реши, значи чиста провокација што уште еднаш некои потврдуваат дека навистина боледуваат од алоанофобија. И дека некои лекари и некои други како нив навистина треба да се лечат.

Овде се спомна и консензусот. Овде не е потребен консензус само меѓу македонските партии туку е потребен и меѓунационален консензус. Без тоа нема излез за Македонија. Колку побрзо ќе се сфати тоа, толку полесно. Албанска влада ниту била ова ниту ќе биде. Ние само сакаме влада во која ќе гледаме последна надеж да се надмине ова. Сфатете еднаш господо, од левиот и од десниот блок да седнете со нас да разговарате и да се договорите нема Македонија или било како да се вика оваа држава.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитувани колеги, почитувани кандидати за новата влада, почитувани господа. Иако добива збор со големо задоцнување сепак се надевам дека ќе партиципирам во она што значи можност за излегување од состојбите во кои се наоѓаме. Јас мислам дека не би требало да постои дилема околу тоа дали денеска треба да биде на дневен ред изборот на новата влада или не. Јас мислам дека ние мораме да избереме нова влада, доколку сакаме да направиме еден чекор напред во нашите чекорења кон посреќна заедничка иднина. Всушност ние како Парламент веќе во однос на старата Влада се произнесовме, изгласавме недоверба и со тоа самите се ставивме пред свршен чин. Веројатно тука се пропушти можноста таа Влада да направи реконструкција и да не моравме да губиме толку време и нерви за предлагање на нова Влада и за дискусии колку конструктивни толку можеби и недоволно погодени. Меѓутоа, ние сме сега пред еден нов чекор и мислам дека на тоа треба да ја свртиме дискусијата. А дека навистина ние мораме да направиме чекор напред во нашите активности говори фактот што навистина ако не го направиме тој чекор ќе бидеме соучесници во сето она што значи хаос и криза во поизостренас форма во овие наши простори. Јас мислам дека некои показатели што во програмата мошне илустративно се изнесени до- волно говорат во каква состојба сме. Навистина тие говорат за тоа дека ние немаме доволно време за губење и надмудрување за тоа кој каде е и што е, туку навистина уште од утре што би се рекло таа Влада, иако можеби нема д биде по вкус на секој од нас, нема да биде идеална, но идеалот е стремеж кон кого треба да се оди. Сепак, таа Влада доволно ќе биде мотивирана и морално обврзана за да бара,изнајде и на крајот понуди посреќни решенија за излегување до состојбите. Состојбите се доволно

илустративни во самата програма. Ние тргнувајќи и од апсолутните и од релативните показатели изнесени во таа програма се гледа дека ние просто тониме во нашето битисуваше од 1650 долари вкупен општествен производ во 1980 година ние сме доведени на пола од тој општествен производ по глава на жител, на 850 долари. Или од 3 милијарди вкупен општествен производ на 1 милијарда и 800 долари вкупен општествен производ. Да е несреќата поголема тој паѓа од минус 9,5 во 1990 година на 14,6-1991 година, за да оваа година се очекува тој пад да биде некаде 20%. Несреќата е поголема што и физичкиот обем на индустриското производство паѓа скоро со исти стапки. Не прати инфлација која што благодарение на тој мал шок што се спроведе со Антиинфлационата програма зеде поинаков ток во позитивна смисла, во смисла на паѓање на стапката на инфлацијата, но мораме да подвлечеме дека тоа беше повеќе резултат на порестриктивната монетарно - кредитна политика а и поради поголемата понуда на земјоделски производи и други прехранбени производи отколку некои потемелити мерки, за што впрочем говори и фактот дека ние се соочуваме сериозно со натамошниот пад, драстичен пад на индустриското производство, на извозот, па според тоа и на увозот. Односно ние имаме хроничен недостаток на понуда. Од тука мислам дека тешко ќе можеме да забележиме подобри чекори во поглед на совладување на инфлацијата. Јас мислам дека нас ударот на инфлацијата дури во претстојниот период не очекува доколку не се направи некој посериозен пресврт во смисла на зголемување на производството, зголемување на извозот, па според тоа и на увозот, па заедно производството и увезените производи на некој начин да ја зголемат понудата. Јас морам да потсетам ние имаме потреба од нова Влада за да бараме конкретна одговорност

заради фактот што ние имаме долгови надворешни, внатрешни, па и дубиози од некаде преку четири милијарди долари. Мислам дека јасно се изнесени и во самата програма.

**ШАБАН ПРЕВАЛА** (Продолжение)

Зашто, ќе мора да се најде решение, а тие чинат ни повеќе ни помалку, туку два годишни општествени производи. Значи, ништо да не јадеме 2 години за да ги вратиме долговите, да ги измируваме обврските по однос на девизните штедни влогови, внатрешните долгови, па и дубиозите. Според тоа, јас ве повикувам сите ние да не губиме време околу тоа, навистина да гласаме за дневниот ред, да го утврдиме дневниот ред и да се одлепиме од една состојба во која што сме и утре заедно со новата влада заедно да направиме еден чекор напред во совладување на тешкотиите со кои објективно се соочуваме. Зашто цената не ја плаќаме само ние, повеќе ја плаќа народот, а народот не избрал за да ние нудиме решение што ќе значи излез од состојбите со кои се соочуваме. Јас ќе резервирам право да го дадам своето мислење и за програмата и за владата, но во оваа прилика само ќе подвлечам дека тоа што се нуди навистина претставува еден позитивен чекор напред во поглед на градењето, во поглед на вистинското заедништво на граѓаните на Република Македонија, што е гаранција и за посрекната иднина.,

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Најискрено да ви кажам кај мене нема демагогија. Многу жалам во овој момент не излегов да говорам, не сакам да кажам и нешто ново. Убаво ги слушав сите дискусии. Сакав малку да кажам знаете што правиме, правиме она што го правеше едноумието. Нападите од партија кон партија изгледа или од личност кон личност доведува до она што е најстрашното. Имаше и добри дискусии, имаше и добри искази, но каде води целта на тие дискусии. Господа, оваа држава се вика Македонија нашиот устав е граѓански. Сите луѓе се еднакви пред законот. Не може некој да има котле

да јаде, а некој да има само порција и на крај некој да нема ништо. Оваа држава им даде еднакво право на сите луѓе. Сега расудете. Бог рекол Ви дадов ум, уши, раце, нозе, мислете и стварајте. Меѓутоа, гледам ние создаваме или не знаеме што создаваме ни го зеде тој дел од паметот Господ или правиме нешто спротивно на тоа што го створаме. Имаме устав, а уставот сами уште не влегле тука го растураме. Според мое видување нека ми простат господата од Претседателството или нема за што да ми простат, тука слушнав еден многу потежок збор, за жал за мојата партија каде ми е местото, каде што беше местото на дедо ми и на татко ми, и тоа ни го кројат. Целта ваша е да се уништи ВМРО. Но за жал тие четири букви никој не ги уништил. Ако такво нешто го има речено некој од министерство, кои кројат да го сторат тоа, тој го повредил уставот уште кога не влегол тука во оваа сала. ВМРО, нека знаат сите граѓани во оваaSJ5зеМсја е 100 години. ВМРО во плеќите ги носел не само македонскиот народ, но и сите народи кои живееле внатре во оваа и поширока наша татковина. Зошто го кршиме уставот. Четириесет и првата седница беше пред 8 седници, до сега. Ние не сме зајаци да рипаме по 5 метра, а некој тоа не сака да го прифати од нас. И да не избираме влада, а понудените закони од Владата која е во оставка остава да ги реши можеби четврта влада. Ако некој не слуша и не гледа од надвор, тогаш ќе рече или знаат овие луѓе што прават, зашто еднаш реков, или пак да има една железна метла, па да не избрише сите оттука нас некој. Не, не мене ме бришеа во времето кога човек не смееше да каже збор. Јас тоа сум ви го рекол, кога имав само 17 години како ученик  тогаш ние настрадавме. Тоа не сакам да го спомнувам, затоа

VIII/3

што ме боли, Сега сеедно ми е дали ќе ме избришите, а ги жалам вашите деца и внучиња. Кој му го даде правото на Претседателство наше да ги менува седниците и да ги менува правилата на правилникот кој е тука донесен, ние. Системските закони ги фрливме, поважни закони за економика фрлени и сега викаме анархија во пазарот, анархија на улица. Па ќе биде и народот мора да страда. Не ми е гајле, не водам лична пропаганда за некој авторитет за Митко. Апсолутно не. Задолжен сум од жртвите тоа да го кажам. Не сакам ни рејтинг, ни ништо. Дали може да се ослободи човек од едноумието. За мене не може. Не можеш да го ослободиш дури и со синџири да го влечиш, затоа што таму го нашол богатството, кариерата и животот. Се излагал само во третото, се излагал кога си рекол животот. Зашто Бого рекол Од се што те створив, најмалата прашинка си ти човеку. Јас; и::свртувам внимание на партијата на партијата Социјалдемократска, не сакам да интригирам, верувајте ми не сакам да ја кажам. За таа партија ако сака целосно да ја земе одговорноста врз своите плеќи треба убаво да размисли две работи. Дали ќе го исфрли системот кој го наследи од претходниците учители или ќе го зајакне системот со влади кои ги прави. Мене ми се чини дека деца, тешко вие ќе го отфрлите тоа. Многу тешко. Вашите учители беа многу јаки. Погледнете вие на Исток и малку подалеку и таму се мачат да ги фрлат тие запреги. Добро, ние сме посентиментални луѓе ние сме многу мал народ и ние скоро се познаваме. Во нашите лица, во лицата на сите нас ја познаваме цела Македонија. Толку сме малку. Затоа потрудете се тој систем побргу да си оди. Зошто тој систем ако се задржи повеќе, несреќата не следи и несреќата ќе не снајде. Вчера реков кој го стори хаосот. Хаосот во оваа држава го создаваме самите ние. Ние го создаваме затоа што дозволивме да биде хаос; Играјќи се со масите, фрлајќи ја топката еден на друг дозволивме да дојде до тоа што

сме. Јас ќе ве прашам вас, односно сите. Кој дозволи нафтата, гледав една емисија 60,и 67 е 127 и 80 е 227, тоа е огромно количество на нафта со кое требаше да работи нашата рафинерија доста време да чека нашиот народ, ќе кажам и зошто го кажувам сето ова, ќе видите дека е така. Нафтата исчезнуваше како што исчезнува едно ѓезве кога ќе вари во огнот. Значи, по некој начин или се плашиме како што јас реков имаме некој страв или псевдострав тоа го имаме или пак не сме способни да ги спречиме односно да го спречима она што го бара од нас Европа и светот, нафтата си одеше. Одеше можеби таму каде што не треба. Сега се редат редици. Господа, по моето видување ако бевме малку поспретни немаше да имаме редици. Но се плашиме од вчера за друга работа. Да не можеби имаме нафта, господинот Андонов вчера го слушав таму во еден состанок со овие приватни сопственици што можат да донесат нафта на некој начин со свои - средства и незнам како можат да ја снабдат Македонија со дел с#г нафтата. Тоа не е лоша работа, меѓутоа, се плашам од една друга работа бидејќи можеби системот ве тера во една игра за која, господине Стојков те молам внимавај што ќе кажам, затоа што одговарам пред партијата во која сум, одговарам пред себе, пред мене, пред совеста и:.пред сите, можеби системот ја има нафтата што стои во Солун, а ќе му потреба утре при изборите. Тоа е многу лоша работа, Тоа е катастрофа на македонскиот народ. Системот можеби ги имал и парите, според мое видување и утре ќе се фрлат во школата, во фабриката, незнам каде,а тоа ќе биде кратко два, три месеци,,ќе поминат изборите, ќе дојде колапсот и ќе дојде мракот. Јас и вчера ви реков внимавајте од тие игри, не сме ние во состојба ниту вие да го сопреме сонцето. Не  Никој од вас, освен партијата на ВМРО и некој

пратеник од независните кандидати и некој од ПДП ми се чини:во овие две години не го осуди стариот систем. Господа, нетрпението не се роди денес, нетрпението се роди пред 50 години. Иститe маки ги трпевме сите. Испливаа само оние кои беа по некој начин ми се чини тука не по комунистички, болшевистички што го вика- ме, но по некој начин кои беа поврзани, по некој начин, да кажам отворено, србомани,гркомани, бугарофили на кои им беше лесно склон нашиот народ, тие таквите испливале и опстанале и мораше да дојде во положба во која дошле. Затоа што по видувања и п? поширoката јавност тие што беа нај, нај и најдобри патриоти и кои ја сакаа оваа земја тие веќе не се меѓу живите, а и тие што останаа се осакатени луѓе. Затоа/ тоа да не ве мачи. Да не тргнувате од тоа дека дедо ми беше вака или татко ми беше вака и јас треба да бидам така. Тоа треба да се отфли за да дојде до општо национално помирување. Ако, пак ќе се обратам до човекот, ако мисли некој од вас може да го руши ВМРО, греши. Тоа е најголемата грешка и најголемата увреда и ако има некој таков, ќе го молам подалеку од спомениците на ВМРО-овците. Од Гоце, од Даме и од сите места каде што се свети гробови и тие од НОБ и тие другите. Таквите луѓе го загадуваат местото. Малку да се обратам и до Крстот во Битола или ќе го спомнам малку без некоја голема дискусија, бидејќи јас сум друг човек кој верува храмот било од која религија да е. За мене е храмот е свето место: Барем за мене, а за други незнам. Вчера еден ме увреди малку ми се чини беше од ПДП, рече нешто, не директно, но индиректно ме увреди, меѓутоа нека му служи за чест. Јас ја гледав сликата во Битола, сега бргу ја гледав во црквата  односно во саатот горе стоеше

крст. Понапред не знам што стоеше. Од двете страни се домовите на џамиите, од двете страни од црквата си ги имаат симболите нормално на саатот, а тука каде што бил саатот постоела црквата и тоа така и сега нема кој од нас да се буни дека се ставил крстот. Напаѓајќи^го обележјето на мухамеданството или на крстот, се напаѓаме самите себе. Толку за крстот.

Повторно ќе се вратам дали го кршиме уставот. Дали вие ќе се сложите со мене или нема да се сложите. Вчера го кажав и пак ќе го кажам, не можам да гласам влада без влада.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ**: (Продолжение)

Ако има некаде во светот да се избира нова влада, а да ја нема старата, која не даде одговор на многу мои прашања, тогаш како ќе ја избереме новата влада без стара влада. Фактички, ние правиме една нова влада. Незнам, Бранко како ќе се седи утре во таа столица на Кљусев. Кљусев не ти ја остава столицата, не ти ја дава. (во салата настана смеење) Не ти ја дава, треба да се тепаш со него. Како ќе ти ја даде, тој си ја држи? Не може вакви работи. Тоа се работи за смеење. Правиме Влада, не бараме никаква одговорност од старата.

Ќе го молам претседателот на Републиката, претседателството, не можеме да одиме понатаму на гласање. Ќе ги наредиме сите тука еден по еден министрите, ќе се искажеме, ќе се искажат што сакаат и тогаш може да прими друга Влада. Повеќе не сакам да ве изборувам, ви благодарам на вниманието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние сега ќе прекинеме и ќе продолжиме со работа во 14,30 часот, а ќе работиме нормално секој ден како што работиме, како што сме донеле одлука, ама секој ден ќе работиме додека не се произнесеме по дневниот ред и додека не го завршиме дневниот ред. Петок, сабота, недела, има постојано да се работи. Со работа ќе продолжиме во 14,30 часот

(Пауза од 13,30 до 15,10 часот)

Ги молам службите да ги повикаат сите пратеници да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Да продолжиме со работа.

За збор се јави господинот Веби Џемаили. (се откажува од дискусија)

За збор се јави господинот Александар Спировски.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Почитувани пратеници, се јавувам по втор пат за збор, секако поттикнат од определени дискусии искажани на денешната и на претходните седници.

Би почнал прво со една работа која повеќе пати се јавува пред овој Парламент од повеќе говорници од партијата на ПДП и НДП, а која се однесува во однос на искажуваше на една бројка од околу 40% на албанска националност во РМ. Сметам дека со ова бројка премногу се манипулира и премногу лесно ја сфаќаме а фактички воопшто не одговара на вистината односно на суштината. Јас ќе изнесам едни технички податоци во однос на пописот од 1981 и 1991 година.

Во пописот од 1981 година како албанска националност се изјасснеле 16,7% од целокупното население на Македонија. Тоа може да се провери и види. 1991 година албанското население не учествуваше во пописот и сега се јавуваат едни показатели, една бројка со која се манипулира од околу 40%. Сметам дека ова прашање треба да добие посериозен третман од причина што и со вакви податоци се оди кон освојување на власта на одредена популација, принципиелна, учество во власта. Мислам дека треба да се влезе во структурата на ова население, во структурата на проблемот од причина што колку што ми е познато 1981 година беше фаза кога терминот иредентизам доста добро се користеше, беше присутна една пракса одредени националности од исламска вероисповест кои не

припаѓаат на албанското население се попишуваат како Албанци. Тоа е точно и би сакал некој да ми каже дека не е точно, затоа што тоа го чинеше одреден број од Турците, одреден од Ромите, одреден број од Македонските муслимани. Во 19 91 година немаме никакви точни конкретни показатели, меѓутоа, како што реков ќе навлеземе малку и во структурата на албанското население, ќе кажеме за една друга категорија на Албанци кои се пишуваат како Албанци, а всушност не се. Тоа е категоријата на еѓупци. Тоа е категорија која го примила албанскиот јазик која веќе се осознала присутна е во Република Албанија, Македонија и Косово. Дека е тоа категорија која се осознава говори податокот дека во Охрид од каде што сум јас пратеник во пописот 1981 година се појавува категорија пишани Албанци преку 6 илјади. Во пописот од 1991 година веќе имаме 3.50 0 еѓупци. Односно се оди на една претпоставена бројка, бидејќи се работи за категорија на неосознаени Албанци, дека во РМ ги има околу 30%. Тоа е нешто што следи тоа е една вистина, никој не сака да се пишува она што не е. Тоа ќе го видиме натаму, времето ќе го докаже. Исто така се знае дека во Република Албанија ги има, поточно во градот Корча каде 60% од населението се декларира како еѓупци, а исто така се претпоставува дека на Косово ги има околу 300 илјади. Затоа, ве молам да престанете во однос на оваа манипулација дека вас ве има 40% како Албанци, затоа што од оваа сума бројка кога одредена категорија ќе се осознае, а веќе и другите националности се осознаваат и не сакаат да се пишат она што. не се, ќе остане многу малку и во тој дел да го барате вашето учество во власта.

Во моето вчерашно излагање се задржав на неколку работи, покренав прашање од Уставот на РМ. Неслучајно го спомнав законот за политички

партии, нормално е човек некогаш погрешно да се процени, можеби и јас погрешно се проценив кога кажав дека партијата на СДС во составот на новата влада декларира во деполитизираните институции пратеници од СДС. Можеби тоа е в ред, меѓутоа, сепак останува местото за надворешни работи каде што предлогот е од повеќето политички партии и бидејќи зборуваме за политичка влада, тогаш имаме и недефинирано место во тој поглед. Стојам на гледање во однос на составот на Владата, во однос на потпретседателите дека СДС не треба да дава таков предлог, од причина што нудат 3 претседатели. По мое длабоко убедување тоа не е прашање на организација и делокруг на Владата, туку се работи за функционери кои како и ние пратениците работат не само во Владата туку доаѓаат и во Парламентот како претставници на Владата, но пак ќе напоменам како функционери. Во однос на ова прашање побарав и вчера од ЗПК да даде дециден одговор дали во овој состав на Влада треба да постојат потпретседатели или не треба, дали тоа е прашање од организација и делокруг на Влада или се работи за функционери каде што точно Уставот одредува кој ја претставува Владата и кој ја сочинува Владата. Тоа е кажано за овој Парламент во Уставот дека има претседател и потпретседатели, кажано е за претседател на Република а исто е кажано и за Влада.

Понатаму, сакав да кажам, исто така, Парламентот не даде одговор на членот 10 од Уставниот закон. Членот 10 став 1 гласи: "Собранието на РМ во постојниот пратенички состав, претседателот на РМ и Владата на РМ продолжуваат да ги вршат функциите со права и должности утврдени со Уставот до одржувањето на новите избори". Последниот став од истиот член гласи: "законот за избор на пратеници во Собранието на РМ, Законот за избор на претседател на РМ и Законот на политички партии ќе се

донесат најдоцна 3vмесеци пред одржувањето на новите избори". Факт е дека закон за избор на претседател не е донесен, факт е дека овој член, се заобиколува во таа смисла што прашањето на Владата кога е во функција и предлогот на новата влада се префрлува во смисла на тоа што работите не се до крај појаснети и со право сега ние можеме да поставиме прашање, ако веќе оваа работа се префрлува, и за легитимитетот на претседателот на РМ односно ако се повикаме на уставните одредби, ќе видиме дека неговиот статус е изменет. Овој Парламент го избра претседателот на РМ, меѓутоа, неговиот статус е променет во смисла на тоа што за него се предвидени веќе непосредни тајни избори, што значи, како што кажав, закон за избор на претседател на Република не е донесен, неговиот статус не е до крај дефиниран, до кога и како ќе трае неговата функција, зошто не се распишуваат избори за претседател, и тоа е прашање кое треба овој Парламент да го стави како точка на дневен ред од причина што едноставно мораме да го почитуваме Уставот и да работиме работи по Уставот. Вака ќе прифатам дека претседателот на РМ не е легитимен и дека не дава исто така легитимен предлог во смисла на тоа, како што и вчера спомнав, за еднаш искористено право со забелешка на Уставниот суд на РМ, длабоко сметам дека е повреден Уставот во однос на рокот, каде што децидно се опре- делени 20 дена. Никаде не пишува 20 или некој или 30 дена за определена. партија. Сметаме дека Уставот е повреден и не треба да допуштиме истиот да се крши од страна на определени личности кои заземаат високи места во Републиката.

Поената на моето искажуваше е во тоа што пред меѓународната и светска јавност се. знае дека Македонија има комунистички претседател, а

сега формира w комунистичка Влада. Тоа е факт, тоа е присутно. Истото е присутно морам да кажам и во Република Србија каде што сите институции на власта ги има Социјалистичката партија, бившата комунистичка, каде што режимот во Република Србија е осуден речиси од целокупната светска јавност. Одиме по еден шаблон кој е применет во Република Србија, па господа демократи, јас верувам дека има демократи во СДС, во Реформските сили, сепак треба малку да помислиме кон што одиме, за да еден ден истите вие не се каете, да не се каете истите вие или вашите деца да не каат, затоа што светската јавност треба малку да се цени што кажува, што осудува и зошто осудува. Многу работи одат во магла, нејасно се сака да се протнат и да поминат едноставно, да се прекрши Устав и Закон итн.

Малку ќе се задржам на одделни министерства. (Се слуша реагирање од некои пратеници дека тоа не е на дневен ред)

Извинете, составот на Владата е. Јас мислам дека претходните говорници искажаа мислење за одредени министри.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, да не го прекинувате говорникот.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Во однос на одделни; министри сакам да го кажам следното, како што беше истакнато повеќепати.

За господинот Малевски - истиот поднесе оставка во знак на протест на Лисабонската декларација. Тоа го ценевме и го сметавме како висок морален чин. Во образложението да се каже зошто се инсистира. на оваа

личност, зошто пред Европската заедница и натаму упорно се оди на нешто кое во меѓународните норми кои важат во демократијата упорно се настојува да се оди со исти личности, а веќе истите се произнеле јавно пред целокупната европска и светска јавност дека се откажуваат од една. функција. Јас не би се задржал на работењето на ова министерство, меѓутоа, зборувам во однос на моралниот чин.

Исто така бевме сведоци во образованието овие денови дека министерот Бајалџиев поднесе оставка. Точно знаеме дека проблемот на образованието не беше од вчера. Проблемот на образованието се влече до месец мај. Во која политичка конотација оди ова во смисла на тоа што Бајалџиев поднесе оставка, а мандаторот за состав на Влада не ја прифаќа и ако цениме пак морален чин многу малку од тоа ќе остане. Во однос на моралот може да ни послужи можеби господин Димитров кој беше на истата функција и знаеме како постапи.

Во однос на министерството за внатрешни работи имам повеќе да кажам. Ќе излезам од вообичаената пракса со тоа што овој пат ќе нападнам одредена личност која служи на одреден систем. Затоа, мора да се каже вистината во однос на неговите дејства. Не смее да се заборават интервенциите на полицијата во Куклиш, Радовиш, Радолишта, не смее да се заборави ДУВЛ0, не смее да се заборавaат судењата во Велес. Кај последново малку ќе се задржам и ќе ви докажам како еден министер конкретно го крши Уставот, односно како истиот учествувал во Уставот и истиот со своите дејствија го крши Уставот.

Со видео касетата и со дуелот помеѓу господинот Љупчо Георгиевски и Добри Величковски на телевизијата излегоа работи во однос на

прислушкувањето, а и во однос на заведување на одредени лица да служат во една терористичка организација со тоа што тероризмот ќе се припише на партијата на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа го виде македонската јавност, меѓутоа, на она што сакам да се задржам во овој момент е тоа што господинот Добри Величковски јавно пред телевизискиот аудиториум кажа дека тој истиот не работел сам односно дека работел по налог на Министерството. Вие ценете кој го дава тој налог. Веднаш сакам да кажам дека против 4 лица нас кои им се става овој тероризам е употребена физичка сила односно посегнато е по нивните телесен интегритет беше јавно предочено на судењето во Велес, а исто така е содржано во изјавата на еден од тепаните што беше презентирана во неделното гласило "Глас". Ова што сакам сега да го кажам, а и да споредам со Уставот.

Се работи за лицата Ќурчиев Бено, Драги Каров, Стое Јакимов и Цветковски Митко. Во однос на судењето во Велес с е знае дека двајца од тепаните мокреле крв. Тоа било присутно на судењето во преполна судница, а во судницата ги имало околу 100. Се знае дека истиот ден кога се претворени овие лица, лицата од Велес се однесени во Штип за да можат да бидат малтретирани и тепани. Се знае дека биле тепани од 2 инспектори од српска националност. Се знае дека им се земани изјави, иако Уставот кажува нешто друго, се знае дека. изјавите се наоѓаат во судскиот преглед, тие изјави се приложени кон предлогот за истрага до истражниот судија, обвинителот од Велес. Истражниот судија ги знае и ги чува изјавите, а не смее да ги знае и да ги чува. За време на судењето на предлог на одбраната ги конвертира и постапува по законот. Она што сакам да кажам е

тоа дека надлежниот министер учествуваше во креирањето на овој Устав беше од членовите на експертската група која го правеше Уставот. Кога ќе го погледнеме членот 11 и 12 од Уставот таму се кажува нешто друго: "физичкиот ч моралниот интегритет на човекот се неприкосновени. Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесуваше и казнување". Овие елементи се присутни на телата на овие млади души, а присутни се и во лекарската документација која ја поседуваат. Во членот 12 се вели: "Слободата на човекот е неприкосновена. Никому не може да му биде ограничена слободата освен со одлука на судот и во случаи и во постапка утврдена со закон. Лицето повикано, приведено или лишено од слобода мора веднаш да биде запознато со причините за неговото повикување, приведување или лишуваше од слобода и со неговите права утврдени со закон"  и посебно, неслучајот се задржав на изјавите - "и од него не може да се бара изјава"! За цело време одредени институти во ова Република го кршеле и Уставот и Законот, оделе по старите шаблони. Ја знаеме конотацијата на ова судење и што се спремаше за ВМРО што требаше да се каже на светската јавност дека ова е терористичка организација, дека оваа организација работи со диверзии, саботажи итн. Да видиме кој работи и на каков начин. Тоа го :,забележуваме ние и кај господинот Фрчковски никој пат нема да дозволиме истиот министер да го заземе тоа место. Тој одеше на уништување на оваа партија, ние ќе започнеме и судски процес, а вие господа, малку размислете дали за еден ваков министер ќе се определите ч ќе одите по оној ист начин како што и

порано сте се движеле. Ова се околности кои стојат, кои можат да бидат докажани, партијата на ВМРО ќе си преземе дејствија макар што постојниот министер ужива имунитет, меѓутоа, ве молам особено да водите сметка за ова ресорско место бидејќи очигледна е коалицијата меѓу македонските партии од СДС, Реформски сили, Социјалистичка партија и ПДП-НДП, вие ќе донесете влада, меѓутоа внимавајте добро кои ги ставате во Владата, бидејќи ние рековме дека ќе бидеме опозиција.

Само да додадам, исто имам забелешка на Министерството за урбанизам, на младиот господин кои ја рашири играта на џет пот низ Македонија, има добра позиција, добро место за шпекулации ми се чини, бидејќи се занимаваме со такви работи.

И ова што сакав да кажам повторно во однос на партијата на ПДП-НДП. Со вашата коалиција ви кажувам дека поддржувате комунизам. Господинот Ханџиски ми префрла од место, сосема му е лесно да дискутира и да кажува со полна уста демократија кога знае дека неговиот предлог ќе биде изгласан, може сосема лесно да искажува што и како е демократија. Меѓутоа, господине Ханџиски вие рековте дека треба да му помогнеме на народот, а вие од народот зедовте нешто лично, ќе ве прашам за вашиот пат до вашата вила и> можеби нешто ви е многу ветено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам не се обраќајте овде лично.

**АЛЕКСАНДАР СПИРОВСКИ:**

Јас би завршил со тоа.

Х/1/ДВ/ЛБ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани пратеници, јас навистина слушнав многу дискусии, многу искажувања, меѓутоа, се ми е јасно. Пак ни се Дава една шанса која сите ние по се изгледа ќе ја искористиме, меѓутоа некој друг ќе оцени какви бевме и какви сме во нашиве настани во нашиве искажувања.

Јас навистина очекував дека ќе се каже доста и за составот на оваа Влада и главна пречка не е во овој случај тоа што се напаѓаат тие членови што некој мисли дека се од СДС, туку нешто друго гледам дека сме.

Јас пак се обраќам до господата од ВМРО.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

ВМРО-ДПМНЕ

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Но, по се изгледа, ве гледам доста се дружите и ,со еден . господин од ВМРО-ДП, во последно време. Изгледа пак коалицијата со ДП успева.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам немојте да разговарате за поединци, ова е говорница.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Ако продолжиме вака треба секогаш господа да гледаме дали ние го отвораме сезамот на демократијата или не. По се изгледа со нашиве настапи само го затвараме. Зошто? И ако не слушнав ниеден конкретен предлог каква треба да биде Владата или составот на Владата, господата од ВМРО. Претпоставувам, спрема нивните настапи, сега треба да биде еднонационално. Ако во Македонија биде таа Влада еднонационална што тоа значи. Тоа значи дека на албанците не им се дава за право да учествуваат во таа Влада. Значи не им се дава за право да учествуваат во

овој систем во Македонија, а што се последиците од тоа. Албанците ќе бидат  тогаш приморани да формираат паралелна Влада. Нека знае македонската јавност за ова. Паралелна Влада во Македонија. Од таа паралелна Влада и паралелно Собрание, после и со конкретни примери ќе ви кажам што ќе испадне. Нормално и од двете страни паравоени формации и после тоа кој се последиците. Дали вие господа од ВМРО мислите дека со таков начин (уфрлање од место) .

Македонската јавност треба да знае дека такви примери не ве плашам јас, имаше и има и тие слики што ги гледаме во БиХ по се изгледа сакате да бидат македонска стварност. А ние со самиот чин што учествуваме во оваа Влада сакаме тоа да го избегнеме затоа што не е во прашање тука лични пресметки . Затоа што јас мислам ако се работи за еден Исмет Рамадани и еден Голубовски многу лесно ќе биде таа пресметка. Меѓутоа треба да размислиме што ќе биде пак со тие што ги ние претставуваме, со нашата одговорност како пратеници, а јас како поединец или господинот Голубовски можеме да настапиме како што сакаме. Меѓутоа, сето тоа дали ќе заврши само меѓу нас двајцата или меѓу двајца тројца? На тие последици по се изгледа треба некој да размисли затоа што ако не сме знаеле порано сега се подобро знаеме. После тие и такви чинови ако правиме што ќе не снајде нас. Треба конференции, конференција, мировни, мировни а на крајот ќе биде некој друг мора да ни рече понатаму тие што останавте мора да живеете заедно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи господинот Голубовски е спомнат бара реплика-

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Јас му благодарам на македонскиот државен врв што ни овозможи од оваа говорница да ги слушнеме овие зборови што беа пред малку изречени. Изразувам длабока благодарност на македонските политичари што ја земаа

одговорноста да си играат со судбината на Македонската држава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Драги Арсов.

( господинот Томислав Стефковски сака да реплицира) Ве молам не може за реплика, ти не си спомнат. ВМРО тука нема партија, тука се пратеничките групи. Ве молам господине Стефковски седнете си на место немојте да правите неред, ве молам.

(бидејќи господинот Стефковски инсистира да излезе на говорницата претседателот на Собранието предлага пауза).

(Предлагам пауза од 15 минути.)

(по паузата)

Предлагам да продолжиме со работа.

Сакам да се договориме околу две процедурални прашања. Прво, секогаш кога некој сака во име на партијата, заради партијата итн. да добие збор, нема да добие збор од причина што партиите се субјекти и нивното постоење согласно со Уставот и сите се еднакви пред законот и Уставот и оние кои имаат свои претставници во парламентот и оние кои немаат. Затоа не можеме ние да ги двоиме оние кои имаат овде свои претставници да можат зад парламентарната говорница во име на партијата да зборуваат, а оние кои не се во парламентот да ги лишме од таа можност. Затоа овде се зборува само како пратеници и пратенички групи. Тоа да се има во вид и тука еднакво е мерилото за секого. Ние мораме да се држиме за сите акти што овде се донесувани.

Второ прашаше за кое сакам да се разјасниме е тоа што сакам да ви кажам кој уште се јавил за збор.

За збор се јавиле господин Драги Арсов, госпоѓа Лилјана Лазаровска, гос. Иван Иванов, госп. Авди Муртезани, госп. Џеладин Мурати, госп. Петар Трајковски и госп. Веби Џемаили, но еве сега се откажува.

X/4

Ве молам дали некој од овие пратеници што пред малку ги набројав се откажува. (не)

Бидејќи никој не се откажува, да прашам уште кој се јавува за збор. Тоа го велам за да можам да ги запишам овде во списокот и да направиме листа на говорници која кога ќе биде исцрпена тогаш да минеме на гласање по дадените предлози.

Еве сега во моментот за збор се јавуваат: госпоѓа Ратка Димитрова, госп. Јордан Бошков. г-дин Змејковски, г-дин Сејфедин Харуни, г-дин Борис Горчевски, г-дин. Владо Голубовски, г-дин Џафери, г-дин Горѓи Котевски, г-дин Таири, г-дин Томислав Стојановски.

Значи последен за збор се јави г-дин Томислав Стојановски. Значи после излагањето на г-дин Томислав Стојановски ги даваме предлозите на гласање. Но еве во моментот последен за збор се јави Хами Алиу. Значи неговото излагање ги ставам предлозите на гласање.

Сега имаме три кратки интервенции. Едната е на господин Томислав Стефковски, другата е на г-дин Јован Николов и третата на г-дин Хамит Халили.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници мислам дека го надминавме оној, да речам мал инцидент во врска со давањето на пауза од страна на претседателот на Собранието и давањето збор на мене го сметаме како едно извинување и мислам дека е во ред и го прифаќаме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се извинувам туку ви објаснив како стојат работите, а тоа го сметам за твоја отстапка што нема да зборуваш во име на партијата туку во името на пратеничката група.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Јас кога излегов со мојата интервенција не во името на ВМРО-ДПМНЕ, туку за она задолжение што го имам како координатор на

пратеничката група. Излегов чисто да кажам одредено мислење на таа пратеничка група во спомнувањата што ги даде пратеникот Исмет Рамадани.

Се спомнуваше дека виновна ќе биде пратеничката група со застапувањето на такви ставови овде кои би довеле до војна како и што зборуваше кои што не сфаќаат таа пратеничка група што значи и примерите што значат во Југославија до колку не се почитуваат одредени права и не се вршат одредени заложби од оваа говорница.

Јас само сакам да кажам дека начинот на формирањето на оваа Влада е утврден во Уставот. Од тука ако Уставот дава, ако добро се прочита и во првата варијанта и во втората дека право да составува Влада се дава на мандаторот на партијата со мнозинство гласови и на другите кои може да обезбедат мнозинство, јасно произлегува дека во овој случај немаме никаква повреда на Уставот во однос на условите за создавањето и образувањето на Влада до колку било која партија изостане од оваа Влада.

Конотацијата на господинот Исмет Рамадани се сведуваше дека еве пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ дека со своите настапи ќе предизвика војна каква што има во БиХ. Мислам дека тоа е сосема погрешно. Погрешно е и во смисла и во духот на она што го говоревме и вчера и денес. Состојбата во БиХ е неспоредлива со оваа во нашата Република . Во БиХ се работи за народот. Во Македонија се работи за народ и националноста. Оттука сметам дека нема место за никакво споредување и никаква бојазност.

ВМРО-ДПМНЕ како преговарачка група затоа во преговорите се вклучивме како пратеници и тоа да му е јасно на секого. И единствена и мудра одлука ќе беше политичко слепило до колку во таа Влада не би имало претставници на албанците, а тоа мислам дека ни е јасно на секого, меѓутоа во мерка што ќе биде прифатлива, а ова што се предлага навистина е без мерка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи господинот Исмет Рамадани е спомнат бара реплика.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ;**

Прво да не се стекнува погрешно мнение и во јавноста јас тоа што го кажав го кажав условно, кога би било, а за среќа еве ВМРО не може да состави Влада и нема да дојде до тоа. Добро е што не може сега веќе ВМРО да состави Влада. Тие објаснувања што ги дава г-дин Стефковски тоа значи дека народи каде што има може да има и убивања и воња и се, а ако во Македонија има националности и народи, не може да дојде до тоа. Тоа јас лично не го прифаќам и затоа да не одиме сега до тоа какво внатрешно регулирање треба да има во БиХ а какво тука, јас не би сакал сега да навлегувам затоа што таа материја не ја познава добро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да тоа не е во рамките на Републиката.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Меѓутоа ова веќе се инсинуации и може дури да се толкува толку погрешно и пред јавноста како што знаат господата од ВМРО тоа да го направа дека Исмет Рамадани се залагаше за војна. Така ќе рече господинот Голубовски, еве и од место вика. Меѓутоа, јас мислам дека со самото наше учество во оваа Влада ние покажуваме дека сме за заедничка Влада, затоа и учествуваме во оваа Влада. Јас и вчера реков бидете конструктивна опозиција а тоа би било најдобро за вас а тоа каква Влада ќе биде тоа ќе се докаже подоцна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Јован Николов кој има кратка процедурална забелешка.

**ЈОВАН НИКОЛВОСКИ:**

Почитувани пратеници, јас ве молам, два дена седиме овде се расправаме за утврдување на дневниот ред. Мислам дека интенцијата е да не се утврди дневниот ред, тоа е мој заклучок, тоа го кажувам пред јавноста, но сметам, со оглед на времето во кое живееме, со оглед на економските прилики кои што владеат во државата, материјалниот трошок што го чини ова Собрание. Затоа ги молам пратениците да не се оди од ова Собрание додека не се утврди дневниот ред. Мислам дека одлагањето на утврдувањето на дневниот ред од денешната седница за утре правиме штета и на ова Собрание, на буџетот на Републиката, мислам и штета на граѓаните на Републиката. Сакам да се изјасни ова Собрание процедурално до утврдувањето на дневниот ред да не ја прекинуваме седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве имаме еден предлог како да ни тече седницата. Господинот Јордан Бошков бара збор во врска со овој предлог.

XI/1/РД/ОМ

**ЈОРДАН БОШКОВ**

Дами и господа паднат е предлогот и ќе се гласа за него, не мислам да се изјаснам, но само во оној дел каде што се гледа мотивацијата во цената на одржуваше на седниците на Парламентот. Ако ние овде имаме став дека одржувањето седници е преголем товар за ова општество, тогаш ќе биде пожелно да заземеме консеквентно и дополнително став дека и демократијата има своја цена. Нормално отсликано во буџетот. Затоа не би сакал, а имавме за овие 20-тина месеци повеќе пати повикување на цената, а ете луѓето сепак се и невработени и со ниски плати и мали пензии, дека водиме лажно душегрижништво го ценам вашето залагање дека сакате да се продолжи со работата, можеби ќе се изјаснуваме околу тоа, но ве молам образложувањата да не бидат поткрепени со цената на сесиите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Икаме предлог на пратеникот Николов. Собранието да работи додека не го утврди дневниот ред. Ви укажувам дека имаме еден заклучок да работиме до 17 часот. Имајте го предвид. Затоа го ставам предлогот на господинот Николов на гласање.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, мене ми е навистина жал што памтењето некој од нас слабо ги служи. Во текот на вчерашната седница имавме идентични предлози од пратениците, но истиот претседател на Собранието ги одби тие предлози со образложение дека Собранието донесе заклучок секој ден, поточно кога имаме седници да се одржуваат најдоцна до 17 часот. Денеска го менува ставот, иако имаме заклучок, веројатно е ова некое сценарио, предлогот на пратеникот се обидува да го стави на гласање.

XI/2

Доколку дојде до кршење на ваквите заклучоци на Собранието, јас сметам дека нашето присуство тука е непотребно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, госпоѓица Димовска премногу гледа околу сценарија. Јас вчера ве прашав и ви кажав дека имаме таков заклучок и реакцијата беше таква и јас можев да кажам дека нема да го дадам на изјаснуваше. денес реакцијата е таква што треба да год адам на изјаснување. Јас се управувам по вас овде како вие реагирате. Како нашите пратеници реагираат. Тој заклучок го донесе Собранието и вчера кога ви кажав се согласивте да работиме до 17 часот и работевме до 17 часот.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Претседателе вие не можете субјективно да се однесувате и да оценувате какви се реакциите и врз основа на вашата лична оценка како претседател на сите пратеници во Парламентот да донесувате заклучоци. Ве молам да се однесувате спрема заклучокот на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам и секогаш кога мене ми е упатен приговор имам исто право како вас да си кажам. Гледам дека гледате премногу сценарија околу, по обично процедурално прашање. Тоа се чисти инсинуации, ништо друго.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Јас најмалку мислев на сценарија, а мислев на една продуктивна работа на Парламентот кога го предложив ова, заради тоа што ние без утврден дневен ред два дена расправаме по предлогот за состав на нова Влада. Мислам дека тоа е незамисливо да се продолжи вака да се работи во овој Парламент. Затоа предложив такво процедурално прашање да се реши овдека со изјаснување.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

Да се договориме дали уште некој бара збор со ова.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господине претседателе имам една сериозна забелешка затоа што седницата не ја водите ригорозно како што треба. Ако вака продолжите ќе ве дадам на суд дека не малтретирате тука. Ние не сме избрани пратеници да не малтретира една група на луѓе. Се знае за утврдување на дневниот ред, ако нема додатни нови аргументи, тогаш да се оди на гласање. Некому ќе му текне тука стопати да излегува со исти зборови и со приказни напишани пред десет години. Тие не се интересни и не се битни. Вие како претседател на Парламентот сте должни ако некој тука се однесува како на поле, или тера овци да му кажете дека не е на дневен ред тоа тука. Молам ова да оди на гласање. Секој има право да гласа како сака.

**АЦО СПИРОВСКИ:**

Процедурално да се држиме до заклучокот во однос на она што ја навредува нашата група за прикаски. Некој постојано тука кажува прикаски и пласира невистини, а перманентно работи против интересите на оваа држава.

**МУХАМЕД ХАЛИЛИ:**

За интересите на оваа држава која се вика Македонија тоа си одговорен ти. Ти ги продаваш тие интереси бидејќи не се чувствуваш како македонец.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека денеска имаме тежок ден и концентрацијата веќе ни попушта, јас лично еве не се чувствувам способен со внимание да следам што се случува во Парламентот. Предлагам да се прекине денеска работата и во вторник да закажеме продолжуваше на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме два предлога. еден предлог е на господинот Јован Николов да продолжиме до утврдување на дневниот ред и друг предлог е на господинот Голубовски. Ги давам и двата на изјаснување.

**БОРКО ГОРГЕСКИ:**

Ми се чини дека рековме да не се даваат предлозите на гласање, туку да се работи по заклучокот на Собранието. Нема да правиме денеска едно гласаме друг пат друго гласаме за една цел. Ова ќе излезе навистина секој ден да се превртуваме и да гласаме за една иста работа по два три пати. За тоа да не се случи и да не ни се смее народот, нормално Собранието ќе прекине во 17 часот и продолжува кога ќе донесе одлука претседателот на Собранието. дали тоа ќе биде утре, или во недела, или понеделник , или вторник тоа е работа на претседателот на Собранието. Но до 17 часот да прекинеме со работа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Знаете дека имаме заклучок да работиме до 17 часот. Собранието го донесе и Собранието е тоа што може единствено и да го измени, доколку за тоа виде релевантни причини. Ја чувте аргументацијата на господинот Голубовски, кој вели дека пратениците се изморени Се треба да се има предвид.

**ГОРГИ КОТЕСКИ:**

Јас вчера се обратив до вас и кажав колку дискутанти има и уште вчера на некој начин беше навестено дека денеска не можеме да ја завршиме оваа седница. Зошто без потреба правиме една конфузија и правиме вакви недобри работи. Меѓутоа треба еднаш да сфатиме сериозно каде ја водиме оваа република, со сите овие наши недолични однесувања страшно ја поларизираме Републиката на две антигонистички страни. И тоа ќе ни се случи, бидете сигурни затоа оној ред што го започнавме нека се

доврши. Има тука пратеници кој се јавија за збор, а досега - не дискутирале. Ако до тоа еве јас еднаш дискутирав и се откажувам од мојата дискусија. Меѓутоа не смееме да дозволиме оние пратеници кој се јавија имаат право да дискутираат и со ова изгласување ако се гласа да се прекине мислам дека не е чесно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво да се изјасниме. Господинот Котевски се откажува, господинот Таири се откажува , Амит Алиу се откажува. Сега имаме вака: Господин Драги Арсов, госпоѓа Лазаревска, господин Иван Иванов, Абди Муртезани господин Мурати, господин Трајковски, госпоѓа Димитрова, господин Бошков, господин Змејковски, господин Харуни господин Горчески Борис, господин Голубовски, господин Џафери останува, господин Стојановски останува. Тоа се 14 учесници во рас- правата. треба да процениме дали овие учесници сите можеме да гиислушаме денеска.

Дали некој бара збор во врска со процедурата? (Никој) Господинот Николов предложи денеска да работиме до утврдување на дневниот ред.

Молам кој е за нека крене рака.

64 пратеници гласаа за.

Кој е против? (19)

Колку се воздржуваат од гласање?(2)

**АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во пребројувањето барам поединечно да се гласа. Имам поддршка од 10 пратеника.

XI/6

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има ли 10 пратеници што го подржуваат ? (има)

Господинот Тодоровски нека ги извика сите луѓе поединечно.

Ги молам пратениците да седат на местото бидејќи ќе се гласа.

Значи гласаме кој е да работиме до утврдување на дневниот ред. (прилог)

XI/7

# С П И С 0 К

## на пратениците во Собранието на Република Македонија според азбучен ред на презимињата

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | за |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | - |
| 3. ХАМИД АЛИУ | за |
| 4. ЕШРЕФ АЛИЈИ | - |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | за |
| 6. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | - |
| 7. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | - |
| 8. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОСКИ | против |
| 10. ДУШКО АРСОВСКИ | за |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | против |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | - |
| 14. ЈОРДАН БОШКОВ | против |
| 15. ГОРГИ БОЈКОВСКИ | за |
| 16. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 17. ПЕТАР ГОШЕВ | - |
| 18. ТУШЕ ГОШЕВ | за |
| 19. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | против |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | - |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | за |
| 22. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | за |
| 23. ТОДОР ДИМОВ | за |
| 24. ДОСТА ДИМОВСКА | против |
| 25. РАТКА ДИМИТРОВА | - |
| 26. ПЕТАР ГОРГИЕВ | за |
| 27. БОРКО ГОРГЕСКИ | против |
| 28. ДУШКО ГОРГЕСКИ | за |
| 29. ЗУДИ ЕМИНИ | за |
| 30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ | за |
| 31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ | - |

| | |
|---|---|
| 32. НАСЕР ЗИБЕРИ | за |
| 33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ | за |
| 34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ | за |
| 35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ | против |
| 36. СИМЕОН ИВАНОВСКИ | за |
| 37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | за |
| 38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 39. ИВАН ИВАНОВ | за |
| 40. ЉУПЧО ЈАКИМОСКИ | против |
| 41. ЦВЕТАН ЈОВЧЕСКИ | против |
| 42. РИСТО ЈОВАНОВ | - |
| 43. ГУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА | за |
| 44. РИСТО ЌЕЛЕШОВ | за |
| 45. ТАШКО КИРОВ | |
| 46. ЗОРАН КИТЕВ | против |
| 47. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ | - |
| 48. ГОРГИ КОТЕВСКИ | за |
| 49. СТОЈАН КОВАЧЕСКИ | за |
| 50. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 51. НИКОЛА КРСТЕСКИ | - |
| 52. БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА | воздржан |
| 53. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ | воздржан |
| 54. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ | воздржан |
| 55. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | за |
| 56. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | Воздржан |
| 57. ЕФТИМ МАНЕВ | - |
| 58. СТРАШО МИЛКОВСКИ | за |
| 59. ПАНЧО МИНОВ | за |
| 60. МАРИН МИЛЕНКОСКИ | за |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | за |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | против |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | за |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | за |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | воздржан |
| 66. НАИФ МУСТАФА | за |
| 67. СИМОН НАУМОВСКИ | за |
| 68. ПАНЧЕ НАСЕВ | за |
| 69. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |

70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ против
71. ДУШАН НИКОЛОВСКИ за
72. ЈОВАН НИКОЛОВ за
73. ТОДОСИЈА ПАУНОВ за
74. МИХАИЛ ПАНОВСКИ против
75. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ против
76. ТИТО ПЕТКОВСКИ за
77. ТОДОР ПЕТРОВ против
78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ за
79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ за
80. КИРО ПОПОВСКИ за
81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ за
82. ШАБАН ПРЕВАЛА за
83. ИСМЕТ РАМАДАНИ за
84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ за
85. ИВАН РАМБАБОВ за
86. НЕИМ СЕЛМАНИ за
87. ФЕРИД САДИКУ за
88. АСЛАН СЕЛМАНИ за
89. НАУМ СИМЈАНОВСКИ против
90. АЦО СПИРОСКИ против
91. РИСТО СТАНКОВСКИ за
92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ за
93. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА. за
94. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ за
95. СТОИЛЕ СТОЈКОВ воздржан
96. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ против
97. РИСТО СТАМЕНОВ -
98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ -
99. ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ за
100. ЏЕЛИЛ ТАИРИ за
101. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ -
102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ -
103. БЛАГОЈ ТОШЕВ -
104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ за
105. ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ -
106. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ за
107. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ против

| | |
|---|---|
| 108. АГИМ ФАЗЛИУ | за |
| 109. АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | против |
| 110. БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | за |
| 111. АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | за |
| 112. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 113. МУХАМЕТ ХАЛИЛИ | за |
| 114. СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | за |
| 115. БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ | - |
| 116. НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | за |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | за |
| 119. БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | - |
| 120. ХИСНИ ШАКИРИ | за |

XII/1/СЈ/ЛБ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, гласале 98 пратеници, 72 за, 20 се против и шест воздржани.

Господин Петров сака да даде некои забелешки, процедурални забелешки.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Јас барам претседателот сепак бидејќи сите пратеници излегоа надвор после гласањето да преброи дали воопшто има кворум иако желбата на предлагачот беше да ја продолжиме сеницата, затоа што ако се констатира дека нема кворум најдобро би било сепак да ја прекинеме седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа ќе го утврдиме. Ги молам службите да ги повикаат пратениците да влезат во салата, а господин Стефковски сака некоја процедурална забелешка.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Со оглед на фактот дека најголемиот број од пријавените дискутанти се од пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, а познато е дека за секој настап има и одредена подготовка било каква и психолошка и слично. Оттука сметам дека е корисно пратеничката група со пријавените кандидати обави еден разговор за нивната подготвеност да учествуваат во понатамошната расправа на седницата. Поради тоа барам пауза од 15 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, пауза од 15 минути (паузата започна во 17,5 часот (По паузата седницата продолжи со работа во 17,30 часот.)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Збор има Драги Арсов.

XII/2

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, очигледно левиот блок во Собранието сега веќе во коалиција со ПДП-НДП кој што со својата согласност за состав на нова Влада веќе на таа коалиција и го дадоа својот легитимитет решиле да формираат Влада, нова Влада, меѓутоа не е добро ни за овој Парламент, ни за Македонската ни за светската јавност овде да останат некои дилеми нерасчистени и после оваа седница ние да останеме со таквите дилеми со сознанието дека уставното не е уставно, законското не е законско, демократското не е демократско.

Вие инсистирате на дневен ред да се стави изборот на новата Влада. Разбирливо е вашето инсистирање, меѓутоа јас ќе кажам зашто ние сакаме овие дилеми да ги расчистиме, затоа што прашањето на Владата и поставувањето на дневен ред не е тоа прашање како другите прашања што се ставаат на дневен ред, затоа ова прашање што го поставуваме на дневен ред има клучно значеше за тоа како Македонија ќе тргне во иднина, по кој патишта ќе ја гради својата иднина . Таа дилема овде ние не ја расчистивме не само во однос на уставниот член 90 за мандатот за состав на новата Влада. Јас за тоа вчера зборував, меѓутоа овде ќе се навратам на еден друг член, на членот 89 Овде господинот Абдурахман Халити излезе со уставот, излезе со службениот весник за Владата, а исто така и со стариот устав односно со амандманите. Јас, во врска со тој член односно со членот 89 инсистирам пак да се вратиме на регулирањето на прашањето што го покренува овој член кое прашање е процедурално, односно кое е сврзано со уставниот основ за избор на Владата.

Пред да се пристапи кон утврдувањето на дневниот ред за Владата на Република Македонија, за нејзиниот предложен состав мораме да расчистиме со уставно правниот карактер на составот на таа Влада. Значи

станува збор за уставната основа, за состав на Владата онака како што го предлага мандатарот. Имено ако се предлага  Влада во чиј состав се избираат тројца потпретседатели на Владата тој предлог сметам дека е во спротивност со Уставот односно е без уставна основа. Пак ќе повторам, иако за тоа зборуваше и господинот Спирковски вчера во членот 89 што го посочи став 1 од Уставот на Република Македонија децидно стои дека Владата ја сочинува претседател и министри, а потоа ниту во еден друг член на Уставот не се зборува за потпретседател или за потпретседатели на Владата. Затоа, уште еднаш нагласувам составот на Владата е прашање од исклучиво уставна надлежност и не може да биде регулирано со закон како што е случај со законот за регулираше на прашањата на организацијата и начинот на работата на Владата за кои тука што зборуваше господинот Абдурахман и кој што овде ни го покажуваше.

Како што стои во членот 81 став 4 од Уставот тоа прашање зборува за составот на Владата и уште помалку може да се регулира со подзаконски акт како што е Деловникот на Владата и слично, па затоа велам н еможе да се зборува за составот затоа што составот на Владата е една работа која што се регулира со Уставот, па организацијата и начинот е друго прашање кое што се регулира со закон. Во прилог на ова тврдење ќе ве потсетам дека основата за составот и на претходната Блада која имаше потпретседатели беше утврдена исто така со уставна одредба односно со амандманот 76 точка 1 од 20.IX.1990 година, каде стои дека Владата на Република Македонија ја сочинуваат претседател, еден или повеќе потпретседатели и членови и министри. Значи, уште еден аргумент дека за составот на Владата постоеше уставна основа, а не законска.

Да се потсетиме дека и во претходниот устав од 1974 година во член 394 став 6 со уставна одредба се определуваше составот, а со законите за поранешните извршни совети само се превземаше таа уставна одредба. Од

тука предлогот за избор на тројцата потпретседатели на оваа Влада не само што ја нема потребната уставна основа  туку напротив е во директна спротивност со новиот Устав на Република Македонија. До колку некој смета дека изборот на потпретседателите на Владата може да се темели врз членот 4 на постојниот закон на Владата на Социјалистичка Република Македонија, нагласувам, бидејќи тој закон е сеуште за Владата на Социјалистичка Република Македонија, каде е предвидено постоење на еден или повеќе потпретседатели го сметам нереално и неприфатливо од следните причини:

Овој закон за поранешната Влада е донесен на 8 ноември 1990 година, значи една година пред Уставот и се темелење врз амандманот 76 донесен порано т.е. на 20.IX.1990 година и тогаш овој закон не беше спротивен со Уставот. Но, сега е спротивен со новиот устав. Ако е така и ако некој сеуште не верува дека е во сила бидејќи не е изменет рокот за неговото усогласување тогаш во однос на составот на Владата тој не може да се применува бидејќи составот како што реков е исклучиво уставна надлежност а постојниот тој устав тоа прашање го решава на друг начин/ с° претседател и министри.

XIII/1.-СС/МЛ

**ДРАГИ АРСОВ:**

Од тие причини инсистирам за овој состав на Владата да се примени член 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот каде стои дека Уставот се применува, значи директно, од денот на неговото прогласување. Ако за примената на одделни негови одредби со овој Уставен закон не е поинаку определено, токму за овој случај не е поинаку определено, тогаш можеме да заклучиме дека под- несениот предлог за избор на потпретседатели нема уставна основа.

Од тие причини, пак велам, да не дозволиме тоа што не е уставно да го направиме уставно, незаконско законско, а демократското недемократско.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Госпоѓа Лазаревска не е тука.

Збор има господин Иванов.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници.

Со целиот респект на пратеничките права од една страна, како и политичките интереси, меѓутоа од сето ова што вчера и денеска го слушаме и беше изнесено на оваа говорница, сметам дека претеравме и дека нивото на овој Парламент ако го сметаме за Парламент и ако се залагаме за некоја парламентарна држава која треба да влезе во Европа, можам; слободно да упоредам дека е под нивото со една маалска конференција кога треба да се расправаат најобични банални прашања.

Мислам дека со еден ваков пристап не правиме добро на македонската држава ниту можеме да ги оствариме нашите цели. И покрај партиската припадност ќе зборувам како пратеник со чувство на

одговорност спрема избирачите и пошироката јавност. Во дискусиите беа изречени тешки обвинувања, невистинити, омаловажувања дури и закани, а ова стана веќе и пракса на поедини пратеници кои станаа ТВ ѕвезди и се обидуваат на овој народ да се декларираат и како демократи и како заштитници.

Морам да кажам дека повеќе пати дел од нас пратениците, почитувајќи ги основните правила на пристојно однесување и покажувајќи една трпеливост кон сето она што е искажано, се јавуваме во улога на слушатели, односно добиваме квалификации на пасивни пратеници, непознати за „јавноста, а нашите ставови ги изнесуваме при гласањето и тоа сосема отворено без било какви предрасуди, се со цел да придонесеме за рационална работа на Парламентот и зачувување на неговото ниво и достоинство.

Меѓутоа, при одлучување за вакви важни точки не може човек да се стави во улога да биде пасивен посматрач и да ја препушти иницијативата поедини ТВ ѕвезди да се појавуваат со по- веќе дискусии, упорно наметнувајќи свои ставови, а бранејќи се дека сите тие се во интерес на граѓанинот. Се повикуваме на интересите на граѓаните на македонската држава и пошироките интереси, а се искажува и загриженост за состојбите и приликите. Меѓутоа, сето тоа е многу прозирно. Се работи за грчевита борба за власт, за партиско слепило, за тесни партиски интереси. Тоа е главното и важното, а сето друго е обична фарса и висок политички маркетинг.

Самиот факт преку ноќ да се менува партиска припадност, се формираат нови партии за да се дојде, само со цел, до функција, до власт па потоа на народот ќе се проповеда висока демократија, грижа и совест спрема проблемите на граѓаните, грубо и бескомпромисно се напаѓаат поедини функционери, се негираат историските достигнувања само за да се

постигне партиски и личен маркетинг и интерес. Сето тоа почитувани колеги и пратеници е провидно. Тоа носи ефекти на кратки стази. Тоа е опасно и штетно за нашите граѓани и македонската држава. Ваквиот политички маркетинг е привиден. Тоа народот веќе добро го знае и чувствува со тешки последици.

Па, самиот пристап на овие два дена во расправата не може да добие друга квалификација освен опструкција на Парламентот да не може да усвои дневен ред, да не може да работи по едно важно и битно прашање.

Сегашните состојби во Републикава повеќе пати беа искажани, тие се тешки и сложени. Тие не ни дозволуваат вакво однесување нам, на пратениците и Парламентот во целина. Немањето Влада и безвластието е опасна работа и придонесува подлабоко да се навлезе во амбисот и да се прокоцкаат и оние можности за изнаоѓање адекватни решенија за сегашните состојби.

Без да ги омаловажувам и обезвреднувам активностите на досегашната Влада и нејзината работа, меѓутоа на досегашната Влада Парламентот и изрази недоверба. Недоверба, со високо ниво на гласови. Тоа е веќе јасно и беспредметно. Меѓутоа, мислам дека е сосема јасно оти под плаштот на експертната Влада дефакто немавме експертна Влада. Вчерашните и денешните дискусии тоа многу убаво го потврдуваат дека тоа било Влада што некому му служела и има интереси таа Влада и натаму да биде и е потребна за сегашните состојби, за сето она што е од тој политички маркетинг. Мислам дека не е коректно кога овде пред говорницата искажуваме дека дел од тие членови на Владата се национални херои, а сите други се, на некој начин, дури и со етикетот наречени издајци. Мислам дека тоа не е вкусно, не е коректно.

Исто така сакав сосема слободно да кажам, без било какви претензии дека барем ние, пратениците од Реформските сили и Социјалистичката партија немавме, ниту браневме некого од таа Влада.

Можноста за формирање на таква Влада најпрво и беше доверено на партијата ВМРО-ДПМНЕ. Таа шанса оваа партија не ја искористи. Можеме и иронично да се смееме и да правиме разни гримаси и сето тоа поинакво да го сфаќаме, меѓутоа таа шанса што и беше доверена не ја реализира. Од кои причини, сигурно времето ќе покаже. Таа можност се даде на СДС која обезбеди услови за формирање Влада во коалиција со другите политички партии.. Тоа е непобитен факт и никој не може тоа да го оспорува. По најмалку ако се оди во делот на регуларноста или во делот на тражење на правни зачкулици, во смисла на оспорување на ваквата доверена задача. Дали е тоа во прва фаза или втора фаза, ние можеме за полно работи да бараме изговори, меѓутоа, за жал изговорите ги бараме тогаш кога ќе ни бидат потребни. Тогаш се јавуваме во улога на добри правници, добри познавачи на правото, се со цел тоа да го аргументираме и покажеме како издржано за доброто на народот, за доброто на Републиката.

(Од пратениците некој извикува "за жал").

Токму, на жалост.

Ако сме за доброто на граѓаните и за стабилноста на македонската држава, а јас колку што можам да забележам сите или поголем дел од пратениците во изнесените дискусии вчера и денеска се декларираа дека се за тоа. Тогаш, да пристапиме одговорно и сериозно кон таа задача. Тоа значи да го прифатиме предлогот од предложениот дневен ред за денешната седница. Со тоа што да го задржиме правото при расправата по точката, што за жал тоа веќе  во самото дефинирање на дневниот ред

повеќе пратеници го искористија, што е сосема спротивно на Деловникот и нашето однесување.

Слушнавме, за мене, аргументирани изнесувања дека не постојат правни пречки да пристапиме кон овој дневен ред и да пристапиме кон дискусија за избор на нова Влада, бидејќи рековме дека старата Влада веќе, а дел самите членови на таа Влада се произнесоа, дури и бараа дека максимално можат да останат 15 денови и дури бараа што побрзо да се избере Влада. Ние упорно, односно некои упорно настојува таа Влада да ја одржи во живот.

Мислам дека со ваквиот чин на однесување во сегашните услови, а сакајќи да го постигнеме она што сите овде многу гласно го изговараме, а тоа значи за да го заокружиме процесот на конституирање на државата, за да придонесеме за признавањето, меѓународно, на Републиката, за да го изградиме правниот, економскиот, политичкиот систем, сето тоа бара една одговорна Влада пред овој Парламент која треба да пристапи кон разрешување на сите тие проблеми и прашања.

Прашањето дали таа Влада ќе биде среќна, дали таа Влада е политички определена, дали таа Влада има задни намери е пак во рацете на овој Парламент, пак во рацете на овие пратенички групи кои сето тоа ќе можат да го ценат во фазата на предлагањето на сето она што ќе биде заедничка работа. Според тоа, појавата на песимизам, страхување, загриженост од комунизам и сето тоа мислам дека е пренагласена, преуранета и би рекол некоректна. Особено што ако имаше некој можност да формира исто таква своја политичка Влада.

Затоа, сметам дека нашата работа треба да ја свртиме кон економијата, кон проблемите со кои се среќаваат нашите граѓани, бидејќи сите знаеме не од аспектот на заканите, гледаме се нижат како се нижат

XIII/6.-

штрајковите, немирите, барањата на граѓаните и сето друго. Тоа, ако потрае уште повеќе, а мислам дека сите овде што дискутираме укажуваме дека тоа не ни е целта. Целта ни е да помогнеме. И, господинот Голубовски кој вака се смешка и кој секогаш се појавува во улогата на заштитник на Македонија и македонските интереси, меѓутоа дефакто кога ќе дојдеме во фазата на сето тоа ние секој пат искажуваме одредена загриженост која ќе настане ка- ко онаа старата "секирата ќе падне и ќе ја утепа снаата и детето".

Мислам, исто така, дека нашите искажувања овде беа не- коректни и невкусни спрема новиот мандатор и кандидатите кои беа предложени, не од аспект да ги бранам или протежирам нешто што ќе донесе лошо на народот. Од самиот човечки однос, од самото ниво на овој Парламент. А, јас апелирам да го чуваме нивото на овој Парламент за да има народот доверба, сеуште додека има, во овој Парламент иако од нас, кога ќе се појавиме во разни средини, дали сме анонимни како што не крстат почесто новинарите или пак ТВ ѕвезди, не покажуваат со огорченост дека ние сме пречката за сите решенија и за сето она што се појавува и тие се среќаваат во сегашниот живот.

Од тие причини неминовно е формирање на Влада. Тоа значи дека ние мораме да пристапиме на овој чин, а веќе имаме и таков предлог. Во фазата на произнесувањето да ги кажеме своите размислувања и да кажеме нешто соодветно, а не однапред да правиме опструкции и грчевито да се бориме дека ако дојде до нова Влада дека ќе ги изгубиме сите позиции пред граѓаните и како политички партии. Напротив, што ќе немаат свои претставници како опозиција ќе може со право да се докажат и своите идеи да ги потврдат во фазата на работата на Владата и во секое време можат да го искористат своето право како пратеници и групи па бараат

XIII/7.-

соодветни решенија. При тоа да го подигнат и маркетингот и да обезбедиме едно нормално работење на овој Парламент.

Затоа го поддржувам предлогот да пристапиме кон усвојување на дневниот ред, затоа го прифаќам предлогот, незнам, бидејќи два дена чекав да дојдам на ред за дискусија, имав намера да ги замолам останатите пратеници да престанеме со двојното - тројното јавување за дискусија, туку да дадеме можност, а притоа да ги користиме сите механизми што се на располагање, дали во делот ја поддржуваме политиката на идната Влада или како опозиција да предлагаме други соодветни решенија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Голубовски беше прозван и бара реплика.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОБСКИ:**

Почитуваниот господин Ивановски очигледно има оптоварена совест, но мислам дека не го одбра ниту местото ниту моментот да се исповеда. А, најмалку има потреба кај мене да бара некоја помош.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор госпоѓа Лазаревска.

**БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, се она што мислев, што сакав да го кажам или беше кажано вчера или денес, како вистина или невистина, како доследно или недоследно, за мене падна во вода во оној момент кога од овде слушнав една реченица изговорена од двајца дискутанти која во целост ми отвори една"нова врата низ која влегувам за да го најдам вистинскиот камен за доѕидување на куќата на меѓусебната

доверба". Ова последното е цитат од програмата на новата Влада.

Со почит кон залагањата на сите партии во остварувањето на своите партиски програми, во полза на државата Македонија, изборите резултира со три блока односно три партии. Сметам дека другите претставуваат малцинство во однос на овие три, ВМРО-ДПМНЕ ка- ко антикомунистичка и национална партија, СКМ ПДП комунистичка партија ослободена од националното во целост и ПДП антикомунистичка барем тогаш и национална партија.

Како антикомунистички, првата и третата партија имаа за- едничка борба, борба против комунизмот. Разликите и интегралите кај националното можеби беа големи, но со дијалог се се постигнува. Всушност сите така изјавуваме.

Кога втората партија, СКМ ПДП ја согледа опасноста од антикомунистичкото делување на овие две партии, почна стратешки да делува. Почна целосно омаловажување на ВМРО-ДПМНЕ, прегласување на истата партија за националистичка, пробугарска итн. со што почнува разделувањето на Македонците. Истовремено го; менуваат името на СДСМ, значи веќе не се комунисти и почнуваат ашикување со ПДП и НДП.

Нападот продолжува. Блокирање на сите институции во кои ВМРО имаше мнозинство, а најдобар пример е Градскиот комитет.

XIV/1/нд/см

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:** (Продолжение).

Понатаму, се повеќе соработуваат со ПДП w НДП, кои иако ги имаат сите права како малцинства веќе добиваат и повеќе од сите меѓународни документи кои важат за малцинствата во целиот свет. Сегашната влада т.е. односот на партиите во неа одамна се насети. Откако СДСМ поска да ја врати комплетната власт, во целост почна да им удоволува на ПДП и НДП. Така ВМРО остана на маргините и воопшто не верувам дека било кој од партиите во сегашната коалиција имала вистинска намера да направи влада со ВМРО-ДРМНЕ. Значи, од 3 се создаваат 2 блока од две партии ПДП w НДП и Социјалдемократскиот сојуз на Македонија кои совршено работат. СДСМ за да го задржи приматот си го губи својот национален идентитет кој во меѓувреме срамежливо го покажува. Најголем пример е изборот за грб, а би навела дека англичаните велат дека народ без традиција во своите симболи не е за почит. Албанците добиваат се повеќе за законот национален просперитет бидејќи идентитетот го имаат прифатени од комунизмот како средство за остварување на своите цели. Со ова би функционирало перфектно се и без ВМРО-ДПМНЕ, но денес на неколку пати чув нешто што сериозно ме загрижи и тоа од дискусијата на Оломан Сулејмани и Мерсим Положани. Господинот Сулејмани за кого со респект можам да зборувам во секое време како да навести една стара стратегија која почнува да се обелоденува. Тие цврсто убедени во тоа што го зборуваат ги повикуваат, цитирам, крајно левите и крајните десните за разум, а тие се сместија во центарот.

(Реагирање од местото - сигурно).

XIV/2

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам без дофрлување.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Да, најсигурно.

Симболиката на раздвојувањето мене ме уплаши. Симболиката на раздвојувањето. Значи, триумфот на албанците е тука. Македонците се разделија, албанците се меѓу нив. Кон кого да се приклонат секогаш добиваат мнозинство и ја остваруваат својата цел.

(Смеење на пратениците на ПДП - НДП).

Ве молам, ништо не е случајно и оваа симболика има длабоко значење за иднината на Македонија. Затоа ќе цитирам една реченица од програмата, понудената програма на идната влада која што вели "злото никогаш не доаѓа само".

Ова мое размислување во целост му го посветувам на господинот Бранко Црвенковски и ја напуштам седницава во која и јавно триумфира албанската идеа за победа над македонците тие да бидат разделени, со секоја почит кон сите 120 пратен«ка на Собранието.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано Претседателство, дами и господа, јас се верував дека седницата за избор на новата влада на Република Македонија ќе трае не повеќе три саата. Фактички сеуште не сме на половина пат на одлучувањето. Според тоа, секој па и граѓаните на Македонија нека одлучат и нека гледаат кој е виновен за ваква опструкција и кој и колку ја сака Македонија.

XIV/3

Во тој однос сметам дека за овие два дена доволно w доста се навредени пратениците албанци, па јас би молел во иднина сепак да имаме обѕир и не би било добро да се навредуваме помеѓу себе затоа што заедно живееме и заедно ќе живееме во иднина.

Очигледно се сака да не се избере нова влада, а кој е тој што прави сопки, ако ние не сме објективни тогаш народот нека цени. Меѓутоа, еден факт кој е непобитен и за овој Парламент и за јавноста тоа е дека за доверба на Владата која е во оставка скоро сите гласавме. Според тоа не би било добро да се јавиме и да бидеме лицемерни пред донесената одлука. Ако ја сакаме Македонија тогаш треба новата влада што побрзо да ја "збереме затоа што само така ќе се залагаме за Македонија која ќе биде демократска и независна. Во спротивно ако сакаме и ако w од сега натаму и понатаму велиме дека Македонија за некои е мајка, за некои маќеа,тогаш тешко се лажеме сите, заради тоа албанците никогаш овде не биле малцинство, нито се, ниту се осеќаат. А и според Уставот на Република Македонија се знае како се викаат, меѓутоа нивно е дали се согласни со тоа.

Ние барем,.што се однесува по однос на македонците до сега и како народ, а и Албанија како држава била w во право и секогаш би признала, според тоа не 6« било и од таа гледна точка и морално на овој начин да се шиканираме.

Во однос на тоа што овде се слушна од одредени пратеници дека албанците во Македонија се толку, или не се толку се малцинство, или повеќе. Албанците во Македонија се толку колку што се. И Македонците се толку колку што се w ромите, и власите, и србите и другите кои живеат во Македонија. И толку ќе биде нивна Македонија колку што и се. Само рамноправни можеме да изградиме една демократска заедница и држава.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас и вчера се произнесов за предлогот за составот на новата влада w апелирав да најдеме сили w разум и ум да гласаме w да создадеме таква политичка клима, и психолошка клима, пред се кандидатите за составот на новата влада да ги охрабриме затоа што ние заедно со нив ќе работиме и ќе обезбедиме услови навистина да излеземе од кризата во која се наоѓаме. Затоа немам ни намера да дискутирам за ова, меѓутоа излегов само да исправам една грешка од еден претходен дискутант во однос на демографската положба на Македонија, поточно за албанското население во Македонија.

Беше изнесено, иако не е предлог на дискусија, јас незнам зошто се дискутира за вакви работи, дека во пописот од 1981 година албанци имало 16,7%. Статистиката, се вели е лажна наука, но јас сеуште ве уверувам, бидејќи имам податоци дека во 1981 година албанци имало 19,8%, а според пописот на населен«ето во 1991 година, според проценките на Републичкиот завод за статистика албанци има 21%. Се поставува прашањето дали согласно динамиката на раѓањето односно наталитетот, за кој од сите се говори дека е голем, дали е пораснат за 1%.

Второ, навистина се игра со бројот на албанците во Македонија. Јас немам податок, а сите го сакаме тоа и верувам дека сите се залагаме да го имаме точниот број, да не се манипулира со таквите бројки. Бидејќи немам точен број на населението, ќе изнесам некои бројки кои се изнесуваат, а веројатно и вие сте ги читале. На пр., еден њујоршки весник се искажува дека во Македонија има 600.000 албанци. Не ни е проверен, но и вие сте го читале сигурно бидејќи беше изнесен и во "Нова Македонија". Во еден весник излезен во Цирих се вели дека албанци во Македонија има 25%,

може да се претпоставува колку се. И најнов податок има во една економска социјална студија изготвена од Светската банка во која се пишува дека албанци во Македон^ја има од 25 до 30%. Ги изнесов овие бројки не заради друго, туку да кажам дека и јас како албанец не сум задоволен со составот на новата влада, затоа што има малку албанци, веројатно б* требало да има w повеќе, но покрај сето тоа се согласувам заради политичкиот момент и економската состојба во која се наоѓаме да ја гласаме владата без широки дискусии и елаборати.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

За вчерашниот ден беше закажана оваа 49-та седница, а незавршена 41-та седница...

(Ова шест пати го кажувате).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам воздржете се од дофрлување од место. Повелете господине.

**ПЕТАР ТРАЈКОВСКИ:**

Со единствена точка на дневен ред, како што знаеме избор на влада. Не се согласувам ни јас лично со ваков дневен ред заради кршењето, како прво на Уставот на Република Македонија, а во моето образложение за неоснованоста на дневниот ред ќе кажам и тоа дека овие две три недели со многу избирачи w со многу граѓани од сите партии сум се консултирал и ова мое неслагање со овој дневен ред е точно барање на избирачите од каде што сум избран.

Во какви услови е свикана оваа седница. Тоа прво се запрашав кога дојдоа материјалите за избор на нова влада. Во услови кога не се донесени системските закони, кои се од многу битна природа а не се донесени заради уценувањето на коалиционите партнери на пратениците од СДС,

XIV/6

Реформските сили и Социјалистичката партија, од страна на пратениците на ПДП w НДП. Тоа уценување не е од сега, тоа е уште од формирањето на Парламентот со ^збор на првиот човек на Републиката. Во услови кога во Република Македонија внатрешните односи рапидно се влошуваат, почнаа големи штрајкови почна социјалната беда во време кога врвната власт си дозволува да не се симне некои големи проблеми, како проблемот Студенчица што го имаат околу 150.000 души, во време кога раководството мудро се чуди зошто штрајкуваат нашите професори, наставници, лекари, а од друга страна на мудар начин овде се хранат 30-40-50 илјади избеглици од каде што се води војната. Кои избеглици почнаа да го уништуваат нашето материјално богатство, кои формираат дури и политички партии со помош на ПДП и НДП и јас се прашувам дали ни се потребни повеќе тие наши наставници и лекари, или тие избеглици кои и не мислат да се вратат назад, а и зошто да се вратат кога со вакво гостопримство, кога некој го сака да се прави слеп кога пред нашите се спроведува таа програма со помош на нашите мудри грешки од нашето раководство. Вака самите си одредуваме едно биолошко самоуништување на македонската нација. Ценам дека додека не се донесат толку потребните системски закони, да се реши проблемот кој овие денови го мачи овој народ со нафтата, со бензинот, со најавената цена на лебот, со технолошкиот вишок, не толку, но платите во стопанството видовме како реагираа. И во Прилеп неколку претпријатија во контра штрајкови на овие штрајкови, и нив им е тешко. Таквите проблеми, повитални кои се од интерес за тој народ требаше да се решат или да се најави нивно решавање, па да се одржи една ваква седница. Не случајно дојде почеток на таа дестабилизација во Републиката, која е само еден почеток а понатаму ќе видиме и самите како ќе биде. Тој колапс е рамен за мене на една апокалипса која се случува само во неколку

денови. Знаеме дека Македонија е под блокада поради нашата погрешна политика, која стои на едно место. Се прашувам со овие превирања деновиве што настанаа дали пратеничките групи на СДС, Реформските сили, Социјалистичката партија, ПДП-НДП на чело со претседателите Стојан Андов и Киро Глигоров ќе ја преземат одговорноста пред народот, но како и до сега мислам за такво нешто истите не биле спремни, па не сакаат, ни можат да бидат спремни затоа што маките и проблемите на народот никогаш и не ги интересирале гледајќи на резултатите од политиката што ја спроведуваат до сега.

Во моментот делуваат само лични и партиски интереси задоволени со неокомунизам со единствена цел да нема никакви промени да се продолжи со големиот грабеж на фабриките и државата од страна на директорите и политичарите, да се кријат аферите кои ги имале до сега, да се кочи демократијата, да се задржи стариот систем заради кој систем во последно време се водат војни за да истиот комунистички систем исчезне од овој свет. Иако тоа упорно се сака да се задржи со сите сили, средства и начини. За ова најдобар пример е формирањето на оваа неокомунистичка влада, но о е долго времето а може и да се бројат со денови кога тој систем w ќе падне. Но за жал сите последици од чувањето на тој систем ќе ги осети на својот грб само обичниот и сиромавиот народ кој е во поголем број, а тоа се гледа и овие денови. На таа криза ова е само почеток. Сеуште нема никој храбар да му каже на овој народ. Како се манипулира со народот во врска со новонастанатата состојба. Народот секојдневно се заплашува со војна и слични демагогии од страна на политичкиот врв со помош на комунистичките средства за информирање - Телевизијата, Нова Македонија и Вечер. Ако се потсетиме како се формираше Владата, што е во оставка ќе видиме дека минатата година претседателот на Републиката исто така го прекрши Уставот, како и овие денови, како што е тоа овие денови во

најтешкото време за Македонија. За Македонија и македонскиот народ без да некој од раководителите да се приближи кон волјата на народот. Се изигрува парламентарната демократија по втор пат на многу мизерен начин. Условите во кои работеше Владата во оставка и Парламентот по мене не беа подруги од оние во 1948 година. Владата беше во рацете на претседателот на Републиката и претседателот на Собранието и подсилен притисок. На пр. што се случуваше со министрите Мијалков и Димитров, и што изјави премиерот Кљусев со последното негово излагање и уште што треба да се каже од негова страна. Системските закони ви беа доставени уште пред една година. Тоа многу често се заборава на пратениците овде кога се спомне таа 41 седница.

XV/1 лк/нд

**ПЕТРЕ ТРАЈКОСКИ:** (Продолжение

Мислам дека беше минатата година во август месец, а кој нареди да се повлечат и зошто, уште. Не знаеме, го имаме тоа право да го знаеме. Ние како пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ редовно инсистиравме на донесувањето на тие закони, одговорот беше- рано е, не е време, но сега сите гледаме и чувствуваме дека е доцна. Притисоците врз Владата од страна на политичкиот врв почнавме сите да го чувствуваме, како што се овие два дена и незнам уште колку ќе биде. Затоа и половина пратеници изгледа си појдоа. Поголемиот број членови на Владата во оставка кои сакаат да го одбегнат тој притисок и да работат во подемократски услови доживеаја недоверба а другите кои упорно и мудро се држеа за комунистичката страна во овој Парламент се најдоа во списокот за новата влада. Слично на тоа, да се потсетиме само и со оставките на потпретседателот на Републиката Љупчо Георгиевски и потпретседателот на Собранието Драги Арсов, од нивните изјави може да се види точно што сега ни се случува и целокупната состојба што ја доживуваме. Не се согласувам со овој дневен ред, затоа што по изгласувањето на недовербата на Владата, а уште со неоформена нова влада се донесе закон за личниот доход со зголемување 50%, што можеше да биде друг начин, а треба да се каже дека тоа беше се со цел да се наруши антиинфлационата програма која покажа барем некои позитивни резултати, а според мене тоа е еден почеток на дестабилизација во Републиката која почна и која секој граѓанин ја чувствува во Републиката.

Зошто се сруши Владата во вакво време?

Владата се сруши точно во време кога видовме сите дека со меѓународното признавање тешко ни оди, Владата се сруши за да се намали одговорноста на претседателот на Републиката, претседателот на

XV/2

Собранието и министерот за надворешни работи. За нивната погрешна политика за економската состојба, и друго за да не биде промашена и многу големата инвестиција на пратеничката група СДСМ. А зошто погрешна политика? Затоа што резултатите досега се скоро на нула, што се доби само за пример од губењето на време скоро половина година од многу форсираната платформа Глигоров - Изетбеговиќ. Изгледа ги добивме само тие 50 - 60 илјади гости кои го малтретираат нашиот народ и го уништуваат нашето национално и материјално богатство. Резултат на таа поли- тика е и тоа што се случи овие денови во Лондон, а се случи тоа претседателот на Републиката со себе да го води потпретседателот на Собранието, го однесе таму заради транспортот за истиот потпретседател да држи прес конференции со Ругова, со шефот на ПДП итн. Или за друштво. Во Лондон во однос на Македонија не се случи и немаше што да се случи во таков состав на нашата делегација, кога се носи таму полицаец, шеф на полиција, кога таа полиција во последно време врши репресии над народот како во Радовиш, како во Куклкш, како во Николиќ, како во Велес, како на нас претставници на Пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ, како на мене, претседател на политичка партија. Кога се вршат тие репресивни мерки незнам од кого, но заштита немам од никого како уништување возило, 20 пати пљачкање и уништување во 20-30 дена, уценување преку телефони. Тие уценувања се многу познати на некои лица од државна безбедност и на некои судии таму, но тоа е тоа, треба да се издржи. Истата грешка е и со формирањето на новата влада од комунистички тип, особено уште и начинот на кој се формира оваа влада. Цел свет може само да ни се чуди. Како што знаеме, иницијатива за недоверба на бившата влада излезе од коалицијата Реформски сили, СДС, Социјалистичка партија и нормално традиционалните партии ПДП-НДП. Исто така за состав на новата влада пак е истата коалиција. Па кого и кој народ се лаже овде, дека првиот

мандат е доделен на ВМРО-ДПМНЕ. Тоа беше само фарса. Дали оваа коалиција ја сруши владата да му ја даде на ВМРО новата влада. Со тоа народот не може да се излаже. Исто и овде се слушнаа демагогии и некои лаги. Јас морам да го спомнам господинот Ханџиски тој заборави да каже кога се градеше патот до неговата вила дека ги убедуваше работниците дека Македонија треба да го промени името, дека тие пари се републички и дека тој ги набавил а само ширеше една демагошка пропаганда. Јас не можам да сфатам, универзитетски професор, ако има на тој факултет предмет комунистичка демагогија, тоа е друго. Со тоа можат да се лажат само поединци, а не може секогаш да се лаже народот. Со знаење на ВМРО-ДПМНЕ за таквата перфидна игра од страна на претседателот на Републиката, а во интерес на народот ВМРО понуди влада со пратеничката група на СДСМ, но таа понуда беше арогантно одбиена во нивен стил и тоа по телефон. Ако минатата година се почитуваа изборните резултати, ситуацијата ќе беше поинаква. Со помош на коалицијата ПДП-НДП се прекршија тие изборни резултати. Ако не се случеше тоа, правите луѓе во Република Македонија требаше да произлезат од предлозите на ВМРО-ДПМНЕ, ќе дојдеа луѓе на власт што немаа ништо заедничко со комунизмот туку со вистинската демократија која ќе одеше во друг правец по кој Македонија многу полесно ќе стигнеше во Европа. Тој прст што му беше подаде) минатата година при изборот на претседател на Република Македонија и изборот на претседател на Собранието тој прст претставниците на ПДП НДП не се задоволија со него, ја фатија целата рака и уште повеќе ќе фаќаат и си ја водат играта. Коалицијата неизбежна е со ПДП-НДП и затоа не може СДС да прави влада со ВМРО-ДПМНЕ затоа што кредитот што си го остави ПДП-НДП при изборот на тие двајца луѓе е многу голем. Резултатот од таа коалиција минатата година е и составот на

XV/4

оваа нова влада. Се случи и тоа. Два мандати на иста хартија, кршење на Уставот, незнам каде, ни сум прочитал ни сум можел да слушнам во која демократија во која држава во светот го има тоа. Претседателот на Републиката мандат по втор пат дава на коалицијата од левиот блок составена од партии сите од старата комунистичка партија. Ако се види што од програмите на овие пет партии е реализирано досега во овие две години, по изборите ќе се види дека нивните програми беа чисто промашување, т.е. еден обичен лет во место и дека скоро ништо не е реализирано наспроти реализирањето скоро на цела програма на ВМРО - ДПМНЕ. Јас се чудам кои новини би ги донеле во таа влада од тие партии. Единствено само диктатура.

Со вака формираната влада би се кочел развојот на односи- те внатре во Републиката, кои многу се нарушени и уште би оделе во тој правец и надворешните односи кои се скоро нарушени а што е потрагично и на самата демократија како што е сега во овој момент. Со формирањето на оваа влада се сака да се заборави на многу работи, како на украдените девизи, аферата која на многу мудар начин и со големи пари беше заташката и затскриена со дрога и оружје, за која има уште да се зборува, во која се замешани многу луѓе од таа коалиција, за која за криење на истата имаат учествувано и членови на новопредложената влада, за што прсти во таа имаат и членови на истата коалиција која формира нова влада. За жал. Во ваква влада целта на раководните луѓе во Републиката е преостанатата власт да се концентрира во двете раце, а тоа би значело само зајакнување на започнатата диктатура. Ги кажав примерите Радовиш, Куклиш, овде многу малку е спомнат примерот со село Николиќ кое е на 200 метри од грчката граница. Јас случајно бев таму, имав некој научен опит, 60-70 полицајци со гас маски, со сето тоа оружје што треба за рушење на

демонстранти и тие работи, на моето прашање тие биле во рутинска контрола.

Главната цел на сите тие работи афери е елиминирањето на партијата ВМРО-ДПМНЕ од политичката сцена но се гледа дека тоа се потешко оди, се враќа само во рикверц тој што го мисли тоа а со тоа е кочење на таа сама демократија што ја носи ВМРО-ДПМНЕ со себе и целосно заживување на светската напаст и скоро последна кај нас, неокомунизмот за чие рушење како што напомнав овие две-три години се водат крвави војни и има многу илјадници жртви. Дали треба македонскиот народ тоа да го доживее? Дали го заслужува тоа со неговата мирољубивост, чесност и сиромаштија во последно време што му се наметна. Со ваков состав на оваа влада за која кажав не се согласувам да се оди на тој дневен ред, јасно е дека целта е зачувувањето на стариот систем со помош на фалсификување на наредните избори, што се има цел раководството да го стори, фалсификувани избори на начин како што го знаат само комунистичките системи но се прашувам дали и овој пат тоа ќе успее.

Од овој состав на предложената влада може да се очекува и е започнато, затоа е исклучена старата со погрешната политика, федерализација на Република Македонија и целосно предавање на западна Македонија заедно со македонскиот народ во рацете на сепаратистичките партии ПДП-НДП и тие се предадени. Да ги видиме Тетово, Дебар, Гости- вар, дали овој наш политички врв и оваа коалиција од пратеници составени до СДС, Реформските сили, Социјалистичка партија, за ПДП НДП не можам да кажам, дали политичкиот врв заедно со овие пратенички групи заборави дека во Западна Македонија живеат со векови македонци, дека треба и понатаму тие да живеат. Резултатот на таа мудра

политика е македонците во Западна Македонија да се чувствуваат како малцинство во својата матична држава Македонија, како да не се во своја држава. Таму постои етничко чистење на географскиот дел на државата. Секој чесен македонец тоа не би го дозволил. Дали политичкиот врв знае колку македонци и народ македонски живеел во Западна Македонија пред 30-40 години, а колку сега, дали тоа не е етничко чистење? И што сега да се прави тој народ од Западна Македонија да остане на своите дедовски огништа? Не се прави ништо туку се играат игри власта да се предаде на албанските партии, која се предаде и која овде се предава за да зачува некој свои места, фотелји, системи итн. Сигурно тоа не го прават во име на македонскиот народ туку во прв план се личните и партиските интереси.

Со ваква неокомунистичка влада информативноста и информативните медиуми во Републиката уште повеќе ќе се во рацете на истите раководители како Телевизијата, Нова Македонија, Вечер и друго, кои и понатаму останувaa следните гласила на неокомунизмот во Европа. Многу добар аргумент за оваа појава е следното:

Од страна на левиот блок во Парламентот беше стопирано формирањето на македонската информативна агенција,се укина министерството за информации, исто како што се случи играта со законите за грбот, законот за државјанство, лична карта и друго. Со ваква влада ќе продолжи кршењето на ембаргото против остатокот на Југославија и досега како и да немало ембарго. Ќе се продолжи со демагогии да се уверува Европа дека тоа не е така, по кое Македонија ќе биде вовлечена и почна да се вовлекува во тотална блокада, а што се посакува за да се докаже дека Македонија не може без северот. Пред две недели кога си одев од овде од една седница да ви кажам еден пример. Од мотелот кај Велес до Градско во 20 минути возење преку 30 цистерни со нафта одеа за север. Сите средства информираат дека ембаргото си е ембарго, но се виде дели

можеби ембаргото со нафта не е добар пример и дали не е страшно да се каже тоа што не чека заради тоа кршење на ембарго ако се продолжи со ваквата политика што се води досега. Се чудам само дали нашите политичари доволно мудро ќе го убедат народот по овие сите работи да си даде оставка за настанатата ситуација. Изгледа народот ќе излезе виновен за сите овие работи! Дали на Република Македонија нема да и пречи и понатаму уште повеќе во самото меѓународно признавање со зајакнување на неокомунизмот наспроти неговото уривање во поголемиот број земји каде што го имаше. Ако се види составот на новопредложената влада се гледа дека во неа има членови кои секогаш тврдеа дека избрзувањето е опасна работа. Но се виде во последно време дека нивното задоцнување е уште поопасно бидејќи со брзање може да се причека но со задоцнување никогаш не може да се стигне никаде. Ако е тоа својство само на левиот комунистички блок на чело со претседателот на Републиката и претседателот на Собранието, има и членови што учествуваат во таа коалиција во тешки афери од кои едни се носат во Лондон, а на другите им се дава мандат за состав на влада.

Прифаќањето на овој дневен ред е најарогантното прекршување на Уставот на Република Македонија во кое јас лично не сакам да учествувам бидејќи тоа е за мене, особено во однос на Западна Македонија, а и секој чесен македонец, е предавство на македонскиот народ и на оваа држава. Бидејќи оваа влада е албанско - комунистичка не ми дава ни совеста ни избирачите ни да гласам ни да бидам тука кога ќе се гласа за тој дневен ред.

Па господа од СДС, Реформски сили, Социјалистичка партија, повелете гласајте за доброто на македонскиот народ и македонците.

XVI/1 ДВ/ПН

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Бидејќи е прилично голем заморот кај пратениците, а и приличен број од пратениците се отсутни, јас ќе се откажам од мојата дискусија, а би ве замолила само да ми дозволите неколку зборови за една изјава која што во мое отсуство била дадена од говорницата.

Имено, вчера пратеникот Зоран Крстевски си дозволил да ја злоупотреби собраниската говорница за да ме девалвира како пратеник и личност од културата, служејќи се со ноторни невистини. Иако премногу долно за да може лично да ме навреди, но бидејќи може да фрли сенка за она за што се залагам во ова Собрание, должна сум да кажам дека ќе барам и судски да го каже тоа што го тврди. Тоа е јавна клевета за која нема имунитет никаде во светот, и нема да се задоволам со извинување од говорницата, кое би му било четврто по ред на овој млад господин за вакви клевети кон одделни пратеници. Три пати тој веќе се извинуваше јавно од говорница за вакви клевети.

Само уште неколку зборови, бидејќи ова е еден начин на однесување, стар, испробан во редовите на естаблишментот од поранешната партија и држава. Сакам да укажам овде на еден драстичен примерина партиски ниво на исто ваква клевета која два пати ја поставувам пред говорницата и не се одговара. Тоа е примерот со бугарските летоци.

Овие денови нашата комисија за СДБ на Собранието добила документ во кој се гледа дека истрагата вршена од органот за внатрешни работи уште тогаш дошла до сознание дека целата работа со бугарските летоци е водена од страна на нашиот потпретседател Тито Петковски. Тој не само што не си отиде од политиката, туку остана, ја водеше комисијата

за нашите државни белези, а ја  водеше минатиот пат и со собраниската седница на која што требаше да го донесеме и беше пред само гласање законот за државјанство. Тој ја прекина седницата. Од ова гледаме што значи да не функционира правото и правната држава. Можеби некому му се чинеше беспредметно, нервозно и долго два дена да се расправа за ова за што ние расправавме, .но мислиме дека вакви случаеви имаше многу, а се надевам дека се помалку ќе ги има затоа што каков таков ние сепак плурализам добивме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи господинот Тито Петковски беше спомнат, бара ли реплика?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас исто така реков во една прилоика овде дека, кога одговарав на прашањето од г-ѓа Лазаревска, не прилега Парламентот да се занимава со истражни работи. Г-ѓата Димитрова уште еднаш потврди колку не е доследна. Таа овде одговори на прашањето дека се инсинуации искажувањата на г-динот Крстевски, а таа дека овде говори вистина кога станува збор во врска со мене. Типични полициски методи кои се карактеристични за оние кои навидувам се залагаат за демократија. Тоа е работа на судот, ќе речам, и јас нема да се впуштам овде. Едноставно можам да кажам дека почитувам правна држава и ред во државата. Ако се знае кој за што е надлежен тогаш нема да се случуваат вакви инциденти во Собранието.

XVI/3

Ако г-ѓата.-Димитрова си зема за право да каже дека по судски пат ќе бара демантирање на некоја лага по нејзино искажување, тогаш немам ли јас право за клевети да барам кривична одговорност. Ова е кривично дело што се нанесува јавно, да се служите со подметнување овде, со недокажани работи. Според нашиот Устав и законот не смее да се обвинува човек дека сторил нешто, ако тоа не се докаже. Во комисијата е во процедура. Комисијата има право да расправа за определени работи, но дали некој погрешик, дали некој злоупотребил, дали некој направил кривично дело, утврдува единствено Судот и никој друг. Плус тоа во тој извештај што вие го спомнавте не стои така, туку многу лошо го интерпретирате. Тоа е исто клевета. Две кривични дела одеднаш чините. Мислам дека е недолично за интелектуалец како што се вие прикажувате, а јас мислев кога неколку пати го покренувате прашањето дека како интелектуалец или имате лош ден, или сте индиспонирани. Но, заправо сега докажавте дека цело време работите тенденциозно, да клеветите, да дисквалификувате за она за што има полициска белешка за кое треба да се проверуваат работи за кои всушност судот треба да утврди. Овој Парламент за тоа не е надлежен. Кога ќе утврди судот кога јас ум виновен за таа работа, ве молам, ни еден ден нема да чекам. Тука има многу луѓе за вистини кои се докажани, па седат во овој Парламент. Јас нема да чекам ниту еден ден, ќе си одам сам, ако сум виновен, ако има кривично дело за кое вие ме обвинувате јавно. Не прилега, неприлично е. Мене ми е жал што произлегува од интелектуалец. Јас само ќе замолам и органите тогаш донесовме заклучок, нека ја забрзаат работата органите на одлучување. Нека судот реши. Вие имавте прилика, имавте ваш министер за внатрешни

работи. Имавте ваш .министер за правосудство, зошто не ја забрза таа работа. Незнам, навистина ни ми е јасно. Еве и сега, донесовме заклучок за сите работи што се направени во овој Парламент и од страна на определени пратенички групи да излезат органите со информација, нека ја информираат јавноста. Нема тука никаква тајност, како што всушност треба и за многу работи за кои вие добро знаете, и кога се случуваа овие бучави, ала Милошевиќ овде, улогата кој како ја имаше и тоа треба исто органите за прогон. Според тоа, мислам дека се ноторни лаги, злоупотреба на пратеничката функција, недостоинствено за човек интелектуалец.

**РАТКА ДИМИТРОВА:**

Мојата цел не беше напад туку беше одбрана, бидејќи ВМРО не престана да се обвинува на таа основа, на основа на тие бугарски летоци. И ние овде во Собранието, два пати јас и еднаш пратеникот Михаил Пановски го прашувавме господинот Петковски. Сите три пати тој не стана да одговори, а ако тој се чувствува чист и невиновен мене ќе ми биде многу мило ако тој сам поведе судска постапка.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, Парламентот не води истраги. Вие тоа добро го знаете и нема што тука да одговара за тие работи. Се знае каде се одговара, за кои работи итн.

Има збор пратеникот Јордан Бошков.

XVI/5

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, ценети гости и за жал веќе евидентно намален состав од предлогот за Влада на РМ.

Својата дискусија ќе ја отпочнам со искажувањето несогласност за предложениот дневен ред. Поточно точката за избор на Влада на РМ, пред се бидејќи е доставена иницијатива за испитување на уставноста, нормално за Уставниот суд во постапката на доделување мандат на водачот на СДС г-динот Бранко Црвенковски. Јас барам изјаснувањето на Уставниот суд Собранието да прекине со седницава. Сметам дека во духот на парламентарната традиција изборот на Влада треба да се врши во неспорни услови. Не е важно дали постои мнозинско расположение или не.

Втора важна причина за моето противење гледам во околноста што во овој Парламент мнозинството за 20-тина месеци не најде или капацитет умствен да донесе Деловник кој по својот израз и потребната умешност за изработување претставува дробеж или ситница во однос на било какво законски проект од која и да е област, да не набројувам дали тоа ќе биде даночен систем, јавна политика, здравство, пензиски систем, добрана итн. При тоа сакам да ве информирам за една куса размена на гледишта со пратеникот а сега кандидат за правосудниот ресор г-динот Туше Гошев, водена во присуство на повеќемина колеги од СДС.

Дента кога досегашната Влада не доби доверба моето прашање гласеше има ли Собранието морално право да изгласува недоверба на Владата кога не донесла ни Деловник. Одговорот беше дека нема. Јас и сега го поставувам прашањето за моралниот лик на овој состав.

XVI/6

Трета важна причина лежи во упорното одбивање на мнозинството во овој Парламент каде јас не ја вбројувам парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ да се донесат потребните и таксативно наброени системски закони од Уставниот закон, а инаку пропишан и во самиот Устав. На пример тоа се однесува на Законот за државниот грб, државјанство, лични документи, локална самоуправа, оној сиот комплекс на правосудство, трансформацијата на таканаречениот општествен капитал. Инаку, закони кои се со месеци наназад предложени од досегашната влада, а одбивани од постојното мнозинство во Собранието.

Независно од изнесените причини сакам да нагласам дека ваквиот тек на работите барем по еден основ носат пролетни тонови на македонската плуралистичка сцена. Имено, по авторитет на политички партии овој пат се предлагаат лица на извршни функции, да не кажам на министерски, без да се нашироко испитува кадарноста на предложените, а досега циркулираше опструкција форсирана на жесток начин од ред пратеници која се однесува на компетентноста на предложените кандидати и тука би рекол дека таквото поврзуваше на компетентноста наликува на барање морално политичка подбност од нашето минато.

Со жалење констатирам сепак дека ова пролетно будење донесува селективно олеснување само за партиите од постојното мнозинство во Собранието. Инаку, моето жалење е посебно големо за ова лошо подготвена седница, бидејќи во нејзиниот досегашен тек излегоа на виделина пукнатини во кревкото демократско ткиво на нашата сакана Република.

Во ваа дводневна расправа се изнесоа непотребни квалификации и дисквалификации на пратеници, партии и лица. Во поединости не

навлегувам туку ќе се осврнам накратко на неколку акценти, нормално, ако тоа ми го дозволите господине претседателе, бидејќи тоа не е поврзано со уточнувањето на дневниот ред. Но со оглед на тежината на изнесените такви приоди јас мислам дека барем за тие неколку акценти редно е да се осврнам и нема да бидам долг притоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас би преферирал да се држиме на задачата која ни е сега овде.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Добро, штом е така јас смеам да барам овој кус текст да биде составен дел од записникот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Приложете го.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

(Го приложува понатамошниот текст од дискусијата)

Најнапред се противам на акцентот кој тропачки и со ѕунење сугерира албанофобија, бидејќи може да биде а и се користи за подготовка за немил расплет. Исклучување на резидентните Албанци во Македонија од извршната власт во услови на нивно национално сплотување во политички партии со тешкотии може да се подведе под графата албанофобија. Но, во услови на широка партиципација на Албанците во неалбански партии во Македонија таквото исклучување лесно ќе потпадне под таа графа.

Во општина Чаир беше избран албански кандидат на ВМРО- ДПМНЕ а еден албански кандидат на СКМ-ПДП за пратеник во Скопје (или Тетово) не доби ни 5 гласа.

Второ, нотoрна потреба постои од меѓунационално разбирање но и меѓу конфесионално. И тука лесно ќе се сложиме. НО морам да ве потсетам како дел од световната власт малку сторивме за вклучување на духовната власт во секојдневието.

Третиот акцент ќе го ставам на нелогичното форсирање и усидрување партии (преку пратеничка квалификации) во политичкиот спектар.

Ми се чини дека политичката ориентација најдобро ќе ја искажат самите партии преку својата соработка на надворешен план со партии и групации во странство.

И уште еден 4 акцент кој ми стрчи е несфатливото протерување на партиите од македонскиот парламент.

Парламентарната пракса во светот е пратениците да се повикуваат на партиски ставови или да атакуваат врз ставови на други партии, бидејќи самите се вообичаено во партиските раководства и ги обликуваат ставовите.

Со ова би завршил и ви благодарам на вниманието.

**БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ќе се обидам да бидам многу краток, да се навратам сосема на она што треба да го дискутираме дали треба да биде на дневен ред оваа точка - за избор на нова влада а колку што гледам тука нема ни нова ни стара влада, па незнам за што дискутираме,цело време. Нема ни еден голем број на пратеници. Тие што беа најгласни да се остане

да се работи после 18,00 часот за жал тие баш ги нема овде во Парламентот. Но, сепак ќе се навратам на она што сакам да го кажам, ќе бидам краток како што реков.

Сигурно јас нема да ја поддржам оваа точка да биде денес на дневен ред и се дотогаш нема да ја поддржам додека не се разјаснат некои работи. Најпрвин за мене како и за многу пратеници од нашата парламентарна група и некои други пратеници од други парламентарни групи е неприфатливо и неуставно е што претседателот по втор пат направи уставен прекршок, по втор лат го дава мандатот на една иста партија, на СДС.

Второ, се додека не добие пратеникот Томислав Стефковски од Уставниот суд толкување на член 10 од Уставот се дотогаш не би требало да се гласа да биде оваа точка на дневен ред.

Исто така би сакал да напомнам дека за оваа Влада не би требало да дојде на дневен ред да се постави додека не се продолжи 41-та седница односно додека не се изгласаат системските закони да бидам поконкретен, додека не се изгласа законот за државјанство.

Пред се, сакам да напомнам, за жал во овој Парламент изгледа, доколку постои законот аз државјанство ќе видиме дека некои можеби ќе немаат право да гласаат за ваква влада, а цврсто сум убеден дека и во самата влада се наоѓаат луѓе кои не се државјани на РМ. Затоа ќе ве замолам независно на која партија припаѓате, да се сочека, да продолжиме со 41-та седница, нормално по 41-та седница да се донесе законот за државјанство да видиме дали можеме сите во овој Парламент да гласаме за една ваква влада и дали во таа влада можат сите да бидат изгласани.

XVI/10

**БОРИС ГОРЧЕВСКИ:**

Образложението мое ќе биде малку поопширно од претходниот дискутант, од г-динот Змејковски зошто не се согласувам со точката за дневен ред да влезе, скоро идентично поради 41-та седница што се прекина и постојано што се манипулира со неа за системските закони, конкретно за законот за државјанство. Што значи тоа законот за државјанство на Македонија на сите нас ни е познато. Зошто се одлага тој закон да се донесе пак на сите ни е познато.

Господа, нешто јас ќе речам, можеби беше речено или не, него и прети опасност на исчезнување на македонската нација. Дали тоа некој свесно сака да го стори однадвор со внатрешни пратеници или не, тоа не можам да тврдам. Но, се работи свесно. Зошто? Бројки беа доста кажани со пописите колку имало порано македонски а колку други народности. Поконкретно да речеме сега со инвазијата од секаде скоро наидува најмногу од север што значи тоа за Македонија за македонското стопанство.

Речено беше можеби а ќе речам и јас дека нашиот работник или нашиот народ во Македонија, невелам само Македонците дека има некои и со 20 и со 15 илјади денари плата. Има и до 9 илјади денари, што поранешни воени инвалиди во мирнодопско време и со 9 илјади денари што земаат. Со нив што правиме? Како што се навестува лебот да дојде до 1000денари. Да се запрашаме што правиме тогаш. На едно 4-члено а има и до б-7-члено семејство што денес 5 леба му се малку.

**БОРКО ГОРГЕСКИ:**

Ние не го размислуваме тоа , туку само ги одложуваме' точките за системските закони. Најважно беше тоа за Републиката.

Зошто спомнав да не бидам погрешно разбран за исчезнувањето на~ македонската нација. Ќе одговорам и за тоа, должен сум да одговорам. Македонците се знае од крај дека од овие нивни простори исчезнувале. Кој на печалба, кој со популацијата дека стандардот е мал, не може повеќе, останувале само по едно или две деца. А додека другите народнсоти не се плашеле од тоа како ние што се плашиме. Нивната популација растела. Затоа доаѓа до исчезнуван>е на нашата нација. А тоа самите сега си го правиме. Со идењето налетот на жители од странски држави, слободно сега можам да речам странски, бидејќи и Босна и Србија и Албанија се други држави.

Вчера прочитав во весник дека некаде околу 500 државјани на Албанија се дојдени во Македонија. Од Косово ќе кажам подоцна. Тие 500 државјани колку бракови имаат, не беше изнесено точно склучено Да одиме од Косово во последните неколку години колку има наезда од Косово. Имале право да се преселуваат, но имаме право и ние да живееме на овие македонски простори. Со Законот за државјанство се усвои амандманот на една група пратеници, тој закон да остане на 15 години. Со тоа ми се чини ќе беше заштитена Македонија од наездата од страна. Не зборувам само за албанците, нека ми простат. Македонија јас верувам за година или две ќе стане 3 милиона. А со тој Закон Македонија ќе се спаси. Ако остане на 15 години, со една година на поранешните жители на бивша Југославија да имаат право да станат жители на Македонија, јас верувам Македонија ќе стане исламска нација Зошто? Нека ми простат другите националности но најмногу до 2 години ќе бидеме израмнети.

XVII/2

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Два дена водиме расправа за дневниот ред и би рекол дека не беше залудно времето што го потрошивме. Барем може да констатираме некои состојби и не е потребно некоја длабока анализа на она што се случуваше во Парламентот. Сакам веднаш на почетокот да укажам дека во текот на расправата практично беа спорни две прашања кои што за жал не беа доволно јасни на пратениците и во своите дискусии често беа тие помешувани.

Прво, беше спорно од формална процедурална природа дали може да дојде на дневен ред прашањето за нова Влада, но исто така беше спорно, за мене не: за некои од Парламентот и политичката проценка за последиците што ќе произлезат од така на права рака прашање, што е сосема рутинско во земјите со демократска традиција Морам веднаш тука да објаснам дека при тоа го имам предвид тоа што Македонија не се наоѓа во сосема регуларна состојба, таа се наоѓа вонредна ситуација и не може веднаш да важат сите оние механизми така како што важат во оние земји кои што одамна ги решавале таквите прашања во развојот на својата нација и држава. Јас во натамошниот тек ќе се задржам околу ова второ прашање, околу политичката проценка. нормално не ја ослободувам од одговорност онаа група на пратеници, односно оние кои со надгласување ќе донесат веќе одлука кој што нема да го почитуваат ни формално процедуралното прашање, кое што бара потврда до Уставниот суд на Република Македонија.

Кога се однесува на политичката проценка, веднаш сакам да констатирам дека оние кои штос е залагаат нормално, пред се, македонските партии членки на коалицијата за избрзано прифаќаше на новиот состав на Владата, тие и не пробаа да понудат контрааргументација

на она што беше искажано од другата страна каде што јас сега лоцирам, по дел од многу интелигентна тактика. Тие тргнуваат од она народното секое чудо за три дена, што е за жал, вградено во менталитетот на македонскиот народ. Мислам дека сум јасен што сакав да кажам. Затоа ќе го констатирам второто прашање кое исто така е битно, а тоа е изостанатиот јавен притисок од граѓаните на Република Македонија по ова прашање. Тие не ја искористија својата можност во демократски рамки на демократски притисок, преку јавна комуникација и јавен протест да дадат поддршка на она што инаку знаеме дека го чувствуваат. Зошто е тоа така, тоа е дел од анализа на политичките процеси во република Македонија. секако треба да не загрижува политичката анемичност и незаинтересираност на граѓаните на Република Македонија. И понатаму да продолжам, и тоа тука треба да биде акцентот и секој да си го земе на знаење за оној дел што мисли дека е одговорен, а тоа е можната разврска, но процесите од денес кога со однапред обезбедени гласови сметам дека форсирано Владата ќе биде прифатена, а тоа се два правца на развој на ситуацијата. Едната претпоставка е дека македонската влада сепак и во ваков состав, кој што не загрижува ќе стои барем на критичното ниво на заштита на македонските национални интереси, што подразбира дека логично ќе биде дестабилизирана уште при продолжение на 41-та седница и дека ќе се распадне коалицијата и дека ќе сфатиме дека преземаме голема одговорност за толку кратко време, ако сме свесни за сите овие моменти, поставуваме Влада во една сложена ситуација за Република "Македонија.

Вториот можен развој е дека македонската влада вака како што е составена, пред се ќе има приоритет да го задржи целиот мандат и по цена на било какви отстапки околу македонските национални интереси. Јас претпочитам дека ова второто ќе се случи и сум многу загрижен заради тоа.

XVII/4

Но она што сакам да го кажам, можеби беше добро да го кажам на затворена седница, тоа е дека она што пишува во нашите пратенички книшки дека не одговараме за она што се случува во Парламентот, историјата и практиката во другите земји не демантира. ние сме свесни дека оние кој што ги водеа системите во источните земји дури немаа среќа на ако тешко болни да завршат мирно, туку правдата ги стигна. Јас сакам да напоменам дека националното предавство доколку се случи, нема ниту да биде застарено, ниту со имунитетот на нашите книшки некој ќе може да се заштити. И молам тоа да се има предвид и сигурно ако некој друг тоа не го предложи, ќе предложам поединечно гласање достојно за историјата на македонскиот народ, како ги решаваме судбоносните моменти на македонската држава.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Почитувани колеги истоштен од дводневното малтретираше од страна на некои колеги кои се снајдоа и по 5 до 6 пати да се јават на оваа говорница, освен тоа што ние како пратеници се малтретираме да ни е јасно дека целиот народ во Македонија се малтретира со нашите непринципиелни, со нашите неконструктивни дискусии овде, знаејќи дека имавме една точка на дневниот ред, ние оваа седница ја претворивме во точка за меѓунационални односи, за меѓу- конфесионални односи, за меѓупартиски односи пред други работи. Едно ми беше нејасно кога гласав за недоверба на старата влада и мислев дека сум погрешил, но денеска се убедив во тоа дека гласањето за недоверба на владата било правилно. Со не присуството на премиерот, со неприсуството на одредени членови на Владата, ова се покажа дека претходната Влада била и реваншистичка Влада. Да ни е јасно колеги, а и членови на Владата, на старата Влада и на

Новата Влада дека ние во политичките збиднувања во Македонија сме членови на една штафета. За жал првите членови на таа штафета и беше старата Влада. Јас очекував дека вчера за кратко време ќе се изврши примпредаја на должностите од старата на новата Влада. Овде што се случи? Старата Влада не се појави, а за чест да му е на премиерот и какао член на Академијата на МАНУ и на потпретседателот исто член на МАНУ од каде ние треба да исцрпиме натамошни информации за нашата политичка и сите други активности во оваа Република. Ако и понатаму се однесуваме така што ќе очекуваме од наредната Влада, од икс народни влади, ако се однесува1 така реваншистички. Мислам дека членовите на некои членови од старата Влада го искористија и овој вакумски простор од изгласување на недоверба до вчерашниот ден. Не смееме да бидеме свети за некои настани во овој период што настанаа во нашата Република. Најмногу потпомогнат од една политичка партија во Битола се случи нешто што не можеме да го оправдуваме во 21 век. Порано беа тие настани но во 17, 16 и 15 век, симнуваше на симболи, поставување на други симболи. Дали тоа од страна на една партија, а за жал се приклучи и Македонската православна црква, многу ми е жал што некои партии сакаат да ги воведат и верските заедници во вакви игри. Дали е ова благодарение на Република Турција што се призна Македонија. Тоа е благодарение на неа. И понатаму, овие другари и овие активисти дали мислеа дека моментот е сега за такви работи. Ако е моментот сега, дајте другари сите да преминеме на такви акции.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дајте ве молам да преминеме да го утврдиме дневниот ред. Навистина ве молам.

XVII/6

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ:**

Се извинувам господине претседателе некои 5 пати по 40 минути не малтретираа. Имам и јас право како пратеник некого да малтретирам.

Што се однесува до мандаторите како прв мандат му беше доверена на ВМРО-ДПМНЕ. Зошто не признаваме другари дека не бевте способни за формирање на Влада. Зошто не признавате дека не бевте способни за собираше на 61 глас. Не навлегувам зошто не сте собрале. На вториот мандатор од СДСМ навистина ние сме мислеле дека најпогоден за премиер ќе биде другарот Гошев и сто посто сме мислеле дека ќе успее. Но чекавме и вчера, очекувавме и денес да се изјасни самиот другар Гошев, зошто не успеа во тоа.

Што се однесува до колегата Бранко Црвенковски, до денес колега, од денес натаму или од вчера како премиер. Навистина кога точката е на дневен ред успеал колегата да собере толку гласови. И моите колеги нагласија дека ние не сме задоволни со овие места иако некои колеги спомнаа и албанци и ред други работи. Ние сме се научиле со такви навреди и внимаваме ние некого да не навредиме, а ќе ги истрпиме ваквите навреди. Зошто не сме задоволни. Се знае дека коалиција за формирање на Влада формираат 4 партии. Процентуално ако се земе ние би требало да учествуваме и по квалитет и по квантитет околу "30% во таа Влада, а сега учествуваме без тој квалитет и квантитет 25%. Но целта за учество во Владата ја знаеме. Не можам да му го заборавам тоа на колегата од ВМРО- дека албанците во западна Македонија се шеици. Колеги би бил среќен сите колеги од Источна Македонија, кој не биле во Западна Македонија да направат една екскурзија да видат кој се тие шеици. Еве на пример за Гостиварската општина еден од шеиците и јас сум. Од населението околу

XVII/7

83% не се македонци. Само 17 и нешто посто се македонците Вработени верувале или не колеги вработени не македонци се собира околу 10%, а и тоа не се собира. Директор ретко ќе најдете во работните организации. Таму имате колеги печал- бари и функционери и сместени луѓе. Во сите органи како пратеници имате на тоа право, одете во Гостивар во сите органи видете колку албанци, колку турци, колку роми има и колку македонци, па после ќе видите какви шеици сме ние. Значи после акција сигурно ќе има реакција. Реакција е големиот наталитет. Тоа се знае . А за иселување станува збор, но за иселување на лабанците и на турците.

**НЕЏАТИ ЏАФЕРИ** (продолжение)

Што колегата не зборуваше за иселувањето на турците од источна Македонија. Јас лично сум бил, лично сум контактирал со луѓе со граѓани од додели, со граѓанин од Коњче од турска националност. Што колеги не сте одговорни за нивните села во кој период на човечкото цивилизациско движење се наоѓаат тие, во феудализам. Тие немаат апат, ни основни училишта, ни ништо. Затоа ве молам колеги дајте дискутирајте со факти оти грците велат каде што фактите зборуваат и боговите молчат.

**СТОЈАН АЧДОВ:**

Господин Зоран Крстевски сака да реагира на излагањето на госпоѓа Димитрова која го спомна него, и тој не беше тука кога го спомна.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Се извинувам што го свртувам вниманието, меѓутоа подоцна се јавив очекувајќи дека и госпоѓа Ратка Димитрова постара колешка моја мислев дека ќе се врати во салата и ми беше драго да ја чуе мојата реакција. Прво, јас и се извинувам ако моето излагање го сфатила како што стои во нејзиното излагање лична навреда како културен работник. Јас неа како уметник ја ценам и радо би ги посетувал нејзините концерти, меѓутоа тука се работи за една дезинформација која како пратеник можела многу лесно да ја открие ако барем кога веќе не беше присутна на моето излагање барем не го погледнеше стенограмот. Заради тоа ќе го прочитам делот во кој во еден контекст е спомнато нејзиното име. Тоа мислам дека е важно за мене како пратеник, се извинувам што повторно ве враќам на тој дел. Практично се цитирам себеси.: "Втората причина за која бевме посебно заинтересирани тоа беше да биде Владата така да речам политички обоена за да се дефинира и политичката одговорност на секој носите на јавната

функција во Владата односно на министрите, бидејќи не можеме активност на една Влада и на поединци на таа Влада кои функцијата на своето политичко и државно ангажирање го гледаат преку задоволување на некои лични интереси. Не можеме да си објасниме, подвлекувам, како таа Влада во оставка до последниот момент делеше станови на своите министри па дури и на зградата на госпоѓа Ратка Димитрова изградија цел еден спрат. Не можеме да прифатиме како еден министер од стан од 60 квадрати преминува во 120 квадрати." Во тој контекст ова го реков: "Ние тие работи не можеме да ги толерираме и ќе настојуваме преку новата Влада и пратеничките прашања преку другите форми на демократско изјаснување и процедурални работи во правната држава да дојдеме до некои вистини кои нема да ја олеснат ситуацијата во Македонија, меѓутоа ќе покажат кој бил кој во тој простор".

Се надевам ова ќе му помогне и на отсутниот потпретседател на Владата во оставка господин Блаже Ристевски кој на оваа тема вечерва држеше прес конференција.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дами господа моето излагање ќе има два дела. Прво ќе говорам за дезинформацијата што сношти на телевизијата се јави дека од Уставниот суд на Република Македонија дошло да барањето на господин Драги Арсов било одбиено. Што исто така го коментираше ч претседателот на ова Собрание. Јас ова нема да го коментирам како јас го сфаќам. Ќе се послужам со белешката односно со решението на Уставниот суд. "Се отфрла барањето на Драги Арсов, пратеник во Собранието на Република Македонија за даваше на мислење за примена на уставните одредби што се однесуваат на определување мандатор за состав на Влада на Република Македонија."

Ова е одбиено од судот. Меѓутоа, тоа е точка прва .

Точка два стои : "Драги Арсов пратеник на Собрание на Република Македонија поднесе иницијатива до Уставниот суд на Република Македонија со бараше судот да даде мислење? Барањето на Драги Арсов е мислење од Уставниот суд, а не да пресуди за одредена работа што требало да биде. Дали според соодветните одредби на Уставот на Република Македонија е можно мандатор за состав на Влада на Република Македонија да биде повторно определен кандидат од иста политичка партија ако претходно определениот определен мандатор во таа партија го вратил мандатот.

Уставниот суд коментирајќи за овие поставени барања од Драги Арсов: "Разгледувајќи го судот утврди дека практично е апсолутно ненадлежен да дава толкувања на одредени одредби било од устав или од закон што значи дека не одлучува судот за правото што го барал Драги Арсов дали може или не толку за толкувањето , барањето на Драги Арсов е поднесено практично за правен совет и добро ќе беше ако стручњаците на телевизија го предоа и во јавноста го соопштија ова решение на Уставниот суд.

Понатаму, точка три што оди тоа е образложението зошто Уставниот суд така одлучил, затоа што уставната одредба од член 110 ова право не му го дава, што значи дека имаме една дезинформација на јавноста дека и Уставниот суд утврдил дека оваа постапка со двојно доделување на мандат на иста партија е во согласност со законот.

Вчера реков на излегување дека ќе задржам право да говорам зошто не сакам да гласам или зошто сум против составот на понудената Влада. Господа пратеници ние утврдувајќи го дневниот ред за ова Собрание природно сами на себе си наложивме да говориме дали ова прашање избор

на нова Влада ќе треба да дојде на дневен ред или не. Поради ова, допуштете ми да се послужам со белешките кои ги направив  зошто јас и ВМРО смета дека не треба.

Во секоја демократија па квазидемократија да е право е на поодделни политички организации е да се договорат, да прават сојузи околу учество на избори, а по завршените избори да се договараат околу поделба на извршната власт, дали тоа ќе го сочинат со тие партии што ги имаат или ќе повикаат на помош и оние коч не успеале на изборите. Ова е право на секоја политичка организација. За тие сојузи никој не треба да им приговори. Меѓутоа, таквите сојузи или поодделна партија ќе треба да дозволи да се создаваат и други сојузи или партии кои ќе чмаат поодделно мислење и поинаков начин на приоѓање околу поделба на извршната власт и нејзина организација. Ако вака се постапи значи ќе се даде содржината на демократијата.

Овде се дискутираше дека ВМРО зошто не направил Влада, зошто поинаку мисли, па дозволете да сме демократи, да правиме да прифаќаме, да одбиваме и да враќаме. Прч една ваква положба ч од оваа причина ВМРО-ДПМНЕ не може да ја подржи Владата а врз основа од следните причини.

Првиот принцип е патриотскиот принцип затоа што ВМРО е демократска партија за македонско национално единство. Ако македонското национално единство се наруши со примеси на други тогаш принципиелно е, а тие други немаат одреднчца за Македонија ние не можеме да го прифатиме како партија.

Вториот дел - идеолошкиот дел , и

Третиот дел, преамбициозност на одредени групации односно сојузи или договорни партии коч сакаат да прават Влада и она што претседателот на Републиката си го дозволи да го пречекори уставот.

XVIII/5

Ќе почнам од првото, што значи патриотското чувство. Не можеме да учествуваме во распределба на извршната власт и да одиме во коалиција со политички партии чии раководители пред странски информативни средства приме германската телевизија чија програма емитирана пред австралиската државна телевизија говорат и тврдат дека на територија на Република Македонија живеат Срби, Бугари, Грци и Албанци, а не Македонци и да се залагаат Македонија да не биде меѓународно државно призната. Овој принцип ние не можеме да го примиме за рамноправен партнер и треба да направиме разлика ние не говориме да не соработуваме со албанците, меѓутоа, затоа што се работи за лидери на ПДП и НДП, а тие се овде во коалиција на оваа Влада ние не можеме да прифатиме и да гласаме за Влада чии првенции говорат дека на оваа територија не живеат Македонци. Ова е националното чувство кое не ни дозволува да со вакви луѓе,, со ваква партија, со ваква програма ние учествуваме. Меѓутоа, со албанците кои ќе сфатат и ќе знаат дека се живее во држава Македонија во која постои македонски народ и националности, а тие се еден дел од националностите ќе соработуваме на принцип граѓанин. (Реакција од еден пратеник во салата) јас на никој не му приговорив тоа е едниот дел за кој ние се одлучивме да не ја подржуваме Владата.

Од друга страна оваа иста пратеничка група односно коалиција ПДО-НДП се залага да земе извршна власт, меѓутоа што прави на 17.IV. оваа година прогласува држава Илирида. Дали тука патриотизмот ќе ни дозволи да некој на територија на Република Македонија може да признава признавање на други држави. Ако искреност во соработка, сожителство тоа беше само форма да се говори од оваа говорница или да се оди, па ние сакаме сожителство, меѓутоа бараме практично федерализам и самостојна држава. Партијата на која јас припаѓам не мисли Македонија да ја дели

на ваков начин. Што другите партии кои влегле во коалиција со овaa партија, мислат тоа е нивна работа, нивна цел како ќе се оправдаат пред македонскиот народ тоа нека си го чина, јас не можам да навлегувам во тоа.

Уште една работа овие пратенички групи кои бараат власт кога се работеше за системските закони имаа испробан систем. Секогаш ја напуштаа оваа собраниска сала и си одеа на нив им пречеа системските закони. Ако не е вака немаме сожителство. Ако не е ова ние ќе си одиме и на крај во Изборната комисија говорам затоа што овде не беа членовите на Уставната комисија кога се работеше за химната не ја сакаат химната Денес над Македонија поради текстот што во неа стоел "Македонците се борат". Ова е патриотскиот дел кој на мојата партија не и дозволува со такви факти и со такво сфаќање во таа партија не можеме да имаме заедничка Влада.

Вториот дел односно четврти, се извинувам, се прокламираше дозволата за изградба на црква на Шар планина дека тоа никогаш не било место населено со македонски етноси, така практично тоа не било територија на македонците и таму црква не смее да се гради, а ако се гради да се очекува војна. Јас како македонец и мојата партија не можат да дозволат некој да се залажува за изградба на свето место ќе отвора војна. Ако некој од говорниците бараше факти зошто ВМРО не сакал да учествува јас мислам дека ова се факти, ако не е тоа така нека стане некој јас ќе се покорам и ќе се повлечам.

Еве уште едно, за држењето и одењето на мировна конференција за разврска и решавање на проблеми со бивша Југославија и мирот во Босна и Херцеговина и оние делови каде се води војната.

XVIII/7

Паралелно со државната делегација на Македонија се јави делегација на Косово, придружник на таа делегација беше и претседателот на ПДП господин Невзат Халили. Јас незнам зошто сега ни треба на Македонија да отвораме фронтови со Србија, да решаваме што е проблем со Косово, чија територија е. Господа во основната програма ВМРО-ДПМНЕ што ја прогласи во 1990 година пред почетокот на изборната кампања дека Србија ја признава како држава ние остануваме и сега на таа теза, тоа е наша трајна определба, а Косово е територија на Србија, како ќе се определува внатрешно и што ќе биде организми. рано, до кој степен јас мислам дека македонската Влада има Македонија како држава не треба а и ние како партија да се занимаваме со тоа прашање.

XIX/1.-CC/МЛ

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Кој не верува ќе го упатам на дневниот лист "Нова Македонија" од ден 15 ноември 1990 година, програмата во целост е објавена и мислам дека во точката 4 е точно ова напишано дека ВМРО како политичка партија ја признава Србија како самостојна и независна држава.

(Од редовите на ПДП се слуша - Во Солун да го кажеш тоа а не овде).

Што значи идеолошки побуди и недоразбирања?

СДСМ беше повикан за разговор, заедно со ВМРО-ДПМНЕ да бидеме во коалиција и формираме Влада, со право оние кои сакаат таа Влада да ја поддржуваат да имаат слободен пристап. Во овие преговори лично учествував. Беше прашање практично чиј да биде лидерот, односно мандатарот на Владата. Ние соопштивме едно име, ги дадовме нашите услови, а преговарач на другата страна беше сегашниот мандатор. Се договоривте да се состанеме после извесно време да го продолжиме разговорот. До тоа не дојде. Само ќе кажам една успатна работа што требаше да се чуе и да се знае. А тоа е што беше нашиот предлог за да можеме да го чуеме предлогот на другата страна. Одговорот беше - е, амбициозно е.

Вториот дел, надоврзан на одговорот, ако дојде да преговараме СДСМ да биде тој кој ќе има мандат, ќе треба да разговараме со исти зборови. Меѓутоа, имавме едно предвид, затоа што Македонија како држава ќе треба да има меѓународно признавање, одлучивме гласините што одат во странство дека на територијата на Македонија се создава нова комунистичка држава ќе го надминеме со фактот иако претседателот на Република Македонија Киро Глигоров е од таа пратија, ние, со истакнување на премиер кој ќе биде од нашата партија ние, како демократска партија ќе

ставевме една рамнотежа, едно навистина фактичко убедување на соговорниците дека настануваат промени. Да не се дојде со фактот комунист премиер, односно шеф на државата, претседател на државата и претседател на Владата. Кому ќе докажеме поинаку дека имаме демократски превирања? Никому. Откако тоа не го добивме ние рековме, од идеолошки причини не можеме да учествуваме во Владата.

Господа, ова се фактите на кои се заснива нашето патешествие околу создавањето и одлуката да не гласаме за оваа Влада.

Јас лично, има меѓу нас некои колеги кои говорат одделно за личности. Јас не сакам да се бавам за таа работа. Тоа го кажувам во свое име. Тврдам принципиелно, принципи и на тоа што сме ние работеле, зошто до ова вакво становиште во партијата дојдовме. А не, некој да ни каже не, не можете, немавте... Господа, да ви биде јасно, вие не прекорувавте секогаш. Оваа Влада што и изгласавме недоверба, ако и изгласавме недоверба е ВМРО-овска. Па ние можевме истата Влада да ја предложиме. Еве ви Влада составена за еден минут ако тоа било причина да нема некој. Таа Влада била на власт, па од интерес на власта ќе останеше на власт.

Дозволете, мандаторот, земам условно, не сум го слушнал лично, наводно на "дали слушате радио" или некоја друга емисија рекол дека требал да ги подготви изборите и со тоа да се за- врши работата на оваа Влада. И, јас се согласувам дека треба да се оди на нови избори. Тоа воопшто не е спорно. Меѓутоа, господа, ќе беше чесно и достоинствено на постојната Влада која има уставно овластување да ја врши должноста, крајно, да кажеме и до избор на нова Влада, да одиме малку полиберално, да бидеме пoслободни, од она толкување што ќе го кажам после, го имам,

таа да ги подготвеше тие закони, па ние овде што седиме од одредени партии во овие собраниски клупи да бидеме слободни и да дозволиме друга Влада практично да ги спроведе тие избори, да не може да се приговори - е, овие партии што се во Парламентот си прават услови, си прават изборни системи, а вонпарламентарните партии да бидат изиграни. Демократијата ќе имаше цел и смисол ако навистина така се спроведеа тие избори.

Поради тоа јас држам и предлагам, согласно на одредницата во член 10, став 1 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија да се остави постојната Влада да ги подготви системските закони и ова Собрание ги донесе, а ние тогаш, навистина на еден демократски начин да излеземе на парламентарни избори. Јас сум должен да го известам ова Собрание дека лично уверувајќи се дека одредницата од член 10, став 1 на ова Собрание ќе му даде право да ја разреши Владата само во случај ако Владата има вина, Собранието за вина на Владата не расправаше. Се повикуваме...

(Реакции во салата)

Дозволете, без реакција, без ништо.

Една работа, кој што тврди и што мисли, ако јас грешам има стенограм. Не дојде на Владата да и се изгласува недоверие поради вина.

(... реакции во салата)

Од оваа иста говорница, имаат право господине претседателе да реагираат, имаат право и да, меѓутоа само ќе направам едно отстапуваше од говорот да кажам, и за мене тоа се однесува, ако не сакам некого да слушам и ако ми пречи парламентарната демократија познава еден институт - излегување од сала. Па, ако не ви е драго па излезете господа и

нема да ви пречи никој. Јас ќе говорам  на празна сала. Ама, стенограмот ќе биде составен дел на записникот.

Сакам да кажам дека пред Уставниот суд на Република Македонија поднесов предлог за испитување на уставноста, дали ќе можеме ова да го чиниме или не. Денеска поднесов и предлог за издавање на времена мерка. Уставниот суд заседавал во 10 часот. Почнал, меѓутоа кога и дали завршил со седницата незнам. Меѓутоа само е работено да се подготви материјал за работа. Не сакам ништо да кажам повеќе од она при очекување на една одлука, не е задолжително, меѓутоа е пожелно да се дојде до вистината.

Да завршам, да не говорам од памет ништо, јас се повикувам на дел од напис во дневниот лист "Нова Македонија" печатен на 21 август оваа година и ќе морам само за нетрпеливите пратеници на ПДП и НДП да го прочитам овој текст.

"На 15 август годинава, на државната телевизиска станица "СБС" Австралија во рамките на мошне гледаната емисија беше емитувана емисијата на германската телевизија насловена "Македонија и вистината околу неа". За таа цел, германската телевизија направила интервју со грчкиот премиер Константин Мицотакис со министерот за односи со странство на Република Македонија Денко Малевски, со министерот за надворешни работи на Бугарија Стојан Ганев и со други политичари од соседните држави. Во емисијата зборуваа и лидери на албанските партии во Македонија на ПДП и НДП", се вели во реагирањето на Македонскиот информативен центар од Западна Австралија испратено до средствата за информирање.

Понатаму се вели:

"Најмногу не изненадија и не огорчија изјавите на лидерите на ПДП и НДП кои изјавија дека во Македонија нема Македонци и дека тие можат да бидат само Албанци, Бугари, Срби и Грци". Господа, често пати од оваа

XIX/5.-

говорница се употребуваше дајте докази, а пред доказите и силата е слаба.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Стојановски беше последен говорник од пријавените.

Господинот Стојков бара процедурална интервенција.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас нема да должам, ќе бидам многу краток.

Бидејќи сеуште не е утврден дневниот ред за 49-та седница, мислам, како што е предложен со една точка, т.е. избор на нова Влада, па кај мене има некои дилеми согласно на Уставот член 89 став 2 каде се вели дека претседателот и министрите не можат да бидат пратеници во Собранието, што значи дека во момент на избор, а верувам дека ќе биде избрана оваа Влада, обезбедено е тоа коалиционо мнозинство на 61 пратеник, во моментот кога ќе бидат избрани претседателот на Владата и двајца министри во исто време ќе бидат и избрани функционери во Владата и пратеници.

Затоа мислам дека треба да се примени членот 65 односно пред да биде оваа точка на дневниот ред, овие тројца пратеници, согласно членот 65 став 1 каде се вели дека пратеникот може да поднесе оставка...

(Реакција во салата).

Јас се извинувам, меѓутоа сакам да напомнам исто така дека господинот независен пратеник Тодор Петров пред некаде пет минути до Собранието на Република Македонија достави бараше за автентично толкување на членот 89. Значи, не само кај мене, туку постои дилема и кај одредени други пратеници.

Затоа, без разлика вие што сакате да кажете, меѓутоа честото непочитување на овој Устав на еден таков начин кој беше прогласен дека е граѓански, дека сите ќе се залагаме за почитување на Уставот и законите, мислам би требало за ова најмалку да се произнесе ЗПК.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Наќе Стојановски за процедуралното прашање.

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Многу толкувачи на Уставот, многу толкувачи на Законот во овие два дена поминаа овде, што е едно чудо. Јас си зедов за обврска дека нема да зборувам додека не се усвои дневниот ред, но со оглед дека толку толкувачи се јавија и изнесоа максимум дилеми што можеа да изнесат, што ги бараа во Уставот, во законите, во Деловникот, во процедурални забелешки итн., треба да се каже нешто и не треба да се каже нешто. Полно дилеми овде беа расчистени кажаа некои колеги, на начин што го образложија целото толкување по однос на обидите за оспорување на уставнота и законитоста.

Јас само сакам само да дополнам нешто во контекстот на тоа дека сите толкувачи, такви, што се повикуваат во однос на примената на членот 10 и толкувањето на Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија, од оспорувањата на одредбите на Уставот за составот _ на Владата дека таа се состои од премиер и министри кое не коинцидира со предлогот на мандатарот на новата Влада, да ги имаат во обѕир и следните одредби, нема да ги толкувам, само да ги прочитам и веројатно ќе им стане јасно и доволно е тоа.

XIX/7.-

Тоа е членот 6 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија кој дава правна сила на сите закони и прописи кои се во спротивност со Уставот на Република Македонија во рок од една година од денот на прогласувањето на Уставот на Република Македонија, а тоа е до 20 ноември оваа година. Сите акти преземени врз основа на тие закони во овој временски интервал произведуваат правно дејство. Јас само не можам да сфатам дека од толкав број на толкувачи овде, во Собранието, колегите правници кои се занимаваат со таа материја, намерно или ненамерно го пропуштија тоа. Јас очекував дека некој тоа ќе го спомне. Никој не го спомнува. Тоа е, со оглед на фактот, сите правници знаат, се работи за два концепти на устави. Еден стар и еден нов. Нов, сосема радикален во однос на стариот Устав за кој треба еден транзициски период и за која намената на Уставниот закон е тоа да го направи.

Од тој аспект извлекување на поединечни норми од новиот Устав и ставање во коинциденција со фактичката ситуација со која сакаме да ја покриеме не води до добри намери, туку треба да се гледа интегралниот текст на Уставот и интегралниот текст на Уставниот закон и да се читаат одредбите од законите. Во случајов од релевантниот закон за конкретниот случај, а тоа е Законот за Владата. Ако во контекст на тоа го погледнете член 4 од Законот за Влада ќе видите што во членот 4 пишува од тој закон и дека тој е сеуште на снага и ќе биде на снага додека Уставниот закон го овластува тоа. Тоа е 20 ноември 1992 година.

XX/1/нд/см

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ: (**Продолжение)

И дотогаш е обврска ова Собрание го доведе во согласност со уставните одредби. И дотогаш членот 4 од законот за влада ќе произведува правни дејства без со целосни правни последици без да има манливост.:И било каква постапка пред Уставниот суд, мора да се има тоа во предвид и Уставниот суд мора тоа да го констатира. Јас стојам зад ова лично и должен сум тоа да го кажам. Очекувам дека тоа другите ќе го кажат но сметам дека во таа' еуфорија, во сето тоа да се најде било каква мана, било каква хипотека уште на стартот во постапката на сето ова тоа се испушти на некој начин од кажувачите.

Второто прашање, затоа што често овде се зборуваше овие два дена дека претседателот на Републиката со доделување на мандат во целокупнанта постапка го злоупотребил правото,всушност го злоупотребил уставот и го прекршил уставот и законот.

Исто така, постои одредба за прекршување на уставот од страна на претседателот и законите и постои постапка која се проверува по демократски, уставен пат, самиот чин и сомневање дека претседателот како институција го има повредено уставот и Законот. Ниеден од тие силни критичари не се повика на тие одредби и всушност до овој момент не презеде никаква конкретна уставна акција во тој смер, туку од оваа говорница упорно се настојуваше да се докаже тоа, а не да се постапи согласно законот, да се поведе процедура ова Собрание со двотретинско мнозинство тоа да го потврди или го отфрли. Оттаму произлегува дека најважните забелешки што беа од процедурален, нормативен карактер за да се стави хипотека на оваа влада во стартот се од маркетиншки, хипотекарски карактер што може да се разбере од една страна? но стручните луѓе по таа проблематика требаше да имаат совест и да реагираат по тоа прашаше.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Бидејќи процедуралното излегување на пратениците после дискусијата на пратеникот Стоиле Стојков требаше да се однесува за примената на членот 89 став 2 од Уставот не ми беше јасно што одговараше на предлогот на пратеникот Стоиле Стојков претходниот дискутант од овде. Заради тоа што зборуваше за примена на член 6 од Уставниот закон, за што воопшто не ни стана збор по предлогот на Стоиле Стојков. Тоа е негов проблем. Меѓутоа, бидејќи расправата почна по излагањето на пратеникот Стоиле Стојков сакам да го кажам следното.

Многу пратеници овде кажаа дека се прават толкувачи на Уставот, јас еден од пратениците не го толкував автентично, бидејќи немам уставно право, барам само автентично толкување кое што во форма на предлог може да го даде надлежното работно тело на Собранието, Законодавно - правната комисија за примената на членот 89 став 2, а во врска со точката која се предлага на дневен ред - избор на нова Влада на Република Македонија, со следното образложение.

Член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија децидно определува дека претседателот и министрите на Владата не можат да бидат пратеници во Собранието. На предлог листата за нова Влада од мандаторот Бранко Црвенковски има тројца кандидати кои се пратеници во Собранието - Бранко Црвенковски, Туше Гошев и Аслан Селмани. Доколку се прифати предлогот за избор на нова влада, како единствена точка на дневен ред во моментот на гласањето тројцата кандидати пратеници меѓу кои и мандаторот во истиот момент ќе бидат и пратеници и членови на Владата.

(Реагирање на пратениците)

што е во спротивност со член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија. Затоа барам пред одлучувањето за дневниот ред на 49-та седница Собранието да утврди автентично толкуваше дали пред изборот на новата Влада е потребно пратениците кои се кандидати на листата на мандаторот Бранко Црвенковски да поднесат оставка на седницата на Собранието, што е во согласност со член 65 став 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, односно 1, 2 и 3 точка да бидат оставките на пратениците кои се кандидати на листата на мандаторот за состав на нова влада, а дури четврта точка да биде изборот на нова Влада, откако ќе се констатираат нивните оставки.

Инаку, според членот 65 став 1 од Уставот на Република Македонија "пратеникот може да поднесе оставка", а според ставот 2 од истиот член "пратеникот оставката ја поднесува лично на седницата на Собранието." Согласно членовите 238 и 239 од Деловникот на Собранието барам Законодавно - правната комисија, која е надлежна пред одлучувањето за дневниот ред да го изготви предлогот на автентичното толкување кое ќе му го поднесе на усвојување на Собранието. Затоа до добиваше на извештај од Законодавно - правната комисија за автентично толкуваше на член 89 став 2, а во врска со точката која се предлага во решението за свикување на 49-та седница, прекин барам на седницата за да Законодавно - правната комисија го подготви пред- логот на автентичното толкување.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас мислам го слушав господинот Стоиле Стојков и сметам дека не е вреден за коментар неговата забелешка затоа што уставната одредба е сосема јасна. Апсолутно, и никој не ја спори. Јас незнам од каде е загриженоста на господинот Тодор Петров да овде тоа прашање да се

актуализира и дека може на некој начин да се забили. Неспоиви се, инкотабилни се по Уставот тие две функции. И доколку се случи да оваа влада, која се кандидира добие доверба тие кандидати што се членови во таа влада, а истовремено се и пратеници пред објавување на резултатите треба да си поднесат оставка согласно Уставот и ова Собрание да ја прифати, да ја верифицира. Тоа е целата смисла. Одредбите се сосема јасни и не бараат никаква потреба од толкување или некакво неслагање. Не е ништо спорно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да. Собранието нема овластуваше по Уставот да дава овластување на уставни одредби- А Законодавно - правната комисија уште помалку. Според тоа барањето на господинот Тодор Петров воопшто нема основа по Уставот и не е во согласност со одредбите на Уставот.

Во член 68 на Уставот се вели што Собранието може да работи. Собранието го донесува и го изменува Уставот, а донесува закони и дава автентично толкување на законите, но не на Уставот.

Ве молам таква можност не постои. Затоа предлогот на господинот Петров уставно немам основ да го изнесам на изјаснување.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас не се јавив како овластен толкувач на Уставот, меѓутоа, кај мене постои дилема сеуште. Затоа согласно Уставот каде што се наброени ингеренциите на Уставниот суд, една од тие ингеренции е толкувањето на Уставот на Република Македонија. Ако не може ова Собрание, или Законодавно - правната комисија што претседателот добро го објасни, да го толкува Уставот, тогаш би требало Собранието да побара од Уставниот суд толкување на Уставот на Република Македонија, затоа што за мене постои дилема. Во еден момент поедини избрани функционери на новата Влада ќе бидат со две функции што е спротивно со член 89 од Уставот.

(Реагирање на пратениците).

XX/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, само да се чуеме.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Јас се извинувам, јас кажав дека не сум толкувач на Уставот, меѓутоа гледам дека од оваа страна

(покажува на десната страна)

од партијата СДС има многу завршени "правници и толкувачи на Уставот. Јас се извинувам на мојата маленкост што постои таа дилема кај мене

**НАКЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас сум посредно спомнат од завршените правници што го толкуваат Уставот од господинот Стоиле Стојков.

Искрено кажувам дека кога ќе стружам дома јас некој метален предмет секогаш ќе викнам мајстор, стручњак за тоа.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Господинот Наќе се повикува овде на членот 6 од Уставот и повторно ги спомнува што не се во согласност со одредбите на Уставот на Република Македонија ќе се усогласат во рок од една година од денот на прогласувањето на Уставот. Тоа е точно. Вие се повикувате на законот и на тој начин вие овде и натаму тврдите дека изборот на потпретседателите во составот на новата влада се во согласност со законот. Јас ве упатувам повторно на уставниот член 89 каде со уставот се одредува составот. Не станува овде збор за прашања што се одредуваат со закон бидејќи со закон се одредува организацијата и начинот на работењето, а секогаш составот на Владата се одредува со Уставот. Тој закон за кој вие зборувате имаше уставна основа со Уставниот амандман 76. Тој уставен амандман овозможуваше овој закон со кој се одредуваат потпретседателите уставен

основ, меѓутоа, сега тој Закон на Социјалистичка Република Македонија е во спротивност со новиот Устав. Јас затоа реков дека ние треба сега од тие причини да инсистираме на примената на член 1 од Уставниот закон,к каде стои дека Уставот се применува, значи директно денот на неговото прогласување и ако примената на одделни негови одредби со овој Уставен закон не е поинаку определено, а токму со овој случај поинаку не е определено, тогаш можеме да заклучиме дека поднесениот предлог за избор на потпретседатели нема уставна основа.

**ТОМИСЛАВ СТЕВКОВСКИ:**

Почитувани пратеници конечно успеа расправата да заврши. Од нашето учество во расправата можен е само еден заклучок-

На ВМРО-ДПМНЕ повраќањето на мандатот од страна на СДСМ му е нанесена неправда со повреда на Уставот од страна на претседателот на Републиката со повторувањето давање на мандат на СДСМ.

Со ова сметаме дека Уставот е искористен против ВМРО-ДПМНЕ кој што истиот е оневозможен уште еднаш да се обиде да образова Влада.

Изборот на Владата, вака како што се предлага е спротивно на Уставните овластувања и затоа ние како пратеничка група нема да учествуваме во утврдувањето на дневниот ред и во изборот на Владата.

Нашето учество би го сметале како согласност со против Уставното однесување.

Нашето отсуство е начин на борба за остварување на демократијата. Ние остануваме во зградата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро.

Господинот Голубовски бара процедурално да се изјасни.

XX/7

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

И ВМРО-ДП не сака да биде соучесник...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, ве молам нема партии овде.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Само пратеници, пратеничката група - ДП

(смеење во салата)

Не сака да биде соучесник на една политичка фарса, на една процедура која што ја оценуваме како штетна на националните интереси на Република Македонија и како пратеник и претставник на таа пратеничка група го напуштам понатамошниот тек на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и ги молам службите да утврдат колку пратеници има во салата.

73 пратеника се во салата.

Констатирам дека ни можеме да донесуваме одлуки.

Бидејќи е исцрпена расправата околу утврдувањето на дневниот ред, имавме еден предлог од господинот Петров и Собранието треба за тоа да се изјасни, а ако го повлекува треба да каже.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Не.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Петров даде предлог да не утврдуваме дневен ред за 49-та седница туку да продолжиме со работа по дневниот ред од 41-та седница.

Кој е за предлогот на Тодор Петров молам да крене рака (2)

(2)

Значи не е усвоен предлогот на пратеникот Тодор Петров.

Имаше предлог од пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ да се одложи расправата до изјаснување на Уставниот суд. Ве молам они си отидоа, но предлогот беше даден и тие не го повлекоа пред да си одат.

XXI/1.-ЛК/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, бидејќи не е повлечен тој предлог, го давам на изјаснување.

Кој е за предлогот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ да се одложи расправата за утврдување на дневниот ред додека не дојде одлука на Уставниот суд, нека крене рака. (Двајца пратеници).

Овој предлог не е усвоен.

Според тоа, овој предлог не е усвоен.

Сега нема дополнителни предлози.

Го давам предлогот што е добиен со решението за свикување на седницата на гласање. Тоа е: Избор на Влада на Република Македонија.

Кој е за овој предлог, молам да крене рака. (71 пратеник гласаше за овој предлог).

Дали има некој против? (2 пратеници)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека го утврдивме дневниот ред на оваа седница и тоа со единствена точка - Избор на Влада на Република Македонија.

Со тоа договорот што го постигнавме е завршен.

(Повеќе пратеници извикуваат од место "да продолжиме сега"

Ако продолжиме сега, тоа значи да го ислушаме излагањето на господинот Црвенковски.

Дали сте спремни сега да работиме? (Повеќето пратеници извикуваат "да").

Господин Пановски има некоја сугестија.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас предлагам ако може утре да продолжиме со работа, и така цел ден работиме, доцна е веќе и да се сторат усилби, ако

може утре да присуствуваме сите пратеници во целиот состав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има некој друг предлог?

Имаме еден предлог кој треба да го продискутираме и ако не бара никој збор, тогаш да го дадам на изјаснување.

За збор се јави пратеникот Мерсим Положани.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ**: (ПРОЦЕДУРАЛНО)

Координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ овде се изјасни дека нема да учествува ни во усвојувањето во дневниот ред ни кога ќе се гласа за Владата, така што немаме ние пречка од она што се договоривме пред тоа сега да го ислушаме експозето на мандаторот и да гласаме за Владата. Доста беа два дена.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас мислам дека треба. да ја сочуваме традицијата на работа во овој Парламент. Господинот Мерсим Положани многу убаво знае дека неговата пратеничка група неколку пати ја напушташе работата на ова Собрание па потоа повторно се враќаа, во меѓувреме се правеа некои преговори. Јас мислам да се даде барем една ноќ да преспие таа одлука, можеби пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ ќе се врати, а мислам дека би било добро за политичката ситуација во Македонија на гласањето за оваа влада да бидеме присутни сите овде во Парламентот, тоа е мојот предлог, вие како сакате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлогот на господинот Пановски го ставам на изјаснување.

Кој е за, молам да крене рака. (13 пратеници) .

Господа, овој предлог не доби мнозинство, меѓутоа да размислиме дали не е добро да ја одложиме седницата, јас сам сакам сега да видиме. Гласавме, вред е, но бираме Влада, да направиме на- пор да биде во еден полн амбиент овде.

(Од место се слушаат зборовите "нема да дојдат").

Добро, значи предлогот не доби мнозинство, продолжуваме со работа.

Минуваме на **<u>првата точка</u>** - <u>Избор на Влада на Република Македонија.</u>

Со оглед на карактерот и значењето на гласањето што се предлага да се разгледува на денешната седница, се договоривме да немаме други точки.

Дали се прифаќа да нема други точки на дневен ред? (Се прифаќа). Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Преминуваме на дневниот ред - Избор на Владана Република Македонија.

Изборот на Владата на Република Македонија се врши според постапката утврдена со Уставот на Република Македонија, Законот за Владата на Република Македонија и Привремениот деловник на Собранието на Република Македонија.

Претседателот на Република Македонија мандатот за состав на Владата му го довери на кандидатот на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија Бранко Црвенковски. Програмата на Владата и предлогот за составот на Владата ги образложи мандаторот Бранко Црвенковски..

Има збор Бранко Црвенковски. Но пред тоа пратеникот Ефтим Манев сака да каже нешто.

XXI/4.-

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Имам еден предлог. Јас би постави уште едно процедурално прашање, имено дали сметаме дека ќе биде многу покорисно оваа вечер во овие часови мандаторот да ја изложи својата програма или ќе биде потребно пред овој Парламент после овие два дена расправии и најразлични уговарања по однос на составот на Владата, ми се чини дека ќе биде неопходно потребно претседателот на Републиката да биде присутен. Веројатно ќе има и тој да каже нешто пред да каже мандаторот на Владата.

Од тие причини го поддржувам предлогот на пратеникот Пановски и предлагам седницата да престане сега за да продолжиме утре.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, меѓутоа ние по тоа прашаше се. изјаснивме. Единствено релевантно е мислењето на мандаторот сега, бидејќи Собранието се изјасни. Ако на мандаторот за неговото експозе сега му е потребно да се осврне и на некои излагања што беа вечерва ч попладнево, да даде компетентен одговор доколку мисли дека имало такви излагања, тогаш се разбира Собранието треба да му излезе во пресрет. Затоа, треба да го прашаме господинот Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас не знам дека има таква процедура или такви правила де- ка мандаторот треба да се изјаснува за таа работа и мислам дека не е меродавно тоа мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не да се изјаснува туку своето излагање да го прилагоди и на тоа.

XXI/5.-

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Инаку, морам да ја искажам мојата лична желба и порадосен би бил, без разлика дали сите пратеници би ја поддржале Влада- та, кога ова сала би била пополна и со присуство на сите парламентарни групи, по можност н на сите пратеници. Се разбира, тешко е да се очекува дека било кога во иднина ќе се избира Влада едногласно, веројатно секогаш ќе имаме прилика кога едни ќе гласаат "за" други "против". Одлуката ете на една парламентарна група и на уште еден претставник, уште еден пратеник во Собранието ја слушнавме пред малку и мислам дека сепак Собранието е меродавно да одлучи дали вечерва да продолжиме со работа или не.

Јас само можам да ви го кажам лично моето чувство, а тоа е дека би сакал сепак оваа работа да се расправа ако е можно пред полн Парламент, односно пред полна парламентарна сала. Сепак, вие кажете дефинитивно, вашата одлука нека биде дефинитивна.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Во име на пратеничката група на СДС барам пауза од 15 минути.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, пауза 15 минути. (Пауза од 20,30 до 21,00 часот).

Ги молам службите да ми дадат точен број на присутни пратеници.

Во салата се присутни 72 пратеници и констатирам дека Собранието може да одлучува.

Пратеничката група на СДС бараше пауза. Го молам пратени- кот Љупчо Поповски после консултациите да го извести Собранието за резултатот.

XXI/6.-

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со цел да се создаде погоден и примерен амбиент како што доликува на чинот на избор на нова Влада на Република Македонија, предлагаме седницата на Собранието да продолжи со работа утре во 10 часот, а времето да биде искористено во дополнителни консултации да се обезбеди сите пратеници односно парламентарни групи да присуствуваат на утрешната седница. за е нашиот предлог.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во тој случај, бидејќи по оваа консултација се произнесоа за и другите пратенички групи, да направиме сите напори утре точно во 10 часот да продолжиме со работа.

(Седницата прекина во 21,05 часот).